УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ "ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**МАГИСТЕРСКА РАБОТА**

# СОЦИЈАЛНАТА СТРАТИФИКАЦИЈА И ЛИБЕРАЛНИТЕ МОДЕЛИ НА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА -ПРИМЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МЕНТОР:**
**Проф. Д-р МИРЧЕВ ДИМИТАР**

**КАНДИДАТ:**
**ВУЧЕВ ЗОРАН**

**СКОПЈЕ, 2002 ГОД.**

## СОДРЖИНА


Вовед 3

Идентификација на проблемот и поимното определување на предметот на истражување 7

**I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

1. Историски осврт на развојот на социјалното пазарно стопанство 15

2. Иднината на третиот пат во доменот на социјалната политика и социјалната стратификација во одделни земји 20

2. 1. Нови трендови во развојот на средната класа во Британија, Франција, Јапонија и новата средна класа во Централна и Источна Европа 25

3.Најави за третиот пат во доменот на социјалната политика во Р. Македонија 35

4.Значење на темата за истражување од аспект на социјалната политикаи и социјалната стратификација во Р. Македонија 40

4. 1. Проблемот во доменот на невработеноста 47

4. 2. Проблемот во доменот на пензиското и инвалидско осигурување 48

4. 3. Проблемот во доменот на социјалната заштита 49

4. 4. Проблемот во доменот на здравственото осигурување 50

4. 5. Образовната структура на населението во Р. Македонија 51

**II ЕМПИРИСКИ ДЕЛ**

1. Методи на истражување 53

2. План на истражување 59

3. Квантитативна и квалитативна анализа на добиените емпириски податоци од спроведеното истражување 60

4.Корелации на селектираниоргинални белези 80

5.Корелации на изведени белези 80

6.Тестирање на X2 тест на селектирани табели 82

9. Заклучни согледувања 106

10. Библиографија 120

Прилог на анкетниот прашалник

# ВОВЕД

Социјалната политика според дефиниција остварува одредена значајна улога на општеството преку превземање мерки со цел да се подобрат или да се променат условите на материјалното или културното живеење, согласно со прогресивниот развој на социјалното право и со економските и политичките односи на државата во дадениот момент.

Според тоа социјалната политика како државна и општествено –практична, но и научно фундирана област ги третира човечките потреби и проблеми па според тоа влијае и врз остварувањето на целите на глобалниот општествен развој на земјата. Поради тоа, современите теоретичари од оваа област го потенцираат нејзиниот опшетсвен аспект во современите прилики, истакнувајќи дека преку неа се остварува хуманоста на демократското општество. Најилустартивна потврда на оваа констатација е кога вредностите на социјалната политика се сметаат за сигурен критериум на политичката зрелост и цивилизациски престиж, а социјалните реформи како основа на голема иднина на секоја земја.

Додека демократичноста кај нас се конституира како начин на живот, ние мораме да инсистираме на солидарност со сите економски, правни па и вонекономски мерки.

Дотолку повеќе, што кај нас веќе од ден на ден се зголемуваат маргиналните групи на неуспех, економскиот развој и потчинетата положба на социјалната политика од времето на договорната економија. Голем број од населението е надвор од пазарот на трудот, а бројни генерации кои излегуваат од универзитетските клупи, не остваруваат право на работа. Исто така, се нема јасна престава за минатиот и тековниот труд за генерацијата. Тоа уште подрастично се гледа во несреќната судбина на стечајните работници, печалбарите, сезонските работници и сл. Кога кон наведените неповолни околности ќе се додадат и останатите објективни состојби на посткомунизмот (недостаток на продукција на пазарното стопанство, неразвиен капитал – иницијатива и нестабилизиран слој на работодавци, неизграден и плурализиран синдикат, и не изградена современа ефикасна држава), лесно е да се констатира дека дури и институционалните претпоставки на секоја социјална политика, како што се социјалните партнери (синдикатот на работниците, синдикатот на работодавачите и државата), не го поседуваат соодветниот субјективитет за да можат да одговорат на потребите на современта социјална држава.

Имено, со Уставот на Република Македонијаод 1991 година се втемелени определен број на вредности на уставниот поредок (член 8), меѓу кои спаѓаат: хуманизмот, солидарноста и социјалната правда. Тоа се всушност и принципите врз кои се темели социјалната држава за која се определи Република Македонија по своето конституирање како независна држава. Од овие темелни вредности произлегуваат повеќе уставни права на граѓаните меѓу кои се: право на социјална заштита, здравстевана заштита, право на образование, право на слободен избор на

вработување со кои ќе можат да ги задоволат своите егзистенцијонални потреби на научно, уметничко и други видиви на творештво.

На сите општествени субјекти кај нас: политички партии, државни органи, невладини организации, здруженија на граѓани, хуманитарни организации, образовни установи итн, кои што ги прифаќаат темелните вредности на нашиот Уставен поредок па разбирливо им се блиски идеите на слободите и правата на човекот и на граѓанското општество. Слободно може да се каже дека овие темелни вредности се универзални и дека се застапени во програмите на поголем број на политички партии во Република Македонија. Меѓутоа, во практиката многу од нив се соочуваат со дилеми, интереси и притисоци, или пак несвесно прифаќаат поинакви и спротивни вредности. Од друга страна пак, за нашата земја е битно во неа да преовладуваат овие вредности, што е впрочем интенција и услов на нашето приближување кон Европската Унија.

Во ова истражување, сакаме да провериме кои вредности се прифатени од одделни социјални слоеви, и дали припадноста на одрден слој влијае за прифаќањето на специфичните вредности.

Конкретно нас во ова истражување не интересира кои слоеви ги прифаќаат вредностите на либералната концепција во доменот на социјалната политика.

Во ова истражување сакаме да провериме дали постои разлика помеѓу припадноста на одредени општествени слоеви и прифаќањето на одредени вредности во социјалната политика.

Според наше согледување епистемолошко, проблемот на истражувањето и од научен и од практичен аспект е значаен бидејќи:

- Во Република Македонија, за социјалната стратификација има поедини парцијални истражувања, но во друг контекст. Либералниот модел на социјална политика досега не бил предмет на истражување. Имено, во постоечката научна литература не може да се најде нешто конкретно за оваа проблематика;

- Практичното значење на овие вредности е универзално. Овие вредности се од големо значење во доменот на социјалната политика и стратегијата за иднината која ќе ја гради нашата држава. Овие показатели претставуваат посебен придонес за социјалната политика како модел;

Поголем број критичари на "државата на благосостојба", укажуваат дека е таа многу скапа и дека не ги постигнува очекуваните ефекти. Така, Nathan Glazer смета дека "државата на благосостојба" не ја има остварено својата функција бидејќи" бројот на корисниците на социјалните услуги е зголемен, усложнет е криминалот, сиромашните квартови не само што останале, туку уште повеќе се прошируваат, сиромашните населби стануваат се повеќе погодени со социјални проблеми, напуштено школување и патологии од секаков вид. Имено, критиките покрај другото, во сушитина се однесуваат и на фактот дека денешната држава стана многу голема и скапа, со што пред се го оптоварува стопанството.

Овој труд е поделен на два дела и тоа на теоретски и на емпириски дел:

Задача на оваа тема во теоретскиот дел која ја избравме е да се укаже на историскиот осврт на социјалното пазарно стопанство , иднината на третиот пат во

доменот на социојалната политика и социјалната стратификација во оодделни земји , новите трендови во развојот на средната класа во Британија , Франција, Јапонија и новата средна класа во Централна и Источна Европа, најавите за третиот пат во социјалната политика во Република Македонија, да се укаже на петте домени кои се значајни за социјалната политика и социјалната стратификација во нашата држава а тоа се проблемите на :невработеноста,пензиско инвалидското осигурување, социјалната заштита, здаравственото осигурување и образовната структура.

Емпирискиот дел на трудот го сочинуваат методот на истражување, пристапот, инструментот на истражување ,преставување во форма на прегледи на социо-демографските карактеристики на испитаниците, мислење на испитаниците за најважните општествени проблеми кои ги засегаат во секојдневното живеење, табеларно преставување на корелации на селектирани оргинални белези, корелации на изведени белези и тестирање на x2 тест на селектирани табели.

Во ова истражување тргнуваме од **претпоставката** дека либералните вредности повеќе се застапени со граѓанскиот статус на човекот за суштината на граѓанското општество, кои се најмногу изразени и рефлектирани во средните општествени слоеви. Тоа значи, претпоставуваме дека припадноста на средниот или средните слоеви најмногу влијае на генерирањето, приемчивоста и усвојувањето како и акциското изразување на **либералната свест и вредности на социјална политика.**

Па сепак, нашата претпоставка е дека **високиот општествен статус и слој**, повеќе се наклонува и инклинира кон **конзервативни вредности на социјална политика**, кон елитизам и недемократичност, кон институционализирање на нееднаквоста меѓу луѓето и употреба на моќта во лични и групни цели. Тоа е пред се заради задржување и зачувување на материјалниот и социјалниот статус и привилегии што произлегуваат од статусот. Овој слој главно се залага за општества status-qvo и за неменување на неправичните општествени односи.

Доколку социјалниот статус на социјалниот слој е во горниот дел на социјалната пирамида поголемо е влијанието во одлучувањето и креирањето на социјалната политика, и отука се очекува да преовладува конзервативната концепција.

На крај, претпоставуваме дека **колективистичките вредности** најчесто произлегуваат, се создаваат и изразуваат во нискиот општествен слој, т.е. меѓу невработените и кај ниско доходните занимања, кај оние без образование и квалификации, со низок животен стандард и услови итн., тие социјални и групни белези предизвикуваат-екстремизам и радикализам, револуционерност, барања за социјална и материјална еднаквост и правда, за промени на системот на и недемократски начин итн.

Во Европската Унија се почесто се размислува за опоциите "Трет пат", "Нов центар" и "Еднаквост на шанси и еднаквост на можности", што значи дека државите се повеќе размислуваат за рестриктивна социјална политика, а тоа повлекува мали социјални трошоци во доменот на социјалната политика и насочување кон основните слободи и права за човекот и граѓанинот, владеење на правото, правна заштита на сопственоста, социјална правда, слобода на пазарот и

предприемништвото, локална самоуправа, почитување на општо прифатените норми на меѓународното право и др.

Грижата за граѓаните во западно европските земји се повеќе се префрла од државата на поедини државни региони, како регионална распределба на ингеренциите за потребите на граѓаните, општината како носител на локалната самоупрва и семејството, за на крајот да ја префрли одговорноста на самата индивидуа и нејзините потенцијали кои ги поседува.

Оваа распределба на одговорност, најверојатно во иднина ќе преставува посебен интрес и кај нас, затоа што со самото приклучување кон овие Европски глобални тенденции ние сме обврзани да ги следиме и прилагодиме обврските кои ни се поставуваат од страна на Европската Унија, Советот на Европа и др., бидејќи од нашата слаба економија не сме во состојба да издвоиме големи средства за социјални трансфери.

Во овој неколкугодишен изминат период праксата покажа дека средствата за социјални трансфери се обезбедуваат по основ на кредити, за кои државата се задолжува се повеќе, наместо тие средства да се инвестираат за развој на економијата.

Доколку за овој тренд на рестриктивна социјална политика се повеќе се размислува во Европската унија и Светот, а ние сакаме да сме дел од оваа светска глобалицзација, ние сакале или не, ќе мораме што побрзо да ги имлементираме овие правни прописи и кај нас.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ПОИМОВО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДЕМЕТОТ НА ИСТРЖУВАЊЕ

Со дефинирање на предметот на истражување имаме за цел да го дефинираме секој поим на пр.: што е социјална структура и слоевитост, која е слоевската распоредба, кои се либералните вредности и што се опфаќаат, а што не.

Во социолошката литература, на клучниот поим "**стратум**", "**слој**" во стратификацискиот концепт и клучниот поим "класа ", во класниот концепт им се придава различен теориско- епистемолошки статус или значење. Имено, еден број на социолози општествениот слој го сметаат за реална општествена група или реален општествен облик, а не апстрактно аналитичка конструкција или статистичка групација (Haralambos, Heald, Milič и др.). Како реален општествен облик општественуиот слој има три основни белези:

1) Тој е составен од лица со слична општествена позиција, а понекогаш како реална општествена група има одредена конкретна функција во општествената поделба на трудот;

2) Слојот пртеставува општествена рамка во која се одвива поголемиот дел на сите општествени односи на неговите припадници кои не произлегуваат директно од положбата во општествената поделба на трудот и не се регулирани со основната општествена организација. Се работи за широката свера на неформални меѓучовечки и општествени односи, при што според својата важност се истакнуваат и тоа: склопувањето на пријателството и брачните врски, заедничкото ангажирање во различните облици на борбата за одредени интереси на слојот и учеството во заедничките облици на одмор и разонода;

3) Трета особина на слојот е сличен начин на живот и сличност во низа културни карактеристики, почнувајќи од сверата на образованието, јазичните специфичности и вкусот до најосновните етичко - културни вредности и идеали, (Георгиевски, П., 1998,: 272).

**Општествена слоевитост е** поим кој во рамките на теоријата на социјалната стратификација се употребува да означи постоење на различни општествени слоеви во рамките на тн. општествен простор.

**Соицијална стратификација** преставува еден аспект на социјална структура, која ги рангира поединците и групите во однос на приходот и статусот. Статусот или позицијата што поединецот ја има во општеството, влијае на многу начини. Поимот 'стратификација' доаѓа од латинскиот збор stratą што значи слој. Во социјалните науки, поимот стратификација (слоевитост) се употребува за означување на различните општествени слоеви во тн. општествен простор. Кога ќе се каже "општествен слој", пред сé се мисли на група на луѓе кои имаат повеќе заеднички карактеристики, како што се определени функции, занимање, старост, имотна состојба, степен на образование. Нееднаквоста е стратификувана ако постојат најмалку два услови и тоа: ако нееднаквоста е институционализирана и ако е базирана врз припадноста во некоја категорија (социјална, етничка, староснa).

Во анализата на општествените слоеви се познати два пристапи, **објективен и субјективен.** Општествената позиција што поединецот ја зазема врз основа на општествена улога, претставува место во распределбата на материјални добра, општествена моќ и углед. **Објективниот пристап,** општествениот слој го анализира со индикатори како што се приходот, степенот на образование, занимањето, и позицијата во општеството. Тоа се показатели кои објективно ја лоцираат општествената положба на поединецот во општествениот систем; освен тоа што поединецот има слична положба, тие исполнуваат и сличен начин на живот, општествени меѓусебни односи, поседуваат слични, заеднички, психолошки и културни карактеристики.

**Субјективното сваќање** на општествениот слој се базира врз проценката на поединецот за сопствената припадност на општествените групи. Општествената положба е проценка, субјективна или објективна на важноста на општествената улога, што ја има поединецот во општеството, односно угледот што го ужива во очите на другите луѓе. Секој член во општеството има своја општествена улога која е определена од положбата на трудот и други фактори како што се: полот, економската моќ, и слично. Секој статус е поврзан со една или повеќе улоги или однесување што се очекува од личноста, припадник на еден конкретен статус.

За **престижот,** како димензија на општествената стратификација се употребува и терминот "углед". Луѓето во своите интеракции меѓу себе се споредуваат и рангираат според тоа колку и како тие ги заработуваат парите (нивните занимања), како тие ги трошат тие пари (нивната "потрошувачка класа"), кои се тие (нивното потекло), кого тие познаваат, со кого се дружат "со кого си таков си" колку се успешни, колку се познати во непосредната, па и во пошироката јавност и колку се почитувани. Престижот преставува респект (почит), послушност, општествена почит што другите ја изразуваат спрема одрдена личност или семејството. Престижот на индивидуата се базира врз повеќе критериуми: семејното потекло, реонот на дејствување, стилот на облекување, говорот и членувањето во одредени клубови.

**Моќта,** една од трите димензии на општествената слоевитост е моќта која обично, но не и во сите случаи е тесно поврзана со богатството (имотот). Макс Вебер како автор на димензиите на општествената стратификација моќта ја *определува како можност на наметнување на вољата на една врз друга личност,* дури и кога оваа втората тоа не го сака. Според Џ. Лајт и С. Келер сметаат дека моќта е способност да се мобилизираат колективните енергии, залагања и напори. Тие разликуваат **лична, општествена, формална и неформална моќ**. **Личната** моќ тие ја определуваат како слобода на избор и креирање на сопствената судбина. **Општествената** моќ е способност да се влијае врз јавните работи, дури и ако другите се спротиставуват. Под **формалн**а моќ или авторитет се подразбираат привилегии што следат легално со функцијата како што е председателствувањето со државата или со компанијата. Под **неформална** моќ се подразбира влијание и знаење како и кој да ги повлече "конците зад сцената"

Поимот моќ е тесно поврзан со поимот власт, но е погрешно да се изедначуваат, бидејќи моќта е поширок поим од власта. Терминот "власт" означува моќ која се заснова врз присила која е формално-правно легализирана.

Познатиот социолог Рајт Милс нагласува дека челновите на владата, војската и бизнисот во САД ја сочинуваат "елитата на моќта". На ова се надоврзуваат Лајт и Келер, кои сметаат дека луѓето на елитата, се оние кои ги донесуваат одлуките што одредуваат како другите луѓе ќе живеат. Тие се движат напред и назад меѓу приватниот и јавниот сектор, при тоа ни за момент не заборавајќи кои се тие, кои се нивните пријатели или каде лежат нивните интереси. Тие поднесуваат сметка само пред самите себе, релативно имуни на јавните притисоци и јавните интереси.

Повеќедимензионалната карактеристика на општествената слоевитост и општествените класи доведува до тоа да е возможно да се има неконзистентен, индивидуиален статус во стратификацискиот систем. Неконзистентниот статус е наспроти конзистентниот кај кој трите димензии: имот (богатство), престижот и моќта кај иста индивидуа, речиси се еднакви и рангирањето е попрецизно. Неконзистентниот статус се јавува кога индивидуата се рангира високо на една или две од трите димензии, а пониско се рангира според третата димензија. Неконзистентноста на статусите на индивидуите обично е карактеристика на средните општествени слоеви, "белите јаки ", додека за високите слоеви, а особено кај елитите имотот, престижот и моќта се совпаѓаат и поединечно и во целина високо се рангираат, и обратно, кај работниците и широките сиромашни слоеви незначително поседување на имот, мала моќ и речиси без престиж, (Георгиевски П., :277-283).

Истражувањето на срдените слоеви, нивната положба и структурираност во општеството го постави прашањето за "линијата на разграничување" помеѓу ниските, средните и високите слоеви на стратификуваната скала. Во литературата се применуваат критериуми на разграничување, а познати се оние кои слоевите ги делат во однос на постоење на системот на привилегии и дискриминација, без сомнение, имплицираат судири на разни интереси помеѓу слоевите. Во истражувањето на општествената структура обично се користат две методолошки постапки (стратегии). **Првата** се базира врз објективните показатели на индивидуалната или семејната положба сместена на една или повеќе хиерархиски скали, на кои се мери распределбата на материјалните добра, степенот на образование, станбените услови. При објективното мрење на социо-економскиот статус, одрдена комбинација на социјални и економски индикатори се употребуваат за да се процени позицијата на поединецот во системот на раслојување. Втората методолошка постапка се базира врз субјективни истражувачки техники, меѓу кои најраспространета е самоидентификацијата или идентификацијата на другите на предходно подготвена статусна скала. Субјективните мерила на социјалната положба се потпираат на сваќањето на луѓето за сопствената и положбата на другите. Тие мерила се непрецизни, бидејќи се базираат на фактори кои се разликуваат од човек до човек.

Промените на општествата во Централна и Источна Европа пред сé, се сваќаат како процес кој е раководен според моделот на развиените западно-

европски држави. Тоа е тежок процес кој главно се согледува во: реституција и приватизација на подржавената или општествена сопственост, институционално и функционално нормализирање на државата што подразбира поделба на власта, развој на граѓанското општество и на демократските институции заштита од социјалниот хаос во услови на превреднување на сите вредности и развој на предприемаштвото.

Трансформацијата на една командна социјалистичка економија и еднопартиски систем во пазарно ориентирана капиталистичка економија со повеќе партиски систем, проследена е со неколку негативни ефекти, кои суштински се одразија во формирањето на профилот на социјалната структура, односно нејзините елементи. Станува збор за процеси кои беа карактеристика за скоро сите земји, особено за оние кои и пред тоа беа недоволно развиени во однос на земјите од Западна Европа. **Прво,** дојде до намалување на стапката на економскиот растеж и пропаѓање на голем број на претпријатија, што од своја страна пак доведе до зголемување на бројот на невработеноста, нагло осиромашување на голем дел од населението, влошување на здравствената состојба и зголемување на стапката на смртсност. **Второ,** оваа "матрица на невољи", како што ја нарекоа некои од економистите, доведе до драматични нарушувања во социјалната стратификација, за што не би можеле да издвоиме некои посебни правила, но може да констатираме, тоа впрочем е видливо во сите земји на транзиција. Драматично нарушување во рамките на социјалните слоеви, наследени од социјалистичкиот период во смисла на огромен пораст, придвижување кон дното на социјалната скала, а концентрирање на сосема мал процент на врвот на оние кои се издвојуваат со своето големо богатство, во материјална смисла и моќта која ја поседуваат во политичка смисла.

Основните фактори кои доведуваат до влошување на материјалната и социјалната сигурност, а со тоа и до радикални промени во социјаланта стратификација, главно се одржани во фактот дека од една страна голем дел од населението во Македонија остана надвор од процесот на трудот, што предизвикува пад на животниот стандард, потоа дојде до реално намалување на платите, пензиите, социјалните примања, а од друга страна до енормно зголемување на разликите во приходите меѓу социјалните групи. Она што промените на социјалната стратификација ги прави интересни во периодот на транзиција е фактот што голем дел од оние кои себеси се сметаа дека припаѓаат во таа група во однос на објективните показатели, за многу краток временски период се најдоа во долниот слој (основниот), а само мал дел останаа тоа што беа или се придвижија нагоре кон горниот слој.

Едно од најтешките прашања во рамките на една култура е можеби прашањето **"што се вредности?".** Во книгата на Ацески И. (2000, 85-86) најопшта и општоприфатена определба на поимот на вредностите е онаа која вели дека тие се "она што ја одредува смислата на човековите активности, она пожелно и идеално кон што се стремат луѓето од одредена култура", (Kale, 1988, 76). За Klaijde Klachon вредностите претставуваат "изразено или не изразено сваќање, својствено на поединецот или карактеристично за некоја група, нешто пожелно што влијае врз изборот на соодветни начини, средства и цели за акција". Вредностите

претставуваат апстрактни и трајни стандарди со чија помош се надминуваат импулсите на моментите на ефермената ситуација. За Parsonş вредностите се симболички систем кој служи како критериум или стандарад за избор меѓу ориентационите алтернативи.

Според Ацески, И. (исто, стр. 249), во најопшта смисла на зборот под поимот **либерализам** се подразбира учење или движење во кое основната цел секогаш е насочена кон воспоставување, односно заштита на човековите слободи и права и сеопшто ослободување на човекот од феудалните стеги и ограничувања. Во однос на стопанството и општествените односи, ова учење ја ограничува улогата на државата, а на граѓаните им се препушта поголема слобода. Концептот на либералната демократија главно се базира врз следните поставки: ограничување на власта, слобода на личноста, говорот и здружувањето, образовен траен непартиски јавен сервис.

**Операционално**, влијанието ќе го дефинираме, како начин на посредување меѓу социјалната положба на поединецот и групата и од друга страна неговата свест, вредности, поглед на општеството.

Понатаму, социјалната слоевитост, во смисла на диференцирањето на групите во нашето општество, ќе ја определиме пред се како **трөслојна структура, т.е.** како структурирање на три слоеви: а) висок или виш слој; б) среден слој; в) низок слој;

Во истражувањето, ќе ги избегнуваме називите или категоризирањето на слоевите како класи, на пр. работничка, буржуаска, граѓанска, селска, или пак како интелегенција, елита, пролетеријат и сл. Нашата поделба значи има исклучиво аналитички карактер.

**Приемчивоста**, ќе ја дефинираме оперативно како прифаќање, усвоеност, отвореност и лојалност за и кон некои социјални вредности, ставови и погледи.

Конечно **либералните вредности** ги третираме во рамките на една, исто така трочлена поделба на политичко-идејни вредносни ориентации, и тоа на конзервативна, либерална и колективистичка ориентација. Овие ориентации се разбира имаат посложена структура и меѓусебни разлики, што исто така ќе ги означуваме низ прашањата во анкетниот прашалник.

Општо земено конзервативните и колективистички (условно *десни и леви*) вредносни ориентации се антиподи на либералната ориентација. Либералната ориентација ги содржи вредностите на слободите и правата на човекот, индивидуализмот, толеранцијата и разбирањето, неприкосновеноста на сопственоста, капиталот, трудот, правичноста и еднаквоста на сите пред законот како и граѓанската демократија.

Меѓу другото ќе ги наведиме и следните вредности:

- владеење на правото;
- врвни човекови права и граѓански слободи и нивна заштита;
- слобода на личноста, трудот и сопственоста;
- еднаквост на сите пред законот;

- малцински права (етнички групи, депривилегирани групи);
- слобода на творештвото, говорот, мислата;
- пазарна економија без државна интервенција;
- отворено граѓанско општество;
- толеранција, индивидуализам, пермисивност.

Овие белези аналитички ќе ги конструираме низ фактографски податоци извлечени од анкетниот прашалник.

Имено, либералните вредности и нивните паралели или антиподи, ги претвораме во категоријални индикатори.

| Општествени и лични вредности | | |
|---|---|---|
| **Конзервативни** | **Либерални** | **Колективистички** |
| Поредок | граѓанство | колективизам |
| Дисциплина | Толеранција | дисциплина |
| држава | Индивидуализам | партија |
| Религија | Лаицизам | атеизам |
| Елита | слободно творештво | еднаквост |
| Лидерство | демократија за човекот | демократски центризам |
| ригорозни закони | човекови права | социјална демократија |
| политичка моќ | Дијалог | општествен интерес |
| Богатство | пазарна економија | К-15, вработеност |

**Конзервативната концепција** е за поредок во општеството, силна држава во секој поглед-државата е над се, веронаука во образованието,признавање на метафизичкото, одбрана елита управува со државата, ригорозна законска регулатива, богатство на одредена група на луѓе и политичка моќ на тие што се на власт.

**Карактеристики на либералната концепција се**: поголема слобода на граѓанинот, толеранција на нееднаквостите (верска, етничка, на депривираните групи и др. ), поголема слобода на поединецот во одлучувањето и неговото творење, лаицизам во поглед на метафизичкото, слобода во творештвото на поединецот, демократија за сите, а не само за одбрана група на граѓани, почитување на правата на човекот пропишани со меѓународните конвенции, дијалог во спорни ситуации-наместо екстремизам и радикализам, пазарот да ја управува економијата.

**Карактеристики на колективистичката концепција се** колективно одлучување, почитување на колективните одлуки, партија, верување во материјални нешта, еднаквост за сите, демократијата ја раководи партискиот врв,

социјална еднаквост за сите лица кои се наоѓаат во социјален ризик, интерес на општеството во целина, вработеност за сите-тоа го должи државата, линеарна распределба на сите нивоа на тринаеста плата.

### *Цели на истражувањето*

Научната цел на ова истражување е да се дојде до сознание дали и во колкава мера граѓаните на Република Македонија ги прифаќаат либералните, конзервативните и колективистичките вредности и според тоа која е нивната социјална-слоевска структура. Ова истражување има за цел да дојде до сознание во поглед на тоа дали социјалната положба на респондентите влијае врз прифаќањето на либералните ставови и вредности на социјална политика, како и тоа да се утврди кои се причините на оние кои имаат антилиберални вредности и ставови. Во ова истражување сакаме да ги воспоставиме релациите на влијанито на социјаланата слоевитост, врз приемчивоста и прифаќањето на либералните вредности и ставови на социјалната политика.

Посебни цели на ова истражување се одредување на влијанието на нивниот стандард врз прифаќањето на одредени вредности, како и одредување кои слоеви влијаат врз донесувањето на одлуки и креирањето на постојната социјална политика.

Практична цел на ова истражување е врз основа на добиените сознанија од истражувањето, да предложиме модел на социјална политика од либерален вредносен аспект.

### *Почетни согледувања во однос на очекуваните резултати*

Истражувањето тргнува од **претпоставка** дека либералните вредности повеќе се застапени со граѓанскиот статус на човекот за суштината на граѓанското општество, кои се најмногу изразени и рефлектирани во средните општествени слоеви. Тоа значи, претпоставуваме дека припадноста на средниот или средните слоеви најмногу влијае на генерирањето, приемчивоста и усвојувањето како и акциското изразување на **либералната свест и вредности на социјална политика.**

Па сепак, нашата претпоставка е дека **високиот општествен статус и слој**, повеќе се наклонува и инклинира кон **конзервативни вредности на социјална политика**, кон елитизам и недемократичност, кон институционализирање на нееднаквоста меѓу луѓето и употреба на моќта во лични и групни цели. Тоа е пред се заради задржување и зачувување на материјалниот и социјалниот статус и привилегии што произлегуваат од статусот. Овој слој главно се залага за општества status-qvo и за неменување на неправичните општествени односи.

Доколку социјалниот статус на социјалниот слој е во горниот дел на социјалната пирамида поголемо е влијанието во одлучувањето и креирањето на социјалната политика, и отука се очекува да преовладува конзервативната концепција.

На крај, претпоставуваме дека **колективистичките вредности** најчесто произлегуваат, се создаваат и изразуваат во нискиот општествен слој, т.е. меѓу невработените и кај ниско доходните занимања, кај оние без образование и квалификации, со низок животен стандард и услови итн., тие социјални и групни белези предизвикуваат-екстремизам и радикализам, револуционерност, барања за социјална и материјална еднаквост и правда, за промени на системот на и недемократски начин итн.

Во хипотетскиот систем посебна улога имаат **посебните претпоставки**, кои се разработка на општата претпоставка.

Во нашиот проект, ќе ја разработиме **општата претпоставка** (имено, дека припадноста на средните слоеви генерира либерални вредности), на тој начин што средниот слој (средните слоеви) ќе ги дефинираме преку овие групни белези:

а) среден или просечен животен односно личен стандард и доход;

б) средна возрастна групација;

в) интелектуални, административни и квалификувани производни и услужни занимања;

г) образовни степени (високо, више) и специјалисти во одредени области.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПАЗАРНО СТОПАНСТВО

.Концепцијата за социјалното пазарно стопанство, која ја иницира и неопходноста за следење на "третиот пат" за социјален и економски развој е разаработена во учењето на германските Фрајбуршки ордолиберали . Оваа концепцијата ги наведува како составни елементи основните права на индивидуата, хуманоста, како и упатува забелешки на стихијниот нерегулиран пазар halaissez–faire. Германскиот ордолиберал Ропке,В., ја разработил социјално–филозофската основа на ордолиберализмот.

Значајно внимание во своите трудови за проблемите на општествената дезинтеграција, за ослабнување на основните институции (државата, семејството, училиштето) и посветуваат ордолибералите Ропке, В., Рустов, А. и Милер-Армарк. (Рустов, А. :27-28) ја разработува концепцијата на "виталната политика" (Vitalpolitik), која укажува дека не трба да се влијае само на материјалната положба на луѓето, туку на домувањето, околната средина и однесувањето на вработените во фабриките, (Леонидов, А. : 27-28).

Со помош на политиката на социјалното пазарно стопанство се сакало да се влијае на следните цели, кои не се ограничуваат само на економијата, туку на создавање на нов општествен систем. Имајки ја концепцијата на "третио пат", Карл Гиорг фон Цин вели: Социјалното пазарно стопанство се појави во прв момент како историско-политички избор помеѓу повеќе други концепции, но неговата првична цел беше далеку поголема. Тоа беше замислено како нешто потполно ново, како систем кој еднакво е дистанциран како од конзервативниот капитализам на либералистичката ортодоксија, така и од колективистички централизираното управување на економијата.

Имплементирањето на социјалното пазрно стопанство, било многу сложено. Во првите години се забележуваат големи потешкотии со кои се соочуваат граѓаните на Западна Германија; хроничен дефицит на стоки, висока стапка на инфлација и безработица. Тие појави во тој период предизвикувале резервираност во потенцијалот на пазарната економија и реализација на либералните реформи. Кај поголем дел од населението во разни слоеви се будат антикапиталистички и антипазарни тенденции. Почетоците за социјалното пазарно стопанство се среќаваат кај Милер, А.-Алфред, кој за првпат овој термин го употребил во монографијата "Економско планирање и пазарно стопанство", печатена 1946 г., на која монографија тој работи уште за време на војната. Оделни варијанти на социјалното пазрно стопанство се среќаваат и кај Ерхард, Л., овој термин тој го упетрубува во периодот на 1948 год. Милер, А.-Алфред оваа концепција ја сваќа како техничко решение за оформување на економскиот општествен систем според хумани критериуми. Одделни идеи на социјалното пазарно стопанство можат да се забележат во "моралните принципи" на Хјум, Смит, А., Мил, С. Џон како и во етичките принципи на Кант, Е. (Леонидов, ibid,:58-59).

Милер, А.-Алфред (ibid,:62-63), социјалното пазарно стопанство го сваќа како нова општествена форма, но и како определен стил на мислење. Неговата концепција не се издвојува од социјалната политика во пазарното стопанство. Тој овој модел го предлага како против тежа меѓу класичниот либерализам и слободниот социјализам.

Концепцијата на Милер, А.-Алфред (ibid,:174), за социјалното пазарно стопанство има противречен карактер. Таа почнува од една страна со предприемаштвото на класичниот либерализам, со посебен акцент на слободата на индивидуата, но од друга страна му задава социјални задачи на пазарниот систем. Како приоритет на државната политика се зема економскиот растеж, разгледувајки го како клуч за решавање на стопанските и социјалните проблеми.

Неолибералните економисти разработиле одредени критериуми, на кои треба да одговорат мерките на социјалната политика. Основно барање е социјалната политика да не се заснова на ad hoc мерки, туку да има карктер на систематски регулирана политика.

Реализирањето на целите на социјалната политика е зависно од постигнувањето на целите на општествената политика, што подразбира темпо на стопански растеж, стабилност на цените, рамнотежен платен биланс, и др. Успешното вкомпонирање на овие цели на економската политика се услов за спроведување на продуктивни социјални мерки.

Социјалната политика во С.Р.Германија се заснова на три основни принципи: субсидијарност, солидарност и пазарна комфорност.

Субсидијарноста значи државата интервенира само во ограничени случаи, онаму каде што постои потреба. Од гледна точка на солидарноста и субсидијарноста, одделните индивидуи и семејствата треба први да интервенираат онаму каде ќе се јави социјална потреба, додека државата е последна која треба да интервенира во вакви ситуации. Принципот на супсидијарноста, индивидуата и семејството ги става во центарот на социјалниот систем, (ibid,:175).

Основоположниците на Германскиот неолиберализам, велат дека не може да се бараат решенијата во laissez fair на либералниот капитализам, ниту во рамките на едно централизирано управувано стопанство. Затоа тие го предлагаат "третиот пат", притоа избегнувајки ги крајностите на овие два основни модела на општествено-економски развој. Според нив решавањетона социјалните прашања не може да се реши по стихиен пат според принципите на либерализмот, туку за тоа е потребно една нова задача на државата, во доменот на економскта и социјалната политика, (ibid,:176- 178).

Големите социјални издатоци, кои бараат големи средства од стопанството, кои со распределбата и прераспределбата на доходот, ја поткопуваат слободата на индивидуата, го ослабуваат реинвестирачкиот циклус и го деформираат процесот на конкуренцијата. Затоа доктрината на "државата на благосостојаба", во последно време е подложена на остра критика. Надминувањето на овој проблем Ерхард, Л. (ibid,: 181-183) го гледа во:

- социјалната политика да се базира врз личната слобода и поголемата одговорност на индивидуата за сопствената судбина, издатоците во социјалната свера не теба да да ги дестимулираат стопанските актери од реинвестирање, без што е незамисливо пазарното стопанство;

- нераскинлива врска помеѓу економската и социјалната политика, недозволување на социјалната политика до таа мера да ја поткопа стабилноста на економската политика;

- вклучување на државата во решавањето на социјалните потреби на граѓаните само во случаи кога се искористени сите механизми кои стојат на расплолагање, но во вакви случаи одговорноста за вклучувањето во општествените текови поголем акцент да се дава на граѓаните, и др.

Концепцијата на Ролс Д., изградена под формата на препораки по прашањата на социјаланта политика, вклучува систем од можни мерки, кои гласат:

- создавање на еднакви шанси за осигурување, образование, култура на луѓето со исти способности, како и еднакви можности при избор на работни места;

- гарантирање на социјален минимум за надомест за болест и невработеност;

- осигурување на минимални надоместоци при трансформации, преку регулирање на доходот на основа на воведување на минимални давачки. (стр186);

- критичарите на социјалното пазарно стопанство во последно време се залагаат за обучување, доквалификација на работната сила, за да се зголеми адаптибилноста на пазарот на трудот отколку да се даваат надоместоци за невработеност, како и на другите форми на надоместување во доменот на социјалната политика;

- воведување на нови форми на индивидуално социјално осигурување;

-активна улога за поголема ефикасност на германското социјално стопанство игра концепцијата на неолибералите. Се обновуваат идеите на неговите создавачи (Ропке, Ерхард., ibid,: 196-197), за неопходноста од помала интервенција на државата и поголема лична одговорност, за ограничување на ингеренциите на социјалната политика и залагање за осигурување на минимален животен стандард.

Реалните изгледи за надмнување на сегашната криза во која се наоѓа социјалното пазарно стопанство е помеѓу либералниот модел и моделот на социјално пазарно стопанство е негова неолиберална и социјалдемократска разновидност. Меѓу овие две доктрини постојат две спротивставени гледања во поглед на учеството на државата во економската и социјалната политика. Врската помеѓу нивото на стопанска развиеноет и градењето на "социјалната држава", не подлежи на сомнение.

Прекомерното социјално надолно раслојување е пречка за постигнување на општествен консензус, кој е животно неопходен за продолжување на економските реформи, (ibid,: 230-231).

Анализите на Светската Банка укажуваат дека општествата кои многу се разликуваат по основ на доходот и капиталот, појавуваат тенденција да бидат политички и социјално помалку стабилни и да имаа помало темпо на инвестиционен растеж, (ibid: 232).

**Ориентацијата кон создавање на социјален модел на пазарно стопанство ќе бара формирање на ефективни структури на корпоративно управување (создавање на средни и мали сопственици–претпријатија. Тоа е фактор за формирање на средна класа и на граѓанско општество, за намалување на големата поларизација во посткомунистичките држави по однос на капиталот и примањата, (ibid:287).**

Гиденс, А. (1998,:18-19), вели дека првите социјални мерки, датираат од 19-от век, и се воведени од либералите или конзервативците на што често се спротиставувал пазарот на трудот. Социјал-демократијата нема некоја посебна програма која ги третира еколошките проблеми, и смета дека потешко може да се справи со овој проблем. Нејзиниот корпоративен акцент, ориентацијата кон полна вработеност, силното нагласување на социјалната држава, ја спречуваат систематски да се справи со еколошките проблеми.

По својата ориентација социјал-демократијата е интернационална, таа повеќе се грижи за општата солидарност помеѓу сродните политички партии, отколку да застане лице во лице со глобалните проблеми.

Социологот Бек, У. вели, новиот индивидуализам не е тачеризам, не е пазарен индивидуализам, ниту атомизација на општеството, туку обратно тој е "институционализиран индивидуализам".Повеќето од правата на социјалната држава се однесуват за индивидуите, отколку на семејството. Во многу случаи преферираат поголемо вработување.За прилагодување на пазарот на трудот во софистицираните западни општества е потребно и образованието да се прилагодува на неговите барања, а тие двете бараат поголема мобилност. По сите тие барања од граѓаните се очекува да се изградат како индивидуи, да се проектираат, да ги гледаат работите и да се определат како индивидуи.

Иднината на социјал-демократијата во Европската Заедница треба да се заснова на компромисот помеѓу двете јасно определени доктрини на левицата и десницата, а тоа е "средина помеѓу овие две концепции". Сосем сигурно треба да се гледа на иднината за "трет пат", "активен центар" или за "радикален центар", на барањето на двете спротивставени гледишта кои се основни во Европската Заедница. Повеќето социјалдемократи, сакаат да го одржат континуитетот на социјалните расходи, додека неолибералите го застапуваат минималното учество на социјалните трошоци,според Норберто, Б. (ibid,:42-49).

Најновите дебати укажуваат на тоа дека либералната доктрина треба да стави поголем акцент на индивидуалната слобода и личниот избор и одговорност за самите себе.

Додека социјал-демократската доктрина започнува да се занимава со проблемите на стопанството и развивање на еколошката свест,. Социјалдемократијата се повеќе се придвижува од доменот на редистрибуција на ресурсите, кон материјалната и социјалната организација на стопанисување за потребите на културниот развој на капиталистичкото опшпество, (ibid:25).

Критичарите на "третиот пат", оваа нова опција ја опишуваат како претопен неолиберализам. Тие потенцираат дека татковците на "третиот пат", се потпираат на извонредниот економски подем на САД, но истовремено општество на најголемите диспаритети по основ на поседување на материјални богатства.

## 2. ИДНИНАТА НА ТРЕТИОТ ПАТ ВО ДОМЕНОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНАТА СТРАТИФИКАЦИЈА ВО ОДДЕЛНИ ЗЕМЈИ

Најновите дебати укажуваат на тоа дека либералната доктрина треба да стави поголем акцент на индивидуалната слобода и личниот избор и одговорност за самите себе. Либералите го застапуваат индивидуализмот, како и послабо учество на државата во целокупното општествено живеење. Социјал-демократите се противтежа на конзервативната доктрина, таа настојува да има поголема државна интервенција во економското живеење, но се недоверливи кон пазарот на трудот, авториарен е секој кој сака да наложи цврста рака на државата врз целокупното живеење, вклучувајќи го социјалното и економското живеење.

Неолибералот, Бирк, Е. ја застапува тезата за минимално учество на држава во разрешувањето на проблемите на граѓаните, вели дека ако премногу се рашири во целокупното живеење, се претвора во дестимулатор на личната слобода и управување со сопствените сили. Тезата за минималното учество на државата е тесно поврзана со граѓанското општество како придвижувачки механизам кон социјалната солидарност. На малите групи на граѓанското општество треба да им биде дадена можност сами да ги решаваат своите проблеми, а не да бидат гушени со преголемата интервенција на државата, (Гиденс, А., 1998,:28-29).

Дебатите за иднината на социјал-демократијата во последните десет-петнаесет години се подложни на голем испит и потешкотии обидувaќи се да одговорат на следните пет прашања:

1. Глобализацијата-што преставува таа и кои предизвици ги носи со себе?
2. Индивидуализмот-што подразбираат модерните општества под тој термин, и дали навистина има таква тенденција?
3. Левица и десница-како да ги разбереме, дали тоа повеќе има некакво значење?
4. Еколошки проблеми-како да бидат интегрирани во социјал-демикратскта политика?
5. Политичко дејствување-дали се одалечуваат политичарите од ортодоксните механизми на демократијата?

Некои авторитети сметаат дека **глобализацијата** е измислица на неолибералите, додека некои интелектуалци, политичари велат дека глобализацијата не е само реалност, туку таа веќе сериозно и си го пробила патот. Како што се изјаснува економистот Кенисе Омае, денеска ние живееме во свет без граници, во кои националната држава се претвора во фикција и каде политичарите ја губат ефикасната власт. Државата треба структурно да одговори на глобализацијата.

Глобализацијата е нешто повеќе од декор на современта политика. Како целина глобализацијата ги преобразува институциите во општествата во кои живееме. Несомнено таа е потесно поврзана со појавата на "новиот индивидуализам", кој често фигурира во социјал-демократските дебати во поново време. Социјал-демократските автори, корените за**индивидуализмот** ги гледаат во

пазарните сили. Тие истакнуваат дека индивидуата треба да се грижи сама за себе, а не да зависи од државата.

Промоторите на политиката на "третиот пат", фундаменталната цел на оваа опција ја гледаат во глобализацијата, во реформита на личниот живот на граѓаните, и односот на граѓаните кон природата.

***Начела на третиот пат се:***

-заштита на паравата и слободите на граѓаните;

-слобода под форма на автономност;

-нема права без одговорност;

-космополитски плурализам;

-нема авторитет без демократија;

-филозофски конзерватизам (исто,:67);

Мотото на новата политика гласи "**нема права без одговорности**". Општеството има цел куп на одговорности кон своите граѓани, вклучувајќи ја и заштитата. Но, класичната социјал-демократија беше склона да се однесува кон исполнување на безусловните желби на граѓаните. Со почитувањето на индивидуалните права треба да се зголеми одговорноста од страна на самата индивидуа. Помошта во ситуација на безработица треба активно да се состои во барање на работа и државата треба да се грижи системот на социјална помош да не ги дестимулира граѓаните во тој домен. Како морален императивен принцип **"нема права без одговорности"** не треба да важи само кон тие кои се корисници на социјални услуги, туку за сите граѓани.

**Демократизација на демократијата**, значи да се врши процес на децентрализација, но не како еднонасочен процес, туку на сите нивоа и во сите насоки.

Немањето на **авторитет без демократија** се подразбира, каде традицијата, обичаите го загубиле своето значење, единствен пат за воспоставување на авторитетот е деомократизацијата.

***Програмата на третиот пат содржи:***

-нова демократска држава;

-активно граѓанско општество;

-демократско семејство;

-еднаквост за сите во вклучувањето во општествениот живот;

-позитивно социјално помагање;

-социјално инвестирање од страна на државата;

-космополитска нација;

-космополитска демократија (исто,:70).

**Новата демократска држава** подразбира делегирање, администартивна ефикасност, механизми на правна демократија и др.

Утнау, Р., го проучува развојот на демократијата и движењето на малите групи во САД. Под мали групи тој подразбира мал број на луѓе, кои редовно се собираат заедно, за да ги разгледуваат своите општи интереси.

На основа на неговото поопширно проучување заклучил дека 40% од американците (околу 75 милиони граѓани на САД) припаѓаат на некоја мала група на граѓани која се собира редовно и ги разрешува своите проблеми и интереси, (исто:79).

Забележително било дека поголемо е присуството на граѓански инцијатаиви кај побогатите слоеви. Граѓаните од посиромашните средини, неформалните средби и разрешувањето на проблемите ги обавувале во своите потесни семејства. Многу помал е бројот кај побогатите кои имаат потреба од социјална поткрепа, во споредба со тие од посиромашните слоеви.

Вакви проучувања се правени во САД, Европа, Каиро и Североисточен Бразил. Реформите се започнати и правени со локални бизнисмени, вработени во медиумите, услугите и трговијата.

Со помош на интегрирање на силите на овие локални "моќници", кои имаат влијание во локалните средини, се оформувани детски домови, раководени од државни службеници, од доброволци, осигурени со минимална плата. На локалните групи и општествени организации им се даваат средства во форма на мали заеми, на пр. на една жена ѝ се даваат средства да си купи шивачка машина за да може да заработува со неа и да си обезбедува самата егзистенција. Помеѓу 1987 и 1994 год, економскиот раст во Каиро е 4%, во Бразил 1,4% гледано во целина, (исто,:81). Државата треба да стимулира и други форми на активност од долу па нагоре од самата месна средина за кој се наменети активностите. Микрокредитите имаат испитана ефикасност, како средство за стимулирање на локални економски иницијативи.

Држаавта може да обезбеди капитал и од локалните компании преку ослободување на плаќање на дел од данокот, со цел тие да стимулираат реинвестирачки активности со тие средства во локалната средина, од каде што потекнуваат. Можни се форми на едукација или преквалификација на кадрите од месното население за идните работни места кои се нудат во средината, со иницијатива на локалните компании.

Вклученоста или исклученоста на индивидуите во општествениот живот Блер, Т. смета дека зависи од степенот на образованието на граѓаните, своите три приоритети во развојот на своето управување ги става во "образование, образование и образование". Тој вели дека добро обарзована популација е желба на секое општество. Инвестициите во образованието се императив за управување во општеството и клучна база за "прераспределбата на шансите". **Тој се залага за разивање на социјалниот капитал** со кои располагаат индивидуите во сиромашните средини, со цел да се предизвика економска обнова на сиромашните региони, квартови, каде што живее оваа популација. Битката со сиромаштијата, бара инектирање на финансиски ресурси, но со цел да се инвестира во локалната самоиницијатива. Политиката на **Реган, Р.** во периодот на 1981 год. се состоела, во тоа, безкорисните програми кои се стимулирани со цел да се надмине сиромаштијата и да се решаваат социјалните проблеми, а не ги дале очекуваните резултати да се прекинат и да се користат најнапред услугите на црквата, семејството, пријателите, цивилниот сектор. На крај се вклучува државата откако сите овие форми не се дораснати да ги решат проблемите.

Но овде се јавува еден проблем, до каде треба да оди државата и каде треба да застане, или од каде започнуваат активностите на локалните компании во локалната средина и каде завршуваат активностите. Државата треба да одговори на овие прашања како и на други потешкотии кои ќе се јават. Државата треба да го штити конфликтот на интересите на индивидуите, кои егзистираат во граѓанското општество. Државата не треба да преминува во граѓанско општество ако државата е насекаде, "всушност најпродуктиво таа не е никаде", (исто:82-84).

Во последно време државата на **социјалните инвестиции** акцентот го става врз "прераспределбата на шансите". Во последните дебати помеѓу социјалдемократите рaвенството на социјалната финасиска дистрибуција се повеќе се поместува кон развивањето на човечкиот потенцијал, додека финансиското редистрибуирање да се остави за 'последните денови", откако се искористени сите расположливи ресурси во разрешување на проблемите од социјалниот домен. **Многу авторитети денес тврдат дека равенството помеѓу редоистрибутивната политика на социјалдемократската доктрина и политикта на барањето на еднаквост на шансите и инвестирањето во човековите потенцијали за кои се залага неолиберализмот се повеќе треба да го завзема примарното значење во доменот на социјалната политика, (исто,:96).**

Шведскиот економист (Линдбек, А.,:105-112), вели дека од хумани побуди помагањето на невработените, болните, инвалидите и др. е во ред. Но тој се прашува доколку се зголемуваат постојано социјалните трансвери за овие намени, како што и впрочем се прави, дали можеме да очекуваме тие категории на граѓани да се интересираат да си ги решаваат сами проблемите и да ги користат сопствените потенцијали, или постојано ќе се зголемуваат нивните барања кон социјалното помагање. Тој вели дека логично е во вакви ситуации да се делува дестимулативно кај овие категории на граѓани, зошто тие би се труделе кога социјалните издатоци изнесуваат приближно колку и најниските примања кај неатрактивните работни места, кои постојат на берзата на трудот.

Најновите размислувања во доменот на социјалната политика се движат во инвестирање во "човековиот капитал", согласно тоа каде е возможно да се примени, а не само да се зголемуваат социјлните издатоци. Наместо да се стремиме кон социјална држава треба да се движими кон "држава на социјано инвестирање" и тоа одејќи во прилог на општата благосостојба на општеството.

*-Стратегии на социјално инвестирање*

Позицијата на "третиот пат "треба да се темели повеќе кон европското отколку кон американското ниво на социјални трансвери, повеќе средствата да се редистрибуираат кон социјално инвестирање во човековиот капитал. Системите на социјална помош да се реформираат таму каде што не ги даваат очекуваните резултати и да се стимулира ризик на сопствена инвестиција во разрешувањето на проблемите-каде е возможно преку стимулација, но каде е потребно и преку правни обврски на корисниците на овие услуги.

Примерот на Холандија која се приспособува кон новите социјални економски услови. Пред околу шеснаесет години, работодавците се согласиле да ги

остават дневниците на исто ниво но да го намалат работниот ден. Како резултат на тоа расходите за трудот биле намалени за 30% за последните 10 години, а економијата забележала подем. Тоа е постигнато со невработеност од 6% во 1997 год, (исто,:116).

Според Leiht, R. (1998,:60), најголем растеж бележат претпријатијата кои имаат вработено помеѓу 5-20 работници, каде работните места се зголемија за околу 30%. За разлика од нив, вработеноста во најголемите работни единици со повеќе од 500 вработени, вработеноста опадна за време на економските рецесии. Од срдината на осумдесетите до средината на деведестите стапката на само-вработувањето надвор од земјоделството се зголеми, како на пример во Обединетото Кралство (Англија) од околу 9% на 12%, како и во Холандија и Германија од околу 7% на 9%. Дури и во тие земји каде нивото на самовработување веќе е релативно високо, може да се забележи пораст. На пример, во Португалија од 16% на 19% и во Италија од 21% на 23% за еден подолг период, Luber i Gangl 1997. Иако овој индекс варира во голема мерка помеѓу земјите, самовработувањето покажува генерална тенденција на пораст со извесни флуктуации. Во неколку случаи јазот помеѓу самовработувањето и зависното вработување има тенденција на зголемување со текот на времето.

Во секој поглед, овие констатации се далеку од тие кои го објаснуваат растот на самовработувањето. Едно испитување на накрсните национални модели за овој развој (Luber и Leiht, 1998,:63), откриваат дека оживувањето на самовработени работници главно се должи на секторското поместување на работната сила од производството во сервиси, генерално со повисоки стапки на самовработување. Порастот во услужниот сектор учествува со најмалку две третини од апсолутниот и севкупниот пораст. Овој раст главно може да се најде во така наречените "други служби".

Структурата на самовработените во "другите служби" се состои од персонал кој е специјализиран и од бизнис-ориентирани служби, рефлектирајќи на големо учество на стручни, технички и слични работници, вклучувајќи ги тука и занимањата како што се компјутерџии, деловни и врвни стручњаци, архитекти, инженери, здравствени работници/стручњаци, како и стручњаци од областа на недвижнини и сл. Од друга страна, овој сектор исто така вклучува нестручни групи, на пример, тие кои работаат во областа на изнајмување на автомобили или слични изнајмувања, чистење итн. Меѓутоа, што се однесува до самовработувањето во "други служби", помалку квлификуваната група претставува малцинство.

Слика 2: Како се движи вработувањето според големина на претпријатијата од 1977-1996 (види оригинал стр. 59)

1977=100 (Големина на претпријатија)

Податоците се користени од: Bundesanstakt fur Arbeit

1) Податоците се однесуваат само на Западна Германија.

Слика 3: Индекс на развој на само-вработувањето и вработените во 15 ОЕЦД држави, без да се земе предвид Земјоделиетo (1986 = 100), (види оригинал стр. 61)

Податоците се земени од: Eurostat: New Cronos-bank на податоци 1996; Биро за попис; Luber i Gangl

(Гиденс, А.:118-120), препорачува: општествата треба да се стремат кон континуирано образование, разработувајки образовни програми кои ќе започнат од детството и ќе продолжат во напредната возраст. Наместо да се потпираат на програмите на социјални материјални давања, да се стимулираат можностите за лична инвестиција. Праксата во Европа се повеќе покажува дека лицата освен што се заинтересирани за целосна вработеност, тие бараат работен ангажаман и за полудневни активности од неколку часа, познато под англискиот жаргон "taim dolar", ослободување од плаќање на данок на компаниите доколку инвестираат во социјални цели, барање на работа и надвор од работното ангажирање (дополнително-се мисли на лица кои немаат целодневен работен ангажман).

Во поглед на **космополитската демократија**, новинарот Харви, Р. вели дека светот наместо да се глобализира тој се повеќе се поларизира–распаѓањето на биполарноста, наместо да создава ред во светот, тој се повеќе создава анархија и безредие. Тој вели дека е невозможно да се избегне светскиот хаос, приближувањето кон крајот на 2000-та год. наместо да создава ред, создава безредие па дури и анархија.

Се повеќе би сакал да верувам во размислувањето на францускиот мислител Менк, А. (исто,: 129-132), кој вели дека завршува едно ново Средновековие, карактеризирајќи се со изобилство на конфликти, и мрачни зони на безвластие.

Но, нештата одат во прилог на тврдењето на глобализацијата и создавањето на супранационални, супраконтинентални, супраекономски мега организации кои се судруваат помеѓу себе во сверите на интересите како што се: Европската заедница, Асоцијација на југоисточните азиски нации, Лигата на арпаските држави, Северноамериканскиот трговски договор, Карибската заедница, Организацијата за африканско единство и многу др. Се прашувам дали не доаѓа ерата на глобалното светско управување и влијанија на меѓусебните свери на интереси. Ова се организации кои во минатото имале меѓусебни конфликти и различни приоди во решавањето на проблемите.

## 2. 1. Нови трендови во развојот на средната класа во Британија, Франција, Јапонија и новата средна класа во Централна и Источна Европа

### *2.1.1.Средна класа во Британија*

Во рефератот на Keliyan, M. (1998, ibid,:70-73), во периодот од 1971-1993 год. во структурата на британската работна сила настанаа следниве промени: вработеноста во индустријата падна од 36.4% на 20.4%, додека вработеноста во услужниот сектор се зголеми од 52.6% на 72.8%. Според Batler и Savage,( Keliyan) , тоа имаше значително влијание врз растежот на средната класа. Додека пак во 1911 год. околу 10% од британската работна сила се здружи со "услужната класа", во 1991 год. околу 30% од сите вработени отпаѓа на категоријата на раководители и стручњаци.

Средната класа на стручњаци во Британија била формирана во една рана фаза, во спордба со другите општества. Оваа класа е тесно поврзана со

"аристократската култура" и државниот апарат, што помогнало да се постигнат високи друштвени позиции, според Savage и неговите соработници, (Keliyan). По пат на разјаснување на одредени карактеристики од овие процеси во другите европски општества, Erikson и Goldtorp односно Kerr и неговите сор., (Keliyan), во Франција и Италија развојот на **стручните слоеви**на средната класа, како и самата индустријализација беа опструирани од водечките позиции на "семејно доминираните препријатија со патримонско упрвување" Erikson i Goldtorpę (Keliyan). По појавата на средната професионална класа во Германија, таа беше конфронтирана со доста потешкотии како резултат на "социјалната крутост и авторитаризам, после промовирањето на индустријализацијата од династичката елита" (ibid). Како што може да се види од специфичниот развој на средната класа во Јапонија, иако индустријализацијата во земјата беше идентична со германската индустријализација, во оваа смисла на зборот, консолидацијата на позициите на стручњаците од срдната класа беше предмет на наменски усилби. Веднаш до ова, стабилизацијата на **стручните слоеви** во средната класа е фактор кој го олеснува брзиот развој на модернизација во Јапонија и го обезбедува нејзиниот успех.

Промените на професионалната кариера на жените од "услужната класа", имаа влијание врз кариерата на мажите и на моделот на развој на класата. Во 1981 год. учеството на мажите во групата на работодавци и раководители на големи претпријатија кое изнесуваше 80%, во 1991 год. падна на 71. 4%. Учеството на мажи во групата на работодавци и раководители во мали препријатија исто така падна од 7% во 1981 год. на 68. 6% во 1995 год. според Krompton,(Keliyan). Иако мажите во 1981 год. сочинуваа 90% од стручњаците, во 1991 год. нивното учество падна на 86. 8% со самовработени стручњаци и 81. 7% кај врботените стручњаци. Учеството на жените беше предоминантно кај немануелните работни места. Меѓутоа, наспроти овие промени, според Кромптон "карактерот на полот кој се реструктурира *во рамките на* услужната класа сугерира дека подвлечениот модел на односите помеѓу половите при вработувањето во најголем дел останал релативно стабилен".

*2.1.2.Средната класа во Франција*

Во рефератот на Koleva, S. (исто,:79-82), француското општество не е исклучок од овој процес. 1) Има голем пораст во разноликоста на овие занимања кои бараат посебно образование и обука (2). Има зголемен пораст во разноликоста на социјалните работни места кои вклучуваат владеење како и диверзитет на социјални места кои не се врзани со некоја бирократска хиерархија (3) На крајот, има голем пораст на самата големина на овие две социјални категории на луѓе. Овде се, според ИНСЕЕ индексот на занимања и професионални категории, социјалните групи кои го сочинуваат, во социјална и историска смисла, портретот на **француските слоеви** од срдната класа:

- службениците;
- ситните трговци;
- учителите од основните училишта, извршувачите на интелектуална работа, работниците во националниот здравствен систем и социјалните работници;
- техничарите;

- административните службеници од срден ранг (4).

Кадрите од среден ранг исто така растат во апсолутни бројки. Тука се вклучени и сите општествени и професионални групи кои се опфатени со оваа категорија, не само традиционалните професионални групи на учители, социјални работници, медицински работници, техничари, издавачи, новинари и сл. туку исто така и релативно новите занимања на школски и индустриски психолози, професионално ориентирани советници, стручњаци за маркетинг, стручњаци за односи со јавноста, експерти за пропаганда и др. Во приодот од 1968-1975 год., бројот на тие кои припаѓаат на подоцнежната категорија се има зголемено за четири пати (ibid. стр. 140-152). Силната тенденција кон феминизација е присутна исто така меѓу категоријата на кадри од среден ранг, со некои специфики во врска со некои подкатегории. Во периодот од 1975-1981 год., тоа е групата на медицински и социјални работници која беше најинтензивно подложна на феминизација (80%), проследена од учители (64%) и службеници од администрацијата од среден ранг (50%). Групата на технички експерти имаат најнизок степен на феминизација (само 15%).

Сами за себе категориите на "кадри" и "работници" се само елементи на францускиот индекс на занимања. Специфичноста на секоја од нив произлегува прецизно од уникатната позиција која тие ја имаат во рамките на стратификационоит систем, на општството, "кадри" и "работници", кои не се дефинирани како такви според Boltanski, 1982; Bourdieu/Bordo, 1980,(Koleva) Меѓутоа, без оглед на разликите во карактерот на двете социјални категории и содржината на работата, местото во хиерархијата на престиж, и сл., "кадрите" и "вработените" обично се посматраат не само како обичен составен дел на француската средна класа, но повеќе како нејзин најтипичен дел, како дел од тенденцијата кон социјалан "еднаквост" во француското општество. Дури иако бариерата помеѓу "кадрите" и "вработените", произлезе дека е најодбојна и тешка за совладување,според Mandras, Forse, 1983,(Koleva), јасно е дека овие две социјални категории се најчесто редуцирани под заеднички деноминатор во смисла на социјалната стратификација (слоевитост). Таква една изедначеност, (иако релативна) на двете општествени категории, без оглед на сите разлики во нивната социјална улога и значење, преставува научен проблем чија важност го пречекорува доменот на социолошката нализа на средната класа во современа Франција.

*2.1.3.Средната класа во Јапонија*

Во рефератот на Koleva, M. (исто,: 84- 89), сегашните јапонски социолошки концепции за карактерот и улогата на средната класа може да се групираат во два главни трендови. Прво трпи влијание од Марксистичките и неомаркстичките погледи и артикулирања на релативната сличност на чиновничката и **новите средни слоеви** од работничката класа, кое се објаснува со истиот однос консопственоста и нивните скоро еднакви енергетски ресурси според Fukutake, 1989,(Koleva). Вториот тренд го нагласува развојот на благосостојбата и укажува на фактот дека 1) "**средните слоеви**" постепно растат; 2) социо-економскиот статус на работничката класа се подобрува; и 3) целото општетство станува повеќе "**средна класа**",според Odaka, 1966; Kosaka, 1994( Koleva).

Во јапонската социологија постојат три основни термини поврзани со средната класа: "средна економска класа" (*chusan kaikyu*), "средна престижна класа" (*chury kaikyu*) и "**среден слој**" (*chukan kaiso*), според Odaka, 1966, Kosaka 1994, (Koleva). *Chusan kaikyu* се однесува на тие слоеви од средната класа кои се дефинирани како "буржуазија" или како средна класа во смисла на поседување на средствата за производство и "економска моќ". Во оваа смисла, "*chusan kaikyu*", се неоѓа између капиталистот и работничката класа и терминот се однесува на гледањето на општеството како пирамидална структура дефинирана од сопственоста и економската моќ. ***Chukan kaiso*** **претставува термин кој ги објаснува средните слоеви во поглед на нивната интермедијарна положба во стратификационата структура.** Социолошки термин еднаков на англискиот термин "средна класа" е *churyu kaikyu*, ситуирана помеѓу горните и долните класи.

При разгледување на зголеменото учество на јапонското општество и зголемената самоидентификација со истото, се мисли на *churyu kaikyu.* Затоа тенденцијата со која се зголемува нееднаквоста во современото јапонско општество во поглед на сопственост и доход се анализира во контекстот на *chusan kaikyu* Во текот на технолошкиот развој и економскиот растеж, поголемиот дел на мануелните или обични работници преминуваат во средната класа според критериумот "работно место и начин на живеење", според Odaka,1966, (Koleva) во смисла на *churyu kaikyu.*

Fukutake прави една интересна анализа на промените во местата со моќ и ресурсите на средната класа по Втората Светска војна. **Во текот на овој период "нов среден слој" (*chukan kaiso*) беше создаден според обележјето "ресурси на моќ". Тој се состоеше од "сопственици на мали и средни претпријатија надзорни и раководни лица на врвот на чиновничката хиерархија, како и новиот тип на семејни претпријатија, т.е. професионални и технички работници",според Fukatake, 1989** (Koleva)**. Овој среден слој ја изгубил, во голема мера, својата "субординантна локална лидерска улога која некогаш ја имале постарите, односно поранешните средни слоеви" (ibid., 154). Но, наспроти ова, таа ја задржа својата посредничка улога, "претставувајќи го интересот на локалитетите наспроти тие со политичка моќ".** Горната чиновничка класа често врши посредничка улога помеѓу големите и малите компании. **Иако после војната се повеќе моќ се концентрираше во рацете на политичката и стопанската елита, а средната класа ги губи претходните позиции на моќ, "новите средни слоеви "останаа, во извесна мера, нивната моќ и влијание на едно интермедијарно ниво на работата, економијата и локалната власт.** Odaka го опишува "сериозниот дисбаланс помеѓу социјалниот статус и економската моќ" или влијанието помеѓу *chusan kaikyu* и *churyu kaikyu* (1966, Koleva). Подоцнешните студии на јапонските социолози, според Fukutake, 1989; Kosaka, 1994; Seijama 1993; Išida, 1993 (Koleva) покажуваат дека тенденцијата продолжува исто така и во современото општство. Затоа не се зборува за "новите средни слоеви" како на една хомогена општствена класа, како во поглед на нивните приходи така и во поглед на нивните ресурси на моќ. Податоците, покажуваат дека нееднаквоста дури со време се има зголемено за можностите за стекнување на високо образование и ова е вистина дури и за најмладата популација во 1985 год. Можностите за високо образование се "60% за службниците, но 33% за работниците, а само 19% за

земјоделците", според Seijama, 1993, (Koleva). Ние можеме да заклучиме дека образовните нивоа растат за сите класи, но нееднаквоста за можностите за високо образование останува иста.

Луѓето кои потекнуваат од средната класа имаат далеку поголеми шанси отколку останатите. Податоците покажуваат дека "ако татко му на некој е службеник, тогаш дури и кога ова образование не е високо, неговата врojатност да влезе во класата на службеници е 25-30% поголема отколку на тие со исто образование, но чии татковци се од другата класа "според Seijama, 1993,( Koleva ). Синовите на земјоделците, дури и под услов да се со исто образование, има многу поголема веројатност исто ака да станат земјоделци отколку синовите кои потекнуваат од службенички семејства.

Основен заклучок е дека зголемувањето на едукативното ниво на сите слоеви од населението не води автоматски кон влегување во група со повисок статус бидејќи на тоа влијае потеклото на класата. Лицата кои потекнуваат од службнички семејства ретко го напуштаат потеклото на нивната класа. Тие имаат далеку поголеми можности за стекнување на високо образование. Заради тоа што ова несомнено е гаранција за вклучување во класата со "бели крагни", односно службениците, оваа класа се репродуцира во стабилни стапки. Според Seijama, "во Јапонија постои перзистентна и јака класна нееднаквост во поглед на можноста за стекнување на статус во рамките на исто едукативно ниво" (1993, Koleva). Непроменетата, дури и зголемената нееднаквост е основна прична за стабилноста на јапонскиот модел на општествена мобилност (стр. 84- 89).

ССМ (Социјална стратификација и мобилност). Анктите се вршат на секои 10 години. Тие се репрезентативни за јапонската машка популација. За жал, податоците од 1995 год. на анкетата на ССМ сеуште не се објавени. ССМ анкетите користат "осмо класна шема" и "трокласна шема". "Осмокласната шема се состои од стручни, раководни, чиниовнички, продажни, квалификувани, полуквалификувани, неквалификувани работници како и земјоделски струки. Трокласната шема се состои од службеници, работници и земјоделци", (Seijama, 1993). **Како што е споменато од истражувачите, терминот "класа" се користи во неговата најширока смисла, во термините "стратум/слој "или "категорија на занимање ".**

Овие податоци се разликуваат од тие кои ги има дадено Fukatake заради разликите во класификационата шема и методологијата која се користи за испитување на срдната класа.

*2.1.4.Новата средна класа во Централна и Источна Европа : студија за 10 нации*

Според ***Valas, K. и Haerfer, K. (ибид,:158-160).*** *Старата средна класа* се состои од тие кои држеле стручни и менаџерски работни места како што се (доктори, професори, раководители во фабрики, службеници и др.) во Комунистичкиот систем и чии работни места биле производ на државниот административен систем кој постоел во тоа време. Тие обично се со високо образование и поседуваат вредна залиха од културен капитал, (Bordo i Paseron, 1977). Иако добро поставени во поранешниот систем, овие работни места не беа особено добро платени и затоа тие не поседуваа големи залихи од финансиски капитал. Меѓутоа, тие може да имаат стекнато социјален капитал заради потребата да прават контакти и да манипулираат со врските со цел да си ги средуваат нивните секојдневни животи и да ги задржат привелегиите,според Sik. 1994, Mozni, 1994, Rouuz, Mišler i Haerpher, 1997; Valas, Hmuliar i Beđir, 1997 ***(Valas, K. и Haerfer, K.***) Вредностите и начинот на живеење на тие групи се познати преку доста анкети на стратификација кои биле правени сега и во минатото според Tilkiđiev, 1996 ***(Valas, K. и Haerfer, K***). Според многу контрибутори на конференцијата, оваа стара средна класа била делумно уништена и истата е под голема закана. Нивниот стандард на живеење има паднато, така да ги има ставено истите меѓу најслабо платените работници во посткомунистичките системи. Нивниот статус не е сеуште особено висок. Многу од нив ги изгубија работните места откако настапи рационализацијата на работни места.

*Новата средна класа,* од друга страна, треба допрва целосно да се воспостави. Новата средна класа се луѓето кои се јавија од приватниот сектор како претприемачи од разни видови и кои можеби сеуште се немаат консолидирано во една класна група со нивните интереси и претставници во политичкиот систем, здруженија и слично. Многу помалку се знае за оваа група затоа што таа е релативно нова и нејзиниот број е сеуште мал. Можно е да новата срдна класа исто така ја сочинуваат членови од старата средна класа која го сменила нивното вработување.

Новата средна класа може да има корени од неформалната стопанска дејност која постоела во минатото и продолжува да постои и сега, така да нивното потекло е прилично магловито и нејасно, според Sik, 1993 ***(Valas, K. и Haerfer, K***). Многу луѓе во Словачка, Словенија и Унгарија, според Valas i Haerfer, 1998 (***Valas, K. и Haerfer, K***), многу полесно работаат или тргуваат со Европската Унија како начин за подигање на капиталот за нивните претпријатија. Овие земји исто така профитираа и од екстензивните приватизациони програми. Меѓутоа, другите земји како што се Бугарија, Белорусија и Украина се соочени со постојана економска криза и во овие земји недостасуваат реформите. Во поранешниот Советски Сојуз, даночниот систем строго ги казнуваше малите претпријатија, наплаќајќи им до 10% данок на добивка и на тој начин охрабрувајќи ја даночната евазија. Немањето на реформи во овие земји и непостоењето на заштита на препријатијата која е предвидена со закон, придонесе за охрабрување на растот на финансиските лобија и претприемаштва надвор од законот. Во Хрватска и Бугарија војната и

меѓународното ембарго од раните деведесети години ги спречи реформите кои може да им помогнат на самовработените (158-160).

*2.1.5.Социјални параметри и ставови на бугарските средни слоеви интелигенција.*

Оваа категорија вклучува: факултетски професори и школски учители, медицинари, инженери, економисти, новинари, биолози, хемичари, физичари, правници, научници, работници од културата, свештеници и други стручњаци чии професии бараат високо образование. Оваа типична група од средната класа е според стандардите кои се користат во сите публикации со кои сме запознати. Таа претставува стабилна група: во февруари 1986 год. (анкетата "град и село-86"), 7. 5% од населението се вброи во оваа категорија. Меѓу 9. 0% од населението *услужната* класа, која вклучува администратори, службеници и раководители (не вклучувајќи ја врвната елита) и интелектуалците-стручњаци, стручњаците кои следејќи ја шемата на Голдторп во разни варијанти се јавуваат од 1977-1979 год., како и според резимето на Dejvid Lokvud. *Рутински, немануелни работници (во државни и приватни фирми/установи),* (12. 4%). Тие се лица кои вршат рутински работи во административните служби, за информации, во канцеларии, финансиски работи, во здравството, домашните служби, во трговијата, транспортот, поштенските склужби, во одбраната (на некомисионарано офицерско ниво). Овие работници исто така претставуваат перманентен дел од општествената структура: во 1986 год., во "град и село" беа 14, 4%, а во 1997 тој процент изнесуваше 12, 4%. Тоа претставува предоминантно "женска" група (односот на полот е 2 према 1) и се релативно млади (67% од нив се на старост до 45 години), но малку постари од интелигенцијата. **Околу половина од нив имаат завшено средно училиште, а 22% се со нецелосно или со целосно високо образование. Тие кои што се вработени во државниот сектор се предоминантни, а само 4% од нив имаат приватен бизнис. Околу 91% работат чисто рутинска работа. Околу една третина од нив се членови на синдикат, нешто што е типично за државните службеници. Нивните политички симпатии се поделени подеднакво помеѓу лево и десно ориентираните. Околу една третина од нив се симпатизери на УДФ, а малку повеќе од една третина се декларираат како "неутрални". Тие доаѓаат на второ место после интелигенцијата по нивниот интерес за религијата.** 13% од нив одат во црква повеќе од два пати месечно, меѓутоа, повеќето атеисти се исто така од оваа категорија. Повеќето од нив живеат во големи градови-3%, 25. 6% во главниот град, 25% во селата и 11% во малите градови. Тие се самоидентификуваат како "средна-средна класа" -33.6%, но многу од нив се "долна средна класа"-25.6%, а што е многу чудно, како "работничка класа"-25.6%, веројатно како оставштина од неодамнешното минато, а 5,6% од нив се идентификуваат како "горна средна класа". Скалата на богати-сиромашни за оваа група е следната: Три индивидуи ги ценат нивните положби како да се трето ниво од врвот до дното, а четири на четвртина. Оваа група исто така има тенденција да се групира во интермедијарни позиции, но постои разлика. Постои поголемо позиционирање на вработените под осмото ниво (22 вработени во споредба со 9 претставници на интлигенцијата). Малку повеќе се исто така тие кои се префрлаат до самото дно. Во целина, средната позиција и самовреднувањето на оваа група е малку пониска во споредба со интелигенцијата, кое нешто и се

очекуваше. Процентот на застапрност на *мали и средни йреўйриемачи е*3. 8%. Овде е вклучена групата на срдни и мали приватни бизнисмени од сите бранши, како лицата кои немаат наемни работници во нивниот бизнис, како и тие со 49 наемни работници/службеници, вклучувајќи ги тука и тргивските посрдници во земјоделството. Во релевантната литература има многу дискусии во врска со дефинициите за мали и средни бизниси. Во Германија често пати за "мала", се смета една фирма со помалку од 20 работници или службеници, а на други места граничната линија е 50 работници или службеници. Авторот смета дека квалитативните критериуми за "мали" се поважни отколку квантитативните, каде човек може да го смета малиот бизнис како таков во кој *сойсшвеникош и менаџерош коинцидираат*. Луѓето од оваа група се исто така типични претставници на средната класа и се многу хетерогена група во однос на големината на капиталот, прометот и добивката, бројот на вработени работници и службеници, перспективата за одредена бранша и др., односно тие претставуваат нова група во Бугарија.Според податоците од анкетата од 1986 год. се регистрирани само 0. 6% како приватни стручњаци. **Поради малиот ооднос на оваа категорија, ние дискутираме за мали и средни трговци и производители заедно, вклучувајќи ги и тие од земјоделството. За разлика од другите социјални групи, оваа група е предоминантно "машка", (мажите се 2-3 пати повеќе од жените), а мнозинството се на средна возраст (31-60 години). Тие кои не се во брак се компаративно покарактеристични. Најчесто тие имаат завршено средно образование. Над 50% од нив се сметаат за самовработени, односно во поголемиот број случаи тие имаат мали бизниси. Во оваа група анкетираните имаат изјавено дека имаат добиено највисок доход. Како што може да се очекува, нивните политички симпатии се ориентирани кон десно и централно-десно, блиску кон УДФ.** Тие во најголем број се лоцирани во големите градови и во главнит град. Според нивната идентификација на социјална класа, тие се меѓу "средно-средна" класа. Интересен факт е тоа што една петтина од малите трговци и производители (со по 9 наемни работници) се самоидентификуваат не само со ниската средна класа, туку и со работничката класа. Тие се евидентно малите занаетчии и производители кои лично се придржуваат на работниот процес и се чувствуваат како работници по потекло. Во случајот со приватните бизнисмени, секако дека постои извесна диференцијација (ние групиравме три вида на бизнисмени: средни, мали и земјоделски), но разликите се во рамките на еден разбирлив домен-**средни**. Сите овие приватници-бизнисмени се поставени помеѓу третите и седмите нивоа од скалата од 10 нивоа. Иако односите се статистички тешки за компарација, дури и членовите кои се вклучени во овој мал модел дозволуваат естимација на нивната позиција како едно ниво над тоа од интелигенцијата. Собирањето во 6% и 7-то ниво покажува апроксимативно дека постои мало самопроценување на приватните бизнисмени што се однесува до нивниот материјален статус. Повеќето од нив се префрлаат самите во "пониската средна класа". Процентот на застапеност на *самовработени земјоделци е 3. 6%.* Тие се издржаваат себеси со нивниот труд и трудот од нивното семејство, од нивното дворно земјиште или пак од друго приватно земјоделско земјиште. Тука се вклучуваат и пензионираните и невработените кои живеат во селата, а во текот на денот се занимаваат со таква работа. Тие се типичен феномен за бугарското село иако ние немаме точни

податоци за нив (осевн тие добиени преку нашиот модел). Дури и во поранешните периоди, односно со анкетата "град и село" во 1986 год., тие беа незабележливи меѓу земјоделските работници и пензионираните лица кои живееле во селата. Овие лица се од работна возраст или над работна старост без оглед на тоа дали се тие невработени или официјално пензионирани. Со цел да се издржаваат себеси тие главно се потпираат на нивниот сопствен труд или трудот во домаќинството на земјоделското земјиште, како и со одгледување на земјоделски култури. Некои од нив работаат само за самоиздржување, односно произведуваат за потребите на нивните домаќинства и нивните блиски роднини, додека пак другите дел од производството го продаваат на пазарот (со специфични разлики спорд регионот и расположливоста на посрдници и сл.). Разбирливо е дека половината од нив се на возраст од над 60 години, а другите, 36% се на возраст помеѓу 46 и 59 години. Повеќето од нив се жени. Нивната напредната возраст укажува на тоа зошто има толку вдовици и домаќинства од само по еден член меѓу нив, односно скоро една петтина. 17% живеат со брачен другар без да бидат званично венчани. Образовното ниво на половината е со средно образование или со помало образование. Карактерот на нивната работа е еден вид "хибрид", односно едн вид на самоидентификација во рамките на структурата на социјалната класа. Се смета дека тие не се сигурни што се: 39% сметаат дека не "работаат" (тие се постарите, кои не се пензионирани, но кои би можеле да живеат од своите пензии ако не е нивната секојдневна работа која им го обезбедува главниот дел за нивната издршка), 28% велат дека имаат "приватен бизнис", како фармери или како одгледувачи на стока (тие се релативно помладите меѓу нив) и 11% тврдат дека се наемни работници, бидејќи (тие обично имаат некоја споредна работа во месната задруга). Во друга општествена скала (тие од горната или долната класа), изгледа дека се над дното по степенот на самоидентификација, нешто што е карактеристично за пензионираните лица. Повеќто од нив36% се самоидентификуваат со "работничката класа", (веројатно затоа што тие се сметаат себеси како лица кои вршат тешка физичка работа), додека пак 28% се сметаат себеси дека се од средно-средната класа. Само една третина се сметаат за "долна класа",16.7%. Во случајот со руралните независни производители, групирањето е помеѓу петото и осмото ниво одејќи надолу од врвот. Тие се слични на вработените по нивната мтеријална самоидентификација, м**еѓутоа, со една разлика; релативно повеќе од вработените се префрлаат себеси на и околу петото ниво, додека руралните производители имаат повеќе критериуми за идентификување на оваа категорија, но тие кои се запознати со состојбата во бугарското село се свесни дека оваа е една важна и специфична општествена група. Тие се декларираат дека имаат релативно најниски приходи. Меѓутоа, тие мислат на финансискиот доход, не доходот во натура, а тоа е основното во нивниот случај. Нивните политички симпатии се најмонгу ориентирани кон лево или централно-лево. Околу 31% се декларираат како симпатизери на Социјалистичката партија. Би било сепак грешка ако истите се пресликаат како да припаѓаат на левото политичко крило. Работите се менуваат и евулуираат, особено од 1995 год. наваму. Иако 25% ја поддржуваат левицата, 22% се за Демократските сили. Голем процент од оваа група немаат глсано (порано тие беа повеќето Социјалистички гласачи); а многу одбиле да гласаат поради немање на кандидат кој тие би го гласале**. Процентот на застапеност

на *квалификувани мануелни работници и техничари е 14%.* Во нив спаѓаат високо квалификуваните и просечно квалификуваните работници и техничари во државниот, приватниот сектор и задружните фирми, вклучувајќи ги тука и самовработените приватници занаетчии, но не вклучувајќи ги вработените работници. **Во 1996 год., 3,2% од работниците беа со висока квалификација и имаа средно стручно или високо техничко образование. Тие повеќето од нив се категорија на мажи (2/3 од нив се мажи). Околу 80% имаат завршено средно образование, 85% се наемни работници, повеќето од нив во државни претпријатија, што објаснува зошто 48% од нив се членови на синдикат. Приходот кој тие декларираат дека го примаат е во ривалитет со оној на бизнисмените. Тие тврдат дека го симпатизираат центарот и десно од центарот. 51% тврдат дека се симпатизери на УДФ.** Повеќето од нив живеат во големите градови (41%), четвртина од нив во малите градови, а другата четвртина во селата. Тие природно се сметаат дека се "работничка класа"-(71%), но неколку се сметаат и за "*средно-средна класа"*- (15%)- (тие кои сметаат дека заработуваат добри пари) и 12% се сметаат како "долна средна класа". Јас оправдано тврдам дека студијата на бугарските средни слоеви има потврдено една важна корелација помеѓу социјалниот статус и политичко-економските стереотипи, проценки и однесување. Постои *специфичен културен модел на средните слоеви за толкување на* општетствените настани и *специфичен културен модел на нивното однесување.* Нив им е полесно да ја прифатат новата економска и политичка стварност и тешкотиите, полесно им е да ги поднесат материјалните тешкотии и несигурност, а побрзо да ги стекнат демократските вредности и норми, да се еманципираат себеси во политиката. Тие се повеќе подложени на индивидуална иницијатива. Во сегашнава тешка социо-економска состојба тие прифаќаат поактивен однос кон животот, а не само да се ограничуваат на нивната потрошувачка, туку бараат дополнителна работа, за поголем приход, а некои отпочнуваат и со приватен бизнис. Јасно е дека овие групи се носители на *динамичен културен модел на размислување и однесување,* еден поадеквтен пристап кон реформи и кон пазарна економија и кон демократски политички систем. Ние со доверба тврдиме дека групите во оваа "субкултура" припаѓаат на овој културен модел на ставови и односи и се прототип на идната стабилна средна класа и на средните слоеви (стр. 235- 243).

## 3. НАЈАВИ ЗА ТРЕТИОТ ПАТ ВО ДОМЕНОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Трендот на порастот на јавните трошоци во Западна Европа и во други индустријализирани земји, се должи на ефектуирањето на огромните трансфери во доменот на социјалната зашита Тие доведоа до криза на легитимитетот на државата на благоисостојба. Отука е сосема разбирливо што излезот од таквата позиција се бара во трансформацијата на државата-заштитник, која се повеќе се трансформира во моделот за "еднаквост на шансите".

Оваа концепција, иако на прв поглед е едноставна и лесно применлива, содржи многубројни и сложени конпоненти и задолжителни предуслови за нејзино реализирање. Меѓутоа, нејзината применливост и прифатливост е универзална, а посебно е ефикасна во услови на пазарно стопанство.

Поради овие причини, принципот за "еднаквост на шансите" може да биде применлив и во Република Македонија, и тоа поради најмалку три причини:

- во Република Македонија јасно е обележана либералната опција, што се манифестира и низ регулативната функција на пазарот;
- во Република Македонија се чуствува недостиг на јасно обележан модел на социјална политика, па според тоа, моделот "за еднаквост на шансите", преставува сериозен предизвик за оние што се повикани да изградат соодветен модел на социјална политика;
- Република Македонија има постигнато завидни резултати во образовниот систем, а со помош на негова порационална насоченост, како и со развитокот на неопходна образовна инфраструктура за соодветна преквалификација и професионално формирање, резултатите можат да бидат уште поповолни. Инаку, воспитно-образовниот систем е основната компонента на моделот за "еднаквост на шансите".

Основните премиси на оваа концепција се состојат во толкувањето дека "секоја индивидуа располага со капацитети што ѝ овозможуваат да реализира нормални приходи за водење еден просечен живот". Од оваа констатација произлегува дека не станува збор за директна сатисфакција на потребите на индивидуата, туку за анимирање на можностите што ги поседува индивидуата со помош на ефектната работа, што ќе му донесе доволно заработка на поединецот за да ги задоволи сопствените потреби. Инаку, потребите на индивидуите, според оваа концепција, ќе бидат задоволувани преку пазарот, односно со почитување на неговите законитости, но и со целосно почитување на правдата, а во функција на ефикасно задоволување на потребите. Оваа аксиома преставува една противречност. Но, во што се состои решението ?

Едноставно, како што постулира концепцијата за "еднаквоста на шансите", наместо да се дејствува врз пазарот, се дејствува врз индивидуата, со цел поединецот подобро да е вооружен кога ќе се најде соочен со законитостите на пазарот. Со други зборови, суштината на акцијата е на сите индивидуи да им се обезбеди рамноправност на шансите.

Една од основните средства за борба против сиромаштијата е подигањето на воспитно-образовното ниво на загрозените: меѓутоа стимулирањето на воспитните и образовните функции мора да биде проследено со реформи на стопанските услови на работењето на поединците.

Додека старата економска концепција предлага да се задоволуваат непосредно основните потреби на образованието и воспитувањето со анимирање на еден соодветен систем на јавната продукција, новата економска концепција предлага да се редефинираат правата на производителите и потрошувачите со цел да се отворат нови пазари за понудата и побарувачката кои натаму ќе стимулираат нови форми на образование и сознание.

Во оваа насока, тоа не значи механичко задоволување на нивните потреби, туку директна акција на државата за успешна интеграција на групите што се исключени по разни основи од системот, и преку разните механизми на социјална политика (образование, доквалификација), успешна реинтеграција во општеството, што е еден вид создавање еднакви шанси и за социјлните групи.

Меѓутоа, суштината на концепцијата за еднаквост на шансите не се состои во нарушување на пазарните законитости, туку во такви социјални акции што ќе доведат до задоволување на основните потреби на индивидуата или групата што поуспешно да се соочат со неемотивната логика на пазарното стопанство, однсно самите тие да се во состојба да ги компензираат неговите негативни ефекти.

Потребите за кои станува збор, се оние што ќе придонесат за подобра заработка на индивидуата, односно групата. Тоа се образованието, професионалната квалификација, здравството, соодветното живеалиште, забавата, итн.

Според тоа, да се обезбеди еднаквост на шансите за сите индивидуи и групи ќе значи тие да бидат доведени во позиција на рамноправност со другите фаворизирани индивидуи или групи на пазарот по пат на константно подобрување на факторите од кои зависат можностите за подобра заработка, односно богатството на нивниот човечки капитал.

Меѓутоа, таквата концепција ќе ја достигне својата вистинска социјална валидност низ нејзината практична промоција. Промоцијата на концепцијата за еднаквост на шансите во едно општество предпоставува и нејзина практична примена низ содржината на социјалната политика во тоа општество. Притоа е јасно дека заживувањето на оваа концепција е можно онаму каде што е можна егзистенцијата на основните конпоненти на **пазарното стопанство**. Втората група неопходни конпоненти за заживување на концепцијата е постоењето на една современа држава што не е **бирократски оптоварена и строго хиерархиски конструирана, туку силна и современа држава со флексибилен и ефикасен државен апарат**. Третата група неопходни конпоненети произлегува од предходните две. За успешно заживување и промоција на моделот за "еднаквост на шансите", неопходен е и **развиен даночен систем** кој државата го спроведува врз пазарните стопански субјекти. Конечно сите претходни три групи компоненети се сврзани во четврта група конпоненти, а тоа е воспоставување **еден ефикасен и современ воспитно-образовен систем кој ги задоволува потребите на целата популација.** Во оваа група

компоненти можеме да ги сместиме и другите инфраструктурни механизми кои обезбедуваат реализација на моделот за еднаквост на шансите, како што се **културата, забавата, одморот и рекреацијата**.

Сепак во средиштето на оваа концепција е содржината на парадигмата што ја оценивме како човеков капитал, впрочем некои автори како што се Ksavie Gref со право истакнуваат дека на изразот "еднаквост на шанси" најсоодветно му одговара изразот "**човеков капитал"**, според **Ружин, Н. (1994,:135-142).**

Според извештајот на експертската работилница на Обединетите Нации (1997,:24-27), образованието е најмоќно средство за разбивање на магичниот круг на сиромаштијата, немоќ и исклученост. Иако основното, примарно образование е од суштинска важноост, тоа не е доволно за промовирање на партципацијата и интеграцијата.

Социјалното учење и професионална обука им се потребни и на младите и на возрасните доколку сакаат да се прилагодат на социјалните и еконмски промени кои се случуваат во сите земји. Доживотното учење не е само начин за борба против невработеноста и исклучувањето, тоа е исто така важно и за социјалната интеграција меѓу генерациите.

Ќе прикажеме и едно поинакво размислување за образованието кое дава една поинаква слика на овој домен кој се смета за клучен за моделот на "еднаквост на шанси". Врската меѓу образованието и општеството се набљудува низ две спротиставени теоретски имликации: според првата, образованието е само средство за репродукција на постојаната општествена структура, и според втората дека образованието е способно за обликување на нов тип на општество, односно дека тоа настапува како своевиден и значаен реформатор на современото општество. Образовниот систем преставува хиерархиска организација и во исто време своевидна легитимација за идните припадници на одделни професии и општествени слоеви. Преку системот на образование се врши своевидна општествена селекција. Еден дел од децата се образоваат во елитни училишта, кои ги подготвуваат за упис на универзитетот и стекнуваат врвна култура, еден дел посетуваат завршни стручни училишта, а дел своето образование го завршиле со основното училиште.

Формулата за еднакви шанси во образованието во услови на масовно школување на универзитетот, според S. Keller, RVahrenkamp, 1975 (Георгиевски, П), преставува адекватно оправдување на големите бирократски системи на монополистичкиот капитализам и ја оживува вечно важечката престава дека секој може да стане капиталист, само ако е вреден. Оваа формула е рафинирана и притоа цинично средство идеолошки да се осигурат и заострат хиерахиските односи меѓу оние кои работат за надница. Таа им вели на оние кои се наоѓаат "долу", дека имате шанси да дојдете "горе" само треба да се школуваат. На тој начин на поголемиот дел од популацијата ситуацијата би можела да им се престави како последица на нивната глупавост или мрзливост, што значи само како резултат на нивното сопствено лично однесување, а не на општествената логика според Keller, (Георгиевски, П.) Се поставува прашањето што покажуваат американските истражувања за "еднаквите шанси", односно разликите во успехот на

образованието и што покажува споредбата меѓу работниците и средната класа во сферата на образованието според Haralambos, 1989 (Георгиевски, П). Прво, дека класната и етничката стратификација директно е поврзана со успехот во школувањето и дека вредностите и нормите на општествените класи и етнички групи влијаат врз резултатите во системот на образование и второ за припадниците на работничката класа образованието, како средство за постигање повисок статус во работата и вербата во можноста за лично напредување има помала вредност во однос на припадниците на средната класа.

Истражувањата за образовните шанси кај децата од редовите на пониските социјални слоеви покажаа дека вина за неуспехот во образованието се наоѓа кај нив самите, кај нивните родители, непосредната околина и субкултурата во групата во која живаее.

Класниот карактер на средното образование има тенденција не само на закоравено одржување и репродукување на социјалните нееднаквости преку образованието, туку како напуштање и бегање од начинот на живеење на мануелните слоеви, пред сé, од работничките и земјоделските семејства, така што на едниот пол од класно социјалниот глобус се наоѓаат ученици со потекло од работничкиот и земјоделскиот слој, додека на спротивниот се гимназиите составени претежно од ученици на слоевите на администрацијата, стручњаците и раководителите, (Георгиевски, П. 1998).

Според **Сланинка, М. –Динева** (ј1998,:119-125), анализата на важечкиот Устав на Република Македонија, одделни уставни одредеби како што се членовите 39 и 44, укажуваат дека граѓаните, како поединци и семејство се задолжени со Уставот и со позитивното право да се грижат за следните нешта: за сопственото образование (поединечно и за членовите на семејството), потоа за одржувањето на здравјето, и редица права и должности што се однесуват на психофизичкиот развој и одржување на стекнатите позиции во поглед на вработеноста, на животниот стандард (кој е во секојдневно опаѓање) во поглед на начинот на домување, како и во поглед на спортот и рекреацијата. По се изгледа, ценејќи ги уставните права и должности, но и оние што се утврдени со конкретни закони, дека граѓаните имаат поголеми должности отколку државата.

Во периодот означен како "транзиција", социјалната држава според своето димензионирање, претставуава определен редефениран концепт на поранешниот т.н. тоталитаристички систем, кој не е до крај обликуван законски и подзаконски. Нормативно, институционалното определување на сите нивоа каде што се јавува т.н. "социјална држава" според субјектите, според дејностите (областите) и според управната постапка.

Притоа авторот за поуспешно функционирање на социјалната политика ги предлага, следните нивоа: поединец, семејство, локална заедница (сватена како локална самоуправа), различните институционални и вонинституционални форми, како што се: јавни установи, невладини организации, приватни установи, органи на управата и други институции. Со цел да се постигне:

-зголемување на дејствувањето на системот на нестопански јавни служби (институционализирани и неинституционализирани форми) во рамките на системот на локалната самоуправа;

-секоја законска измена и дополнување да кореспондира со промените на карактерот и движењата во стопанството. Во тој контекст, како посебно значајно, се истакнува фокусирањето на социјалната политика како општопрактична, но и како научна дисциплина во рамките на т.н. "социјална држава".

Според (**Доневска, М. 1999:,150), п**о Втората Светска Војна, во Европа се формираа неколку модели на социјална заштита:

-**Скандинавски модел**, каде што државата обезбедува или поттикнува вработување, потребите на граѓаните се задоволуваат на пазарот на трудот;

-**Резидуален модел**, кој означува задоволување на потребите на граѓаните преку пазарни механизми. Државата помога при крајно необезбедени случаи преку социјални сервиси. Другите активности со социјалната компонента во однос на потербите на граѓаните ги вршат невладини институциии и специјализирани државни институции;

-**Корпорационен модел**, се потпира врз заложбата граѓаните да работат и да се осигуруваат за пензионерскиот живот. Државата ги штити основните прва на граѓаните, а другите активности ги превземаат невладините, професионалните, религиозните и другите професионални групи. Моделот кој во Германија го оформи Бизмарк функционира до денеска и во други држави (Белгија и Холандија);

-**Модел на елементарна социјална помош**, е типичен за економски слабите држави од Европската унија (Португалија, Шпанија, Ирска). Во овие држави социјалната помош всушност е обезбедувана од страна на добротворни организации.

Според мислењето на авторот, кај нас се практикува мешовит модел, со елементи превземени од скандинавските искустава.

Една од значајните претпоставки за развој на социјалната држава е создавање еднакви шанси за човековиот развој, и тоа не само обезбедување животна егзистенција, туку и да се осигураат за напредување во сите свери на животот, според личните способности и склоности а не само според личните материјални можности. Со подобрување на економската состојба на земјата треба да се оди кон развој на нови шеми на социјална политика, кои ќе ја намалат улогата на државата, а ќе го зголемат учеството на граѓаните.

# 4. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНАТА СТРАТИФИКАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општеството во кое живееме се каректеризира со изразена динамичност, но и со се повидливи внатрешни спротивности и контрасти. Моќта на власта продуцира поинакви од досегашните правила на игра, која таа самата ги пропишува и практикува во одредени моменти додека се поседува власта.

Социјалното стопанство е инспирирано од неолибералниот идеал (Leitbild) на западногерманската политика во 1948 год., а се разликува од ордолиберализмот по се поголемото приближување кон социјално-политичките цели и бара од носителите на економската политика поголема социјална одговорност,според **Гирш, Х.** (Леонидов А. 2000, стр. 64).

Основоположниците на социјалната пазарна економија, хуманата природа на оваа доктрина ја гледаат во слободата на индивидуата, иницијативност и предприемништво, конкуренцијата, пазарната економија помеѓу стопанските субјекти, еднакви шанси за актерите во социјално-економскиот простор, постигнување на социјална праведност за сите. Сосема е јасно дека без корекција на економската политика на државата, пазарната економија може да создаде социјално непожелни последици, невработеност, намалување на платите и на животните услови на одредени слоеви од популацијата, (ibid,: 66).

Во Извештајот на Обединетите Нации (1997,:1), шефовите на држави на влади на Светскиот Самит за социјален развој истакнаа дека цел на интеграцијата треба да биде "општеството за сите", во кое сите луѓе имаат право и можност да учествуваат во донесувањето одлуки кои се однесуваат на нивните животи.

Веќе подолго време дебатите за развој го игнорираат фактот дека сиромаштијата се карактеризира не само со недоволност на материјални средства, туку и со негирање на правата. Она што е потребно е таков пристап кон развој кој ќе се засновува на правата. Овие права не им се луксузно достапни само на богатите и моќните, туку се незаменлива компонента на националните развојни напори. За развој е потребно инвестирање во социјалниот капитал заради подобрување на социјалните односи и мрежи, создавање консензуси, индивидуални, организациони и институционални способности. Во овој контекст партиципацијата е централен елемент.

Историскиот поим на граѓанството, или ефективното членство во заедницата на една територијална област, најпрво ги обезбедува граѓаните со рамноправен пристап до политичкиот и правниот систем. Последната фаза, социјалното граѓанство, се свака како право на граѓаните за правичен удел во економските и социјалните ресурси на земјата. Во многу современи општества социјалните аспекти на граѓаните стануваат сé поважни. Преку барањето на социјани права, луѓето можат да се стекнат со доверба во остварувањето на нивното граѓанство, а која би можела да се пренесе кон остварување на политичките права (ibid,:20-24).

Во поглед на остварувањето на правата ќе ги проследиме размислувањата на конзервативната и левата концепција:

Авторите кои се залагаат за децентрализација на државата на социјални давања, велат дек државата ја стимулира сиромаштијата со нејзините крути правни механизми. Еве како го поткрепуваат тоа: примачите на социјалните услуги не одлучуваат кој вид на социјална помош ќе ја примаат, за тоа се одговорни државните службеници. Во политичкиот процес кој е многу осетлив на притисокот на организираните групи, обликот на државната социјална политика го штити интересот на оние кои ја даваат услугата на социјална помош за разлика од оние за кои е наменета услугата, според американскиот политиколог **Stuart M. Butler (1988,:59-60).**

Џонсон вели дека донесувањето на законите за социјлната заштита придонесуваат, физички способните Американци да одлучат самите себе да не се издржуваат, и на тој начин бараат од другите Американци тие да работат за нив. Логиката за ова се бара под превезот на "**социјалните-човекови права, или правото на нешто".** Тој вели кога еден човек може повеќе да заработи примајќи социјална помош отколку да работи како приправник, тогаш е јасно зошто соседот се смета себе за "будала", кој работи за таа сума на средства. А кога системот на социјална помош функционира така што ја скратува социјалната помош, кога граѓанинот ќе почне да напредува во разрешувањето на својот проблем, таа зависност уште повеќе се стимулира, (ibid, **Butler,**:63).

На крај, ефикасен, и сепак разумен пристап на социјална помош никогаш нема да се оствари, доколку не се пронајде механизам, кој ќе ја прекине цврстата врска на професионалните давачи на услуги, на кои им е во интерес максимално да ги зголемуваат материјалните давања наместо да ги решаваат проблемите. Давање на наменски налози за исплата отколку финансирање на работни места за сиромашните работници, на пример, го преобразува сиромашниот свет во моќни потрошувачи и ги присилува давачите на услугите најмногу внимание да обратат на изборот кој го обавуваат сиромашните, отколку да лобираат за склопување на договори за работа. Друга успешна техника е да се охрабри државната управа на сите нивоа да склопува договори директно со сиромашните за давање на услуги во некоја заедница. Со тоа ќе се подржи начелото, дека "соседот треба да му помага на соседот", што во праксата се покажало доста ефикасно, на пример, во усмерување на позасилена локална иницијатива од самото население.Со овој систем би се одбележала една значајна промена во доменот на социјалната поплитика. Со ова одговорноста ќе се пренесе на сите нивоа на општествената структура и ќе ја реактивира одговорноста на семејството и заедницата во борбата против сиромаштијата, со што ќе почне да се решава начелото на вземна одговорност за проблемите кои ги засегаат.

Во книгата "Во потрага за среќата и добра влада", (In Pursuit:Of Hapiness and Good Government), вели: во добро организирано општество, граѓаните мора да имаат пристап до матреијалните богатства, безбедност, внатрешна награда и самодоверба. Меѓутоа, малите групи на работа, во семејството и локалната заедница, преставуват јадро во која треба да се изградат такви услови и преку кои се постигнува среќа. Мора да постои точка на која треба да се запре ингеренцијата на државата, не заради навлегувањето во човековите слободи, не заради буџетските ограничувања, туку поради тоа што среќата не може да ја имаат

граѓаните доколку не се потрудат сами за себе. Во САД двете главни струи: либерална и социјал-демократска, се придржуваат до тоа значајно начело. Разликата помеѓу нив се состои во тоа, каде државата не смее да се меша. Социјал-демократите, мислат дека државата е главен извор на основните услуги, а ги издвоиле неколкуте нееекономски аспекти на личниот живот, како подрачија во кои државата не треба да се меша. Либералите се залагаат за држава, на која и е забрането се освен многу мал број ограничени задачи, според политичкиот аналитичар **Murray, C. (1990,: 41-45),**

Во оваа атмосфера на "превладување на интереси" во распределбата на власта и ресурсите, недоволно се посветува внимание или пак се игнорираат или негираат основните вредности, кои се пропишани и во Уставот на Република Македонија. Нашата држава во својот Устав (чл. 8) имено, декларативно се изјасни да биде правна држава која ќе ги почитува основните и темелни вредности меѓу кои: основни слободи и права на човекот и граѓанинот признани во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, социјална држава, правна заштита на сопственоста, слободата на пазарот и предприемништвото, локалната самоуправа, уредувањето и хумамнизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животнта средина и на природата и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Сепак се почесто може да се прочита или слушне во печатените или електронски медиуми дека граѓаните се лишени од некои вредности, па дури и од утврдените со Уставот и закон. Од друга страна, нашата држава е со намера за приклучување кон општите глобални светски тенденциии, кон Европската Унија, кон Светската трговска организација, кон Советот на Европа и различни други асоцијации кои се залагаат за подобрување на индивидуалните слободи и права (кои ги вклучува како социјалните така и граѓанските права) и др. За приклучување кон овие 'семејства" постојат одредени пропишани конвенции кои ние треба да ги усвоиме, ратификуваме и имплементираме во секојдневното наше живеење. Тоа подразбира, не само да ги ратификуваме тие конвенции туку и да ги прилагодиме за сите граѓани на Република Македонија, а покасно и во практиката на внатрешниот правен поредок на државата.

Имено, иако Република Македонија е потписничка на голем број на конвенции и прописи од меѓународен карактер, дел од тие прописи се усвоени и во нашита законска регулатива. За поеднини слоеви од населението законите немаат исто значење. Како резултат на тоа се направи нетранспарентна, нееднаква распределба на материјалното богатство со кое располагаше државата, а ова придонесе до поларизација на населението на екстремно мала група многу богати, придвижување на еден дел од средниот слој во нискиот слој и голема група на сиромашно населенеие. Ваквата состојба, придонесе една мала група на новостекнати богаташи да се инволвира во политиката и власата и да има голема моќ во донесување на одлуки кои се однесуваат на поголемиот дел од населението.

Тргнувајќи од трите основни критериуми: имотот, општествената моќ и општествениот углед, во Македонија во сегашниот политичко-економски амбиент можат да се идентификуваат следните социјални слоеви: 1. Работници (неквалификувани, полуквалификувани, квалификувани и висококвалификувани);

2. Раководители (стопанска и нестопанска елита); 3. Службеници; 4. Стручњаци и уметници; 5. Самостојни занаетчии; 6. Мали земјоделски фармери; 7. Пензионери; 8. Невработени; 9. Домаќинки;, (Јакимовски, Ј., 1998,: 34).

Во Извештајот на UNDP за Македонија (1998,:7), се наведува дека во Македонија горниот слој го сочинуваат политичари, воени старешини со високи чинови, бизнисмени и интелектуална "елита", додека средниот слој е со голема тенденција на придвижување кон нискиот слој и го сочинуваат мали ситни бизнисмени и фармери кои поседуваат земја за обработување и нискиот слој го сочинува: селска популација, пензионери, невработени, и нееманципирани групи од етничките малцинства.

Во Македонија можат да се идентификуваат следните слоеви: 1.државни и политички раководители; 2.крупни приватни бизнисмени, директори и менаџери во поголемите и приватизирани претпријатија со започната приватизација, значајни раководители во стопанството; 3.стручњаци надвор од стопанството; 4.стручњаци во стопанството; 5.уметници во најширока смисла, професионални спортисти и слични занимања; 6.покрупни индивидуални земјоделци, 7.помали успешни приватни бизнисмени и конуктурни занаетчии кои вработуваат и туѓа работна сила; 8.службеници (административци); 9.ВКВ-работници; 10.КВработници; 12.ситни градски приватници; 13.ситни земјоделци; 14.пензионери со високи лимитирани пензии; 15.пензионери со просечни пензии; 16.пензионери со минимални пензии, кои се чудат на кој начин да врзат карј со крај; и 17.невработени, според Бубевски, Д.(2001,:45-47),

Како резултат на различната поделба на слоевите која се сретнува во постоечката литература, во ова истражување се обидов горенаведените категории да ги поделам во три слоја: низок, среден и висок, по детално за ова е наведено во предметот на истражување.

Околу 70% од вработените примаат пониски плати од просечната, од нив околу 20% просечно примаат задоцнети плати, две третини од пензионерите примаат пониски пензии од просечната (просечнат пензија изнесува 68% од просечната). Во периодот по 1991 год. настана процес на засилено социјално поместување помеѓу одделните групи на население. Најголемо поместување се јавува од средните слоеви кон долните, односно кон т.н. сиромашни слоеви. Притоа сиромаштијата во Македонија е воглавно рурална, застапена во земјоделските семејства, во домаќинствата со повеќе деца, со ниско образование на членовите во домаќинствата, како и кај старите и хендикепираните лица, според Наневски, Б, (1998,:64-69), Бројот на сиромашното население е во постојан пораст и тоа:

Преглед бр.1. Број на сиромашно население.

| **мерено според критериумот 60% од средната еквивалентна потрошувачка** | | **мерено според критериумот 70% одсредната еквивалентна потрошувачка** | |
|---|---|---|---|
| *1994 година* | 9.0% | *1994 година* | 15.8% |
| *1996 година* | 18.3% | *1996 година* | 29.8% |

Извор: Наневски, Б, (1998,:64-69), Социјално -Пазарно Стопанство искуствата на Германија и на Македонија .Реферат.

Според податоците на Светската банка, повеќе од 22% од домаќинствата во Македонија беа под линијата на сиромаштијата во 1996 год.

Обемот на сиромаштијата и на социјалното раслојување на населението на посрден начин може да се види од висината на социјалните фондови и нивното учество во буџетот на државата:

Прегелед бр. 2.Обемот на сиромаштијата и на социјалното раслојување на населението според висината социјалните фондови и нивното учество во буџетот на државата.

| | | **во 1996 година** | **во 1997 година** |
|---|---|---|---|
| 1 | учеството на социјалните фондови за пензиско, здравствено и вработување во буџетот на државата | 37.6% | 40.9% |
| 2 | Социјално загрозени семејства | - | 7.2% |
| 3 | детски додатоци | - | 1.1% |
| 4 | трансвери во фондот за пензиско и инвалидско осигурување | - | 10.6% |
| 5 | Трансверот за невработени поради структурни промени | - | 7.7% |

Извор: Наневски, Б, (1998,:64-69), Социјално -Пазарно Стопанство искуствата на Германија и на Македонија .Реферат.

Во 1990 год. во Македонија, бројот на регистрирани вработени изнесувал 507.300 лица, од кои 318.100 мажи и 189.200 жени, додека на крајот на 1997 година, тој број е помал за 187.800, односно се вработени 319.500, од кои 197.800 се мажи, а 121.700 се жени. На крајот на 1996 година, околу една третина од вработените беа во т.н. општествен сектор, повеќе од една третина во приватниот сектор, една четвртина во мешовитиот сектор, а помалку од 5% во државниот сектор.

Стапката на невработеност изработена според меѓународни стандарди (Анкета на работна сила), која овозможува меѓународно спроведување, на крајот на 1997 год. изнесува 36.0% и тоа: за мажите 33.0%, а за жените 40.8%. Кога вработеноста се пресметува како однос помеѓу евидентираните невработени и активното население таа во 1997 год. изнесуваше 41.7%, во споредба со 23.0% колку што изнесуваше во 1990 год. Бројот на невработени на крајот на 1997 год. изнесува 253.000 лица од кои 138.100 се мажи, а 114.900 се жени. Во 1990 год. бројот на невработените е значително помал и изнесува 156.300, од кои 76.500 се мажи, а 79.600 се жени. Во периодот 1990-1997 год. бројот на невработените е зголемен за 61.9%, односно невработени се 102.700 лица.

Анализата на структурата на невработениете според стручната подготовка го покажува степенот на социјалното раслојување на одделни групи од населението. Така, во 1997 год., 132.800 невработени или 52.5% од вкупно невработените се полуквалификувани, неквалификувани и со ниско образование, 46.000 или 18.2% се квалификувани и високо квалификувани, 59.4 илјади или 23.4%

се со средно образование, 6.300 или 2.5% се со вишо, а 8.600 или 3.4% се со високо образование. Во структурата на вкупно невработени порасна учеството само на полуквалификуваните, лицата со ниско и ниже образование и тоа од 49. 8% во 1990 на 52. 5% во 1997 година, како ина квалификуваните и висококвалификуваните од 17. 5% на 18. 2%, додека учеството на другите групи е намалено.

Во структурата на невработените по возрасни групи, најголемо е учеството на лицата до 30 години (46.8% во 1997 год., а 71.3% во 1990 год.), потоа доаѓаат лицата на возраст 30-40 години (29.5% во 1997 год., а 17. 8% во 1990 год.), лицата над 40-50 години се значително помалку (15.3% во 1997 год., а 7.2% во 1990 год.), а најмала група се лицата над 50 години (8.4% во 1997 год., а 3.7% во 1990 год.). Структурата на невработените според староста покажува дека во социјалното раслојување најповеќе се опфатени лицата до 30 години кои формираат околу половина од вкупноиот број на невработени, како и лицата со над 30-40 години кои формираат помалку од една третина од невработените. Тоа значи дека еден голем дел од највиталното население (76.3% од невработениете) спаѓа во групата на социјално загрозени лица.

Подолу ќе ги согледаме најновите состојби на невработените според образовние, старосна структура, место на живеење (село и град) и вкупниот број на вработени лица (евидентирани и лица кои биле надвор од евиденција), лица кои се корисници на здравствено осигурување и лица корисници на паричен надоместок во Бирото за вработување. Овие податоци се добиени од веб сајтот на Републичкото биро за вработување за периодот јануари 2002 год.

Во овој период најголем е бројот на невработени лица со следните образовни степени со НКВ 175.668 од кои (жени 76.530), ССО 87.939 (жени 47.065), КВ 67.268 (жени 23.678), високо стручно образование 12.707 (жени 7.321), вишо 6.890 (жени 3.627), магистри 54 (жени 18), доктори на науки 24 (жени 12) или по сите основи вкупната бројка е 367.319 од кои (жени 162.819). Од овде може да се забележи дека лицата со пониски образовни степени се во поголем број невработени во споредба со лицата со повисоки образовни степени, додека иако во Македонија мажите и жените се приближно застапени во популацијата имаме ситуација каде што мажите се во поголем број невработени или во сегашни услови тие помалку се снаоѓаат на пазарот на трудот.

Гледано според старосната структура на невработени лица, старосната група до 30 години е најневработена 143.045 (жени 68.554), 3040 години 101.213 (жени 46.156), 40-50 години 68.593 (жени 31.544), над 50 години 54.469 (16.565). Најзасегната популација поради невработеноста е возрасните групи до 30 години и 30-40 години тоа е најмладата популација која е во најработоспособниот период од животот.

Според местото на живеење, најголем е бројот на невработени лица во градските средини од кои 239.830, додека во селска средина до 15 км се 127.489 гледано од вкупниот број невработени на ниво на Македонија.

Остварени вработувања кои се евидентирани во Бирото за вработување за 2001 година се 3.107 од кои на неопределено време 1.772, на определено време и сезонски 1.335, вработувања надвор од евиденцијата вкупно 4.006, на неопределено

време 2.942, на определено време и сезонски 1.064 или по двата односи вкупно 7.113. Овде треба треба да се забележи дека се остварени вработувања надвор од евиденцијата 4.006, што говори дека поголем број од вработувањата се обавени надвор од евиденцијата и ингеренциите на Бирото за вработување и неговите надлежности се превземени од страна на политичките партии. Вакви ингеренции на вработувње не познава законодавството за работни односи. Овој податок кажува дека не се почитува правната држава и дека за да се придобие власта или да се опстои на власт се манипулира со најчуствителните проблеми на граѓаните од каде директно им зависи егзистенцијата.

Лица кои се корисници на здравствено осигурување во Бирото за вработување во периодот јануари 2002 год: работници под стечај 8.589, сезонски вработени 1.613, технолошки вишок од работен однос 23.023, загубари 8.393, здравствени осигуреници 182.092, реформи во државна администарција 340 или вкупно по сите основи 224.050.

Лица кои се корисници на паричен надоместок, кои се евидентирани во Бирото за вработување во периодот јануари 2002 година: работници под стечај 8.589, сезонски вработени 1.613, технолошки вишок од работен однос 23.023, технолошки вишок 25 загубари 4.314, технолошки вишок 12 загубари, 4.079, реформи во државна администрација 340 или вкупно по сите основи 41.618.

Посебен интерес претставува, предизвикот, да се обидеме, колку е тоа возможно, да се расветлат барем дел од овие проблеми кои ги засегаат сите граѓани во петте основни столбови на ко се темели социјалната политика, а тоа се: 1.Проблемот во доменот на невработеноста; 2.Проблемот во доменот на пензиското и инвалидското осигурување; 3.Проблемот во доменот на социјалната заштита; 4.Проблемот во доменот на здравствената заштита; и 5.Доменот на образованието.

### 4. 1. Проблемот во доменот на невработеноста

Во Македонија е илузорно да се зборува за социјалната држава во актуелните услови на економското функционирање и раширената социјална беда. Речиси 70% од населението е социјално загрозено, фондовите се исцрпени, стопанството е немоќно. Македонија живее една мошне тешка транзиција чиј основен носител е државата. Токму заради напред кажаното, можеби во актуелните услови на транзиционите поскомунистички општества би можеле, наместо за социјална држава, повеќе да зборуваме за одредена, "социјална политика".

Ако сакаме да ги потврдиме аргументите на таквата констатација, треба само да ги погледнеме следните аспекти од овој домен: Македонија по десет години на транзиција треба да има 360.000 невработени (според Заводот за вработување). Во структурата на невработените лица, големо е учеството на младата популација 48,3% до 30 години.

Стапката на невработеност во Република Македонија на почетокот на 1999 год., според проценките на Светската банка, изнесуваше околу 34%. Кај женската популација, стапката на невработеност достига до 45,4% од активно работоспособните жени.

Алармантна е состојбата и во доменот на платите. Од околу вкупно 300.000 вработени, над 20% немаат земено плата неколкку месеци, додека платата на останатите вработени достига просечно меѓу 100 до 150 евра месечно. Во доменот на платите, примањата на службениците се замрзнати, а со новата одлука на Владата од јуни 1999 год. се предвидува не само смалување на платите на администрацијата за 10-12% туку и нејзино рационализирање по пат на отпуштање,како што се случи со донесувањето на политички закони за предвремено пензионирање или отпуштање од работа, во периодот на 2000-2001 год., според Ружин,Н. (1999-а,:354),

Невработеноста во Македонија бележи висока стапка (36%) и преставува најманифестна форма на деградација и осиромашување на граѓаните,според Чонева, Љ. (2000,:3-5),

Невработеноста во западно европските држави доколку се мери со едноцифрен број на пр. 9%, државата алармира и превзема низа на мерки за намалување на оваа појава.

Еден од најкомплесните проблеми во овој период, цениме дека е приватизацијата и нејзината реализација.Токму нејзиното спроведување, "правилно или не", доведе до низа неправилности. Приватизацијата создаде армија "стечајни" работници, со што се зголеми и онака големиот број невработени. Така од 156.000 невработени лица во 1990 год., тој број се зголеми на 332.812 во 1999 год. ,Димитриоска, В. (ibid,:4).

Бројот на евидентираните невработени лица во јуни 2000 год. изнесува 354.000, со што бројот на регистрираната невработеност ја надминала бројката на регистрираната вработеност за околу 39.000 лица. По општини најголемо учество во регистрираната невработеност има Скопје (24,5%),според 15-от извештај на Министерството за финансии за "Економскиот развој на Р.Македонија", (2000,:8),

Прегелед бр.3.Број на варботени, невработени и пензионери

| ред. бр. | категории | 1990 год. | 2000 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | **вработени** | 507.324 | 311.716 |
| 2 | **невработени** | 156.323 | 361.273 |
| 3 | **пензионери** | 158.964 | 238.162 |

Извор: Министерството за труд и социјална политика, податоците се земени од проектот за социјална подршка-Мониторинг на сиромаштијата, за 1999-2000 год.

Во Европа 20 милиони луѓе се без работа; 15 милиони работни места, со полно работно време само во Европската унија се загрозени. Секој седми европеец живее веќе под прагот на сиромаштијата, според **Бек, Е.** (1998,:106),

Според **Гиденс, А.** (1998,: 142), Во одредени региони се зголемуваат материјалните придобивки, додека некои региони се исклучени од тие текови. По 1998 год, најбогатите 20 земји во светот се горди на нивните постигнувања. Околу една четвртина од светската популација живее во тие земји. За многу од најсиромашните општества се забележува економска стагнација во нивните системи или апсолутна сиромаштија. Околу 30% од населението во светот живее во границите на бедата со доход еднаков на еден американски долар на ден. Африка, на југот од Сахара, е исклучена од Јужноафриканската Република, фактички претставува цел исклучен континенет, а во посиромашните земји се случува исклучување на населението од страна на врвот на државните раководства. Мали елити, кои располагаат со големо богатство, живеат физички и културно изолирани од големото мнозинство, според**Гиденс, А.** (1998,: 142).

## 4. 2. Проблемите во доменот на пензиското и инвалидското осигурување

Еден од најзначајните фондови во доменот на социјалното осигурување, Фондот за пензиско-инвалидско осигурување до 1996 год. бележеше перманентен дефицит. Поради тоа, фондот се соочуваше со прашањето на редовните исплати на пензиите. Со измените и дополнувањата на Законот за финансиско работење, според кој се овозможи, , извршување на наплатата на заостанатите придонеси од страна на субјектите со попуст од 70% или на рати, а со воспоставување на механизам за поефикасна наплата на тековниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување до 25-ти во тековниот месец за изминатиот месец, се подобри и финансиското работење на Фондот. Меѓутоа, таквиот владин потег не означи дека и дефинитивно се надминати проблемите од финансиското работење во оваа институција. Напротив, перманентниот притосок за предвременото пензионирање, како и оној за добивање инвалидски пензии, заедно со квотата новопристигнати пензионирани лица од една и економската нестабилност на обврзниците кои котизираат во Фондот, од друга страна, имаат тенденција да го дестабилизираат досегашното релативно функционално работење на овој систем. Инаку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување работи спроед принципот, собирање на котизации и нивна моментална редистрибуција, без да се врши капитализација на средствата. Улогата на државата и во овој случај претпоставува, во овој период на

транзициија, будно следење на рамнотежата меѓу приходите и расходите, според Ружин, Н. (1999,: 355).

Републилка Македонија во 2001 год. го донесе новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Примената на овој закон ќе важи за лицата во работен однос, од 2002 год. Со спроведување структурни реформи на системот, со зачувување и унапредување на генералниот режим на пензиското и инвалидското осигурување и иницирањето и стимулирањето на приватните (додатните, специјалалните) пензиски фондови, ќе се обезбди поголема функционалност во работата во овој домен. Недостаток на овој закон е што не се предвидува да се врши капитација на прибраните средства.

### 4. 3. Проблемот во доменот на социјалната заштита

Сите прописи, без разлика на кое подрачје од социјалната заштита се однесуваат, се насочени кон ублажување на социјалните нееднаквости и уважување на човековото достоинство. Целта на сите прописи е ублажување, но не и укинување на социјалните нееднаквости (што во стварноста и не е можно). Значи социјалната држава, а со тоа и социјалната заштита не настојува да се постигне апсолутна социјална еднаквост, ни егалитаризам во имотните односи.

Според истражувањето: "Јавно мислење–1997", се покажа дека 56% од македонското население има влошена материјална положба.

Резултатите на одделни истражувања покажуваат дека околу 49% од граѓаните на Македонија за себе сметаат дека се сиромашни или многу сиромашни. Се проценува дека социјална помош користат 11-13% од вкупното население во земјата, според Чонева, Љ. (18-19 дек. 2000)

Структурата на остварените инвестиции по дејности во% (вкупно =100%). Структурата на остварените инвестиции во образованието, науката, културата и информациите за 1992 год. изнесува 3,9%, додека по истиот основ за 1998 год. изнесува 1,1%, каде што овие дејности играат значајна улога во намалувањето на сиромаштијата кај граѓаните. Додека структурата на остварените инвестиции во здравство и социјална заштита за 1992 год. е 0,8%, за 1998 год. е 2,9%,. Овој податок, укажува дека за период од 6 години драстично се влошила состојбата кај граѓаните, за што говорат и самите статистички податоци дека приближно за 3,5 пати се зголемени финансиските инвестиции во овие два домени, според Петроски, А. (ibid,: 1-8),

Бројот на семејства, корисници на социјална помош, во периодот на 1995 год. изнесува 52.955, за 1998 год. 62.712, додека за 2000 год. тој број е значително зголемен и изнесува 74.961 семејство, (овде треба да се нагласи дека конечните бројки се пресметувани во просек за 10 месеци).

Социјалните трансвери изразени во проценти во периодот за 1990 год. изнесува 11,5%, додека во 2000 год. тие скоро дупло се зголемени и изнесуваат 22,4%. Овде се мисли за обезбедување на приходи по основ на социјални трансвери (во кое влегуваат детски додаток, пензии, примања по основ на социјално

осигурување, социјална помош, инвалиднини, стипендии, парична помош, материјален надоместок на невработени).

За периодот од 1997–1999 год. најголемо осиромашување се забележува кај жителите во Скопје. Во 1999 год. од вкупниот број на жители на Скопје 26,3% биле сиромашни и во однос на предходната година е значајно осиромашувањето на населението за уште 12,1% од популацијата, според Новковска, Б. (исто,: 1-6).

Прегелед бр. 4.Домаќинства корисници на социјална помош.

| **Домаќинства корисници на социјална помош во Р Македонија за период од јануари до септември 2001 год.** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **01.2001** | **02.2001** | **03.2001** | **04.2001** | **05.2001** | **06.2001** | **07.2001** | **08.2001** | **09.2001** |
| 77.642 | 78.098 | 78.226 | 75.728 | 76.939 | 76.808 | 76.057 | 75.407 | 76.722 |

Извор: Министерството за труд и социјална политика, бројот на домаќинства корисници на социјална помош за 2001 год.

Во моментов во Македонија има регистрирано корисници на социјална заштита 79 790 заклучно со 31.01.2002 година, (податоците се добиени од Министерството за труд и социјална политика.

## 4.4. Проблемот во доменот на здравственото осигурување

Фондот за здравствено осигурување чии долгови се проценуваат на околу 60 милиони евра, на крајот од 1998 год., во април 2001 год., бележи суфицит од 2.08 миклиони евра и во септември истата година 2,8 милиони евра. Целокупната дејност на здравствената заштита се наоѓа во сериозна криза и најитните обврски на државата во овој домен се најмалку тројни: глобално унапредување на јавното здравје, минимум бесплатна здравствена заштита за социјално загрозените, но и за пошироките слоеви, функцијата на државата во доменот на здравството во услови на пазарни законитости.

Се правеа обиди да се регулира хаотичната состојба во овој Фонд во 2001 год., но различните прописи кои се донесуваат на реалција Министерство за здравство и Фонд за здравствено осигурување уште толку ја компликуваат и така сложената состојба во овој домен, за на крајот да се донесат прописи кои ќе ги засегнат и најчуствителните-депресирани групи на граѓани кои имаат голема потреба од прописите кои ги донесоа овие надлежни институции кои ја регулираат оваа материја.

Од погоре наведенирте податоци, може да се согледа дека, законската регулатива која се донесе во овој домен, зема од граѓаните 63 милиони евра за три години. Ние овде не сакаме да навлегуваме дали станува збор за отпишување на долгот на Фондот за здравствено осигурување од страна на државата на штета на граѓаните или тие средства се собрани по основ на котизација или партиципација на корисниците на услугите.

## 4. 5. Образовна структура на населението во Република Македонија

Во последниот попис на населението (1994 год.) во Македонија биле попишани 1.454.082 лица стари 15 и повеќе години. Тука не се влезени неколкуте илјади Албанци што одбиа да бидат попишани во општината Дебар. Од вкупно попишаните лица во Македонија стари 15 и повеќе години, 95.880 лице (6,59%) се без училиште, (немаат завршено ни прво одделение). Повеќе од три петини од нив (62,3%), живеат во неградските (селски) населби, иако таму живеело две петини од вкупното население (40,2%). Од лицата без училиште приближно три четвртини (74,1%) се од женски пол, и најверојатно, мнозинството од нив се припаднички на малцинствата од муслиманска вероисповест (Албанки, Турчинки, Ромки и Муслиманки), и повеќето од нив се омажени како малолетнички, и живеат на село (62,3%).

Со завршено прво до трето одделение во Републиката имало 23.855 лица, стари 15 и повеќе години (1,64%). Од нив повеќе од три петини (62, 3%) биле жени, а во неградските населби живееле 60, 9%.

Со завршено четврто одделение во Македонија биле регистрирани 211.661 лице стари 15 и повеќе години. Во нив жените биле застапени со три петини (60.9%), а во неградските населени места живееле 58,1%.

Со запишано петто до осмо одделение биле попишани 31.865 лица стари 15 и повеќе години, од нив жени биле 56,6%, а во неградските населби живееле 55,9%.

Со завршено основно училиште во Македонија биле попишани 485.755 лица стари 15 и повеќе годиони, или 33,41% од вкупниот број и меѓу нив преовладуваат жените (51,0%).

Како што се гледа од досега прикажаната образовна структура на лицата стари 15 и повеќе години, за завршувањето на одделните одделенија на задолжително основно училиште, може да се констатира дека значително повеќе жените биле тие кои немале завршено соодветно одделение, иако со порастот на одделенијата растела и нивната застапеност, што значи-најмногу се застапени кај лицата без образование стари 15 и повеќе години (74,1%), а најмалку кај лицата со завршено осмо одделение -51,0%.

Од друга страна, исто така имало сразмерно повеќе лица со незавршено соодветно одделение во неградските населби отколку во гарадовите. Така на пример, од лицата без образование стари 15 и повеќе години, во неградските населби живееле 62,3%, а со завршено осмо одделение 48,0%, но притоа треба да се има предвид дека во неградските населби вкупното население било застапено со 40,2% па поради тоа, сразмерно на населението биле позастапени и оние со завршено осмо оделение.

За разлика од поголемата застапеност на жените во групата без образование и со завршено соодветно одделение на соновно училиште на лица стари 15 и повеќе години (поради нивната поголема застапеност во постарите и старите старосни групи во кои преовладуваат лица со пониско образование), во сите категории на повисокото образование, со исклучок на завршена гимназија,

преовладуваат мажите; кај лицата со завршено училиште за КВ и ВКВ работници друг стручен кадар мажите учествувале со две третини (67%); кај лицата со завршена гимназија тие учествуваат со 46,7%; кај лицата со завршени средни училишта за стручен кадар со три петини (60,9%); кај лицата со завршено училиште од средно насочено образование со 55,4%; кај лицата со завршено више обарзование со 56,6%; и кај лицата со завршено високо образование мажите учествувале со 60,2%.

Од друга страна, лицата со средно, више и високо образование претежно живеат во градските населби; просечно од сите категории со завршено средно образование во гардовите живееле 78,6%; со завршено више образование 84,5%; и со завршено високо образование 92,7%.

**Во вкупното население пак старо 15 и повеќе години, (1.454.082 лица), лицата со завршени училишта за КВ и ВКВ работници и друг стручен кадар (46.029) учествувале со 3,17%; лицата со завршена гимназија (60.669) учествувале со 4,17%; лицата со завршени средни училишта за стручен кадар (257.363) учествувале со 17,7%; лицата со завршено средно насочено образование (105.948) учествувале со 7,29%; лицата со завршено више образование (50.040) учествувале со 3,44%; и лицата со завршено високо образование (76.566) учествувале со 5,26%**.

Се разбира тука треба да се додадат и 6.534 лица (0,45%) кои навршиле 15 години, но се уште го посетуваат основното училиште, според Бубевски, Д. (2001,:26-28).

Како што може да се пресмета од погоре наведениет показатели, повеќе од две петтини од населението старо 15 и повеќе години (14%), во времето на пописот од 1994 год. имале завршено средно, више или високо обарзование. Кога се знае дека помладите генерации се значително пообразовани од постарите и старите генерации, тогаш сосема јасно е дека потенцијалите на нашето население како стручна и продуктивна работна сила се доста големи. Но соглед на големата невработеност која е присутна во Р Македонија, потенцијалите на нашето население како работна сила, за жал, остануваат неискористени.

# II ЕМПИРИСКИ ДЕЛ

## 1. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во истражувањето е применет повеќестран пристап (квантитатив-квалитативен).

*-Постапка на собирање на податоците*

Користени се посебни социолошки техники за истржување на ставови: анкета и интервју како основни инструменти заедно со статистичка анализа и анализа на содржина. Ова претставува интегрален пристап во проучувањето на предметот.

Во истаржувањето применив елаборациски метод .

*- Инструменти на истражувањето*

Предходно е изготвен анкетен прашалник и план за водење на интервју. Всушност, интервјуто е длабинско, прашањата во анкетата се од затворен тип. При изготвувањето на прашалникот водено е сметка прашањата да не се двосмислени, да не се долги, да се јасно формулирани и да може да бидат разбрани од страна на интервјуираните лица. Потоа направено е пилот истаржување и се елиминирани одредени проблеми и нејасни формулации кои се појавуваа во пробното анкетирање. Како резултат на тоа е пристапено кон истражување на примереокот кој е наведен во предеметот на истражување.

Анкетниот прашалник, употреби два типа на ликертови скали, од кои во едната од нив можна е солуција на дел од прашањето да се одговори врз основа на изјаснување на респондентот и прашања составени со можни одговори главно од затворен тип.

*-Примерок на истражување*

Во анкетата беа опфатени граѓани кои имаат право да учествуваат на избори а, се опфатени 0.433% од избирачкото тело во општината. За да се обезбеди репрезентативност на примерокот, применет е кластерски примерок. За таа цел прво територијата на општината е поделена на: урбана, рурална и мешана (согласно карактеристиките на територијата на која живејат респондентите, од урбана средина беа анкетирани 80.7%, рурална 9.0% и мешана 10.4% од испитаниците). Потоа, во самите кластери е земено во предвид да бидат застапени категориите кои се наведени во стратификуваниот преимерок. Општината Кисела Вода без новосоздадените општини со новата територијална поделба која настана, има вкупно 121.229 жители,од кои 82.400 гласачи (податоците за бројот на полнолетни лица кои имаат право на гласање е земен од Извештајот на Државен завод за статистика–процена на населението на 31.12.1999 год. според возраста). Анкетирани се 357 граѓани, интервјуто е водено поединечно face to face со секој респондент. Примерокот е стратификуван, го сочинуваат граѓани структурирани по пол, возраст, образование, материјален, стамбен стандарад и др. Интервјуерите имаа задача при спроведувањето на анкетата да внимаваат на изборот на респондентите и да ги запазат предходно наведените карактеристики-стратуми.

Одлуката да се избере овој стратификуван примерок е поради изборот на хипотезите, во истражувањето. Имено причината е во тоа, да се претстави слоевската припадност на респондентите. Самиот избор на респондентите беше случаен, прито се водеше сметка да бидат застапени граѓани од трите слоја кои се наведени во предметот на истражувањето.

*-Постапка во обработка на податоците*

Над добиениот сиров материјал, прво е извршена содржинска контрола, дали сите прашалници се пополнети. Констатирано е дека на последното прашање од прашалникот, имаше осум прашалници на кои од можна солуција да се одговори под три варијанти, интервјуираните дале од три само два можни одговори (при што е констатирано дека нема големо отстапување, во споредба со целосно пополнетите 349 прашалници, со што е констатирано дека анкетата може да се оцени како успешна). Следниот чекор беше изработка на кодекс на прашањата, што ги содржат колоните во прашањата. Изработени се шифрарски листи и направено е шифрирање на сите прашалници. Во следниот чекор изработени се табели, во кои сепретставени добиените податоци од истаржувањето.

Во постапката за анлиза на податоците, е применета, пресметка на процентуална застапеност на основнта структура на сите прашања, корелација помеѓу одредени селектирани оригинални и изведени белези, пресметка на $x^2$-тест. Истовремено е извршено вкрстување на повеќе селектирани прашања со одредени модалитети или прашања кои беа групирани во нивната структура од аспект на трите слоја.

*-Место на истражување*

Истражувањето се изврши на територијата на општина Кисела Вода, опфатени беа урбан, мешан и рурални делови на населбите во општината (Аеродром, Кисела Вода, Ново Лисиче, дивоградби од Лисиче, с. Лисиче, Драчево и околината). Оваа општина е земена како цел на истражувањето, зашто е најголема по број на жители во Република Македонија, а е типична по свјата урбана, рурална и мешана инфраструктура. Постои концентарцираност на местоположбата на живеалиштата на поедини слоеви од населението, пример: посиромашниот слој од населението претежно живее во селата, мешаните населби и на периферијата од општината, што не значи дека нема сиромашно население и во урабниот дел, додека средниот и високиот слој претежно живее во урабаниот дел. Посебно е карактеристично за високиот слој од населението кое живее во индивидуални куќи на територијата на населбата Кисела Вода (посебно околу територијата под Водно или има пространи станови во стамбени објекти кои се градени од понова дата или се лоцирани поблиску до центарот на Скопје).

### *1.1.Значење на предметот на истражување*

**Општественото значење** на ова истражување е да се провери дали и во колкава мера граѓаните ги усвојуваат либералните вредности во доменот на социјалната политика и од кои слоеви потекнуваат овие граѓани. Значи да се проучи кои се тие либерални вредности кои ги усвојуваат а во која мера пак е застапена антилибералната свест. Значи доколку постојат "одредени" либерални

вредности, да се утврди кои се тие, или доколку овие се негираат, од кои социјални причини зависи тоа негирање.

**Практичното значење** на истражувањето е во можноста откако ќе се добијаат резултатите од истражувањето, врз основа на направената анализа на резултатите да се предложат определени конкретни мерки за ширење на основните либерални придобивки во доменот на социјалната политика, посебно во сверата на човековите права и слободи, во меѓучовечките односи, во политичкиот живот, во семејните односи итн. Се со цел да се обезбеди посоодветна социјална правда.

*1.2..Предемет на истражување*

**Основа на предметот на истаржување е** утврдувањето на вистината дека пониските, посиромашни и социјално депресирани слоеви на населението помалку ги прифаќаат либералните вредности и погледи на светот на социјална политика, исто како и повисоките, материјално пообезбедени, сигурни, политички и статусно помоќни слоеви. Тоа значи дека според својата општествена положба односно статус, средните слоеви ја сочинуваат социјалната основа на либералниот поглед на социјална политика. Едновремено, тие ја сочинуваат и основата на демократскиот, стабилен и граѓански поредок; односно основата на демократското граѓанско општество.

Социјално-групните белези на **високиот слој** би биле: високи материјални приходи и семеен стандард (се однесува на семејства кои имаат приходи над 40.001,00 ден. и стамбен стандард од100-200 $м^2$), повисоки образовни степени (се однесува на лица кои имаат завршено високо образование, магистер и доктор на науки), бизнис или менаџерски односно раководни функции (се однесува на лица кои се работоводители, работодаватели, директори-менаџери) како и попрестижни професии;

Социјално групните белези на **средниот слој** би биле: просечен материјален стандард и приходи (се однесува на семејства со приходи од 15.001,00 до 40.000,00 ден. а стамбен стандард од 80-100 $м^2$), (се однесува за лица кои имаат-вишо, високо образование, специјалисти во одредени области), производни и службенички функции (се однесува за лица кои се службеници кои ги надгледуваат или не ги надгледуваат другите, предработник и контролор и други);

Социјално групните белези на **нискиот слој**би биле: невработеност или ниско приходна вработеност, низок материјален стандард (се однесува на семејства со приходи до 15.000,00 ден. и стамбен стандард до 80 $м^2$), непрестижни производни или услужни занимања (се однесува на лица ПКВ и НКВ работник, индивидуален самостоен земјоделец, земјоделски наемен работник, стечаен работник, пензионер, член на вооружените армиски сили и припадник на полицијата-во овој слој се мисли на лица со ниски чинови во армијата и полицијата), ниски степени на образование (се однесува на лица со КВ и ВКВ занимања, недозавршена, завршено гимназија и училишта за занимања, лица со недозавршено високо и више образование);

Овие белези аналитички ќе ги конструираме низ фактографски податоци извлечени од анкетниот прашалник.

Од друга страна, социјално слоевските белези ги операционализираме низ следните индикатори за:

*а) стамбен стандард*

1. до 25 $м^2$
2. 26-35 $м^2$
3. 36-45 $м^2$
4. 46-55 $м^2$
5. 56-65 $м^2$
6. 66-80 $м^2$
7. 81-100 $м^2$
8. 101-120 $м^2$
9. 121-160 $м^2$
10. 161-200 $м^2$
11. над 200 $м^2$

*б) материјален стандард:*

-ниски материјални примања или без примања (социјална помош)

| | |
|---|---|
| -до 5.000,00ден. | по семејство |
| -5.001,00-10.000,00 | по семејство |
| -10.001,00-15.000,00 | по семејство |
| -15.001,00-20.000,00 | по семејство |
| -20.001,00-30.000, 00 | по семејство |
| -30.001,00-40.000, 00 | по семејство |
| -40.001,00-50.000, 00 | по семејство |
| -50.001,00-60.000, 00 | по семејство |
| -60.001,00-70.000, 00 | по семејство |
| -70.001,00 и повеќе | по семејство |

*в) возраст:*

-18 -27 г.

-28 -35 г.

-36 -45 г.

-46 -55 г.

-56 -65 г.

-66 и повеќе г.

*ѓ) занимања:*

01 -работоводител, директор (менаџер) во претпријатие со повеќе од 10 вработени;

02 -работодавател, директор (менаџер) во претпријатие со помалку од 10 вработени;

03-стручњак, професионалец, службеник од висок степен (со високо образование);

04-службеник кој ги надгледува другите;

05-службеник кој не ги надгледува другите;

06-предработник и контролор;

07-висококвалификуван работник (ВКВ) ;

08-квалификуван работник (КВ);

09-полуквалификуван и неквалификуван работник (ПКВ И НКВ);

10-индивидуален (самостоен) земјоделец;

11-земјоделски (наемен) работник;

12-член на вооружените (армиските) сили, припадник на полицијата;

13-стечаен работник;

14-досега не бил вработен;

*д) образование:*

01-недозавршено основно образование;

02-завршено основно образование;

03-недозавршено средно училиштеза занимања;

04-завршено средно училиште за занимања;

05-незавршено средно стручно (четиригодишно) училиште;

06-завршено средно стручно (четиригодишно) училиште;

07-незавршена гимназија;

08-завршена гимназија;

09-недозавршено факултетско (високо) или завршено вишо образование;

10-универзитетско (факултетско) образование со диплома;

11-специјалисти во одредена област;

12- магистер на науки;

13-доктор на науки;

### *1.3. Цели на истражувањето*

Ова истражување има за цел да дојде до сознание во поглед на тоа дали социјалната положба на респондентите влијае врз прифаќањето на либералните ставови и вредности на социјална политика, како и тоа да се утврди кои се причините на оние кои имаат антилиберални вредности и ставови. Во ова истражување сакаме да ги воспоставиме релациите на влијанито на социјаланата слоевитост, врз приемчивоста и прифаќањето на либералните вредности и ставови на социјалната политика.

Посебни цели на ова истражување се одредување на влијанието на нивниот стандард врз прифаќањето на одредени вредности, како и одредување кои слоеви влијаат врз донесувањето на одлуки и креирањето на постојната социјална политика.

Практична цел на ова истражување е врз основа на добиените сознанија од истражувањето, да предложиме модел на социјална политика од либерален вредносен аспект.

### *1.4.Хипотези на истражувањето*

*Општа хипотеза:* во истражувањето се очекува дека одредени места што ги завзема поединецот во општествените слоеви, влијаат врз приемчивоста на одреден тип на ставови и вредности на социјалната политика.

а) Колку слојот завзема повисок статус во општествената хиерархија поприемчиви се конзервативните вредности за социјалната политика;

б) Доколку слојот се групира во средината на социјалната пирамида поприемчиви се либералните вредностиза социјалната политика и

в) Колку повеќе општествените слоеви се осиромашени, толку повеќе се склони кон преферирање на колективистичката концепција за социјалната политика.

*Посебни хипотези:*

**Поединечните хипотези** значат операционализација на посебните индикатори и нив ги претвораме во мерливи индикатори, кои ќе се употребат непосредно во истаржувачките инструменти.

## 2. ПЛАН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

*2.1.Кадровски план*

Истражувачкиот тим го сочинуваа двајца соработници, кои имаа за задача да ги обучат анкетарите /интервјуерите, да ги обработат добиените податоци.

За ова истражување беа потеребни 20 анкетари/интервјуери. При нивниот избор се внимаваше да имаат познавања од проблематиката за која ќе бидат ангажирани.

*2.2.Динамика на истражувањето*

Истражувањето се изврши во период од 3 месеци.

Анкетата на теренот започна на 17.08.2001 год., а заврши на 18.09.2001 год. Операционализацијата на проектот и пилотирањето на прашалникот траеше 5 дена. Подготовките за истражувањето траеа 15 дена. Обуката за анкетарите/интервјуерите траеше 1 ден. Теренското истражување траеше 31 ден. Обработката на податоците траеше 30 дена.

# 3. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ЕМПИРИСКИ ПОДАТОЦИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во ова истражување беа опфатени 357 респонденти.

1) Социо- демографски карактеристики на испитаниците:

Според пол состојбата е прикажана во следниот преглед.

***преглед 1, пр. 1: Полова припадност на респондентите***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| Машки | 183 | 51.3 |
| женски | 174 | 48.7 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Бидејќи примерокот е стратификуван, уште во самиот план за истражување, водено е грижа да има приближна застапеност на двата пола. Истото може да се забележи и од процентуалната застапеноста, мажи 51.3% и жени и 48.7%. Сметаме дека во истаржувањето е задоволен условот кој се бара од стратификуваниот примерок.

Во Извештајот на UNDP за Македонија (1999,: 89), дистрибуцијата на населението според пол изнесува мажи 50.1% и жени 49.9%. Според засатапеноста на пол во ова истражување е внимавано да се запази приближната процентуална состојба на ниво на Македонија, според добиените податоци од пописот од 1994 година.

***преглед 2, пр. 2: :Возрасна структура на респондентите***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| Од 18-27 год. | 71 | 19.9 |
| 28-35 години | 126 | 35.3 |
| 36-45 години | 69 | 19.3 |
| 46-55 години | 61 | 17.1 |
| 56-65 години | 24 | 6.7 |
| 66 и повеќе години | 6 | 1.7 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Во истражувањето, возрастната структура ја поделивме на шест групи. Беа опфатени испитаници од 18 до над 66 годишна возраст. Најзастапена старосна група е од 28-35 години вкупно 126 (35,3%), потоа од 18-27 години, вкупно 71 (19,9), потоа од 36-45 години, вкупно 69 (19,3%), итн.

*преглед 3 пр, .3: Образовна структура*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| завршено основно образование | 8 | 2.2 |
| недоврш. средно уч. за занимања | 1 | 0.3 |
| завршено средно уч. за занимања | 40 | 11.2 |
| незаврш. средно стручно учил. | 4 | 1.1 |
| завршено средно стручно учил. | 72 | 20.2 |
| незавршена гимназија | 1 | 0.3 |
| завршена гимназија | 50 | 14.0 |
| незавршено факулт. Образование | 64 | 17.9 |
| факулт. образование со диплома | 96 | 26.9 |
| специјалист во некоја област | 9 | 2.5 |
| магистер на науки | 7 | 2.0 |
| доктор на науки | 5 | 1.4 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Кај образовната структура во истаржувањето се застапени сите професии кои се наведени. Од горниот преглед може да се забележи дека процентуално најзастапени се лицата со следните образовни степени: универзитетско (факултетско) образование со диплома, завршено средно стручно (четиригодишно училиште), недозавршено факултетско (високо) или завршено вишо образование, завршена гиманзија, завршено средно училиште за занимања, додека останатите занимања се со помала процентуална застапеност и најмало е учеството на испитаници со недозавршено средно училиште за занимања и незавршена гиманзија.

*преглед 4, пр. 4: Занимање*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| дир. во фирма со пов. од 10 враб | 11 | 3.1 |
| дир. во фирма со пом. од 10 враб | 26 | 7.3 |
| стручњак со високо образование | 77 | 21.6 |
| службеник кој надгледува други | 29 | 8.1 |
| службеник кој не надгледува др | 61 | 17.1 |
| предработник и контролор | 7 | 2.0 |
| високо квалификуван работник | 23 | 6.4 |
| квалификуван работник | 42 | 11.8 |
| полукв. и неквалификуван раб. | 3 | 0.8 |
| индивидуален земјоделец | 1 | 0.3 |
| Земјоделски наемен работник | 1 | 0.3 |
| припадник на АРМ и полиција | 4 | 1.1 |
| стечаен работник | 9 | 2.5 |
| досега не бил вработен | 61 | 17.1 |
| Пензионер | 2 | 0.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Од занимањата кои ги обавуваат испитаниците најзастапени се: стручњак професионалец, службеник од висок степен, службеник кој не ги надгледува другите, досега не бил вработен, квалификуван работник, додека остантите занимања се со помало процентуално учество во ова истражување и занимањето индивидуален земјоделец, земјоделски наемен работник и пензионер е најмалку застапено.

*преглед 5, гр. .5: Материјален стандард во семејството*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| Со ниски мат. примања или без | 13 | 3.6 |
| До 5.000 денари | 7 | 2.0 |
| 5.001-10.000 денари | 46 | 12.9 |
| 10.001-15.000 денари | 57 | 16.0 |
| 15.001-20.000 денари | 89 | 24.9 |
| 20.001-30.000 денари | 60 | 16.8 |
| 30.001-40.000 денари | 32 | 9.0 |
| 40.001-50.000 денари | 17 | 4.8 |
| 50.001-60.000 денари | 11 | 3.1 |
| 60.001-70.000 денари | 16 | 4.5 |
| 70.001 и повеќе ден. по семејство | 9 | 2.5 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Од аспект на материјалниот стандард, во ова истражување се одеше на согледување на општата состојба на целокупното семејство, а не примањата да се делат по членови на семејсто. Најзастапени се семејствата со примања од 15.001,00 - 20.000,00 ден., 20.001,00-30.000,00 ден., 10.001,00-15.000,00 ден., 5.001,00- 10.000,00 ден. и од 30.001,00-40.000,00 ден., додека останатите семејстав се со помали примања и најмала процентуална застапеност имаат семејствата со примања до 5.000,00 ден.

*преглед 6, гр. 6: Стамбен стандард во семејството*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| До 25 $м^2$ | 5 | 1.4 |
| 26-35 $м^2$ | 8 | 2.2 |
| 36-45 $м^2$ | 19 | 5.3 |
| 46-55 $м^2$ | 31 | 8.7 |
| 56-65 $м^2$ | 91 | 25.5 |
| 66-80 $м^2$ | 105 | 29.4 |
| 81-100 $м^2$ | 58 | 16.2 |
| 101-120 $м^2$ | 22 | 6.2 |
| 121-160 $м^2$ | 8 | 2.2 |
| 161-200 $м^2$ | 7 | 2.0 |
| над 200 $м^2$ | 3 | 0.8 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Исто така и кај стамбениот стандард квадратурата на становите е давана општо на целото семејство, не е делена по член на семејство. Најзастапени се семејствата со квадратура на становите: од 66-80 $м^2$, 56-65 $м^2$, 81-100 $м^2$, и 46-55 $м^2$, останатите испитаници се со помала квадратура на живеалиштата кои ги поседуваат и најмал е бројот на испитаници со стамбен простор над 200 $м^2$.

Повеќедимензионалната карактеристика на општествената слоевитост доведува до тоа да е возможно да се има неконзистентен, индивидуиален статус во стратификацискиот систем. Неконзистентниот статус е наспроти конзистентниот кај кој трите димензии имот (богатство), престижот и моќта кај иста индивидуа, речиси се еднакви и рангирањето е попрецизно. Неконзистентниот статус се јавува кога индивидуата се рангира високо на една или две од трите димензии, а пониско се рангира според третата димензија.

Неконзистентноста на статусите е карактеристика за трите слоја во ова истражување, карактеристично е тоа што неконзистентноста кај високиот слој е најмалку изразено во споредба со останатите два слоја, додека кај нискиот слој оваа карактеристика е најмногу изразена.

Врз основа на предходно обработените индикатори кои се значајни за разграничување на слоевите, се добиените следни податоци:

Социјално-групните белези на **високиот слој**: високи материјални примања и семеен стандард (се однесува на семејства кои имаат примања над 40.001,00 ден. и стамбен стандард од100-200 $м^2$), повисоки образовни степени (се однесува на лица кои имаат завршено високо образование, магистер и доктор на науки), бизнис или менаџерски односно раководни функции (се однесува на лица кои се работоводители, работодатели, директори-менаџери), како и попрестижни професии. Од анализата на добиените податоци во ова истражување, според горе наведените индикатори, во овој слој спаѓаат 40 (11.2%) испитаници.

Социјално групните белези на **средниот слој** би биле: просечен материјален стандард и примања (се однесува на семејства со примања од15.001,00 до 40.000,00 ден., а стамбен стандард од 80-100 $м^2$), (се однесува за лица кои имаат-више, високо образование, специјалисти во одредени области), производни и службенички функции (се однесува за лица кои се службеници кои ги надгледуваат или не ги надгледуваат другите, предреботник и контролор и други). Во овој слој припаѓаат 163 (45.7%) испитаници.

Социјално групните белези на **нискиот слој**би биле: невработеност или ниско доходна вработеност, низок материјален стандард (се однесува на семејства со примања до 15.000,00 ден. и стамбен стандард до 80 $м^2$), непрестижни производни или услужни занимања (се однесува на лица ПКВ и НКВ работник, индивидуален самостоен земјоделец, земјоделски наемен работник, стечаен работник, пензионер, член на вооружените армиски сили и припадник на полицијата-во овој слој се мисли на лица со ниски чиниви во армијата и полицијата), ниски степени на образование (се однесува на лица со КВ и ВКВ занимања, недозавршена, завршено гимназија и училишта за занимања, лица со недозавршено високо и више образование). Во овој слој припаѓаат 154 (43.1%) испитаници.

Од погоре добиените податоци, може да се заклучи дека припадниците во оддреден слој не може да се врстат според наведените индикатори во слоевите. При анализата на податоците се дојде до сознание дека има одстапувања. Тоа значи дека, иако некој испитаник има висок образовен степен, тоа не значи дека тој мора да има и високи материјални примања или висок стамбен стандарад, или да се поклопуват стандардот, моќта и престиж. Поради тоа можеме да заклучиме дека во ова истражување кај сите слоеви е карактеристичен неконзистентен статус. За ова се водеше посебно грижа при обработка на податоците зошто одредени индикатори се преплетуваат од различни слоеви за да може точно да се определи на кој слој припаѓа испитаникот.

***преглед 7, пр. 7: Културен стандард-посетува концерт, кино, театар библиотеки.***

| **Модалитети** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| често посетува | 46 | 12.9 |
| Повремено | 241 | 67.5 |
| никогаш | 43 | 12.0 |
| Без одговор | 27 | 7.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Кај културниот стандард, најзастапени се испитаниците кои повремено посетуваат културни активности, потоа често посетува, никогаш не посетува и без одговор е најмала процентуалната застапеност.

***преглед 8, пр. 8: Живеалиште***

| **Модалитети** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Урбана | 288 | 80.7 |
| Рурална | 32 | 9.0 |
| Периферија (мешана населба) | 37 | 10.4 |
| ВКУПНО | 357 | 100 |

Од аспект на локацијата на живеалиштата, најзастапени се испитаници од урбаниот дел на општината Кисела Вода, потоа следува периферија (мешана населба). Со оглед на тоа дека гледано во просек општината е повеќе урбанизирана или се работи за мешани населби кои не можат да се сврстат во урбана и рурална средина, туку тие по својата инфраструктура се нешто између, ја воведовме и категоријата мешана населба и најмала е фреквенцијата на испитаници од рурална средина.

***2)Мислење на граѓаните за најважните проблеми во општеството***

***преглед 9, пр.9: Што мислите што е најголем проблем во нашето општество денес? Ќе Ви посочиме шест/такви а Вие изберете три и рангирајте ги по тежина (1- 2- 3):***

***пр. 9 мод. 1: Нема ред,дисциплина и поредок***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 97 | 27.2 |
| прв ранг по тежина (најголем ) | 113 | 31.7 |
| втор ранг по тежина (среден) | 68 | 19.0 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 79 | 22.1 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 10, пр. 9 мод. 2: Сите не се еднакви пред законот***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 185 | 51.8 |
| прв ранг по тежина (најголем) | 45 | 12.6 |
| втор ранг по тежина (среден) | 75 | 21.0 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 52 | 14.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 11, пр. 9 мод. 3: Има големи материјални разлики***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 154 | 43.1 |
| прв ранг по тежина (најголем) | 85 | 23.8 |
| втор ранг по тежина (среден) | 59 | 16.5 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 59 | 16.5 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 12, пр. 9 мод. 4: Некои работат, а некои не***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 225 | 63.0 |
| прв ранг по тежина (најголем) | 20 | 5.6 |
| втор ранг по тежина (среден) | 59 | 16.5 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 53 | 14.8 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 13, пр. 9 мод. 5: Државата не дејствува како треба*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 150 | 42.0 |
| прв ранг по тежина (најголем) | 65 | 18.2 |
| втор ранг по тежина (среден) | 70 | 19.6 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 72 | 20.2 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 14, пр. 9 мод. 6: Народот и луѓето ни се завидливи*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| не е рангирано (не се изјасниле) | 260 | 72.8 |
| прв ранг по тежина (најголем) | 29 | 8.1 |
| втор ранг по тежина (среден) | 26 | 7.3 |
| трет ранг по тежина (најмал) | 42 | 11.8 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Испитуваните граѓани, се на мислење дека најголеми проблеми во нашето општество се: тоа што нема ред дисциплина и поредок, тоа што државата не дејствува како што треба и како трет проблем, тоа што има големи материјални разлики (богатство и сиромаштво, вработеност и невработеност, луксуз и беда).

Кај прво рангираниот проблем со оценка еден се изјасниле 31.7%, со оценка два се изјасниле 19.0% и со три се изјасниле 22.1%.Кај вториот проблем во општеството 18.2% го оцениле со оценка еден, за оценка два се изјасниле19.6% и за три се изјасниле 20.2%. Кај треторангираниот проблем 23.8% го оцениле со оценка еден, за оценка два се изјасниле 16.5% и за оценка три се изјасниле 16.5%.

Во процентуалната застапеност не заостануваат и одговорите, тоа што сите не се еднакви пред законот и тоа што некои работат а некои се невработени и живеаат на туѓа сметка. Но, очигледно е дека најмногу граѓаните ги засега тоа што не функционира правната држава, големите материјални разлики кои настанаа помеѓу граѓаните за изминатите 10 години и тоа што постои голема невработеност. Поголем дел од нив егзистираат од социјални престации кои се обезбедуваат од кредити и од "даноци "од истоштеното стопанство, финансиски трансвери уште повеќе ги продлабочуваат статусните разлики помеѓу слоевите на населението. Според изјаснувањето на граѓаните може да се констатира дека државата, нема соодветен прагматичен концепт во доменот на социјалната политика. Како резултата на тоа настанаа големи материјални разлики помеѓу населението, незапаметена досега невработеност, која со право кај граѓаните предизвикува посебно внимание.

***йреглед 15, йр. 10: Шшо мислише кои се најголемише зла во нашешо ойшесшво од следнише? (изберейе и заокружеше две шакви најголеми зла).***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| Сиромаштијата | 162 | 45.4 |
| Митото, корупцијата и привилегиите | 159 | 44.5 |
| нееднаквоста пред законот | 38 | 10.16 |
| Себичноста на луѓето | 16 | 4.5 |
| Неодговорноста | - | - |
| Приватните и личните интереси | - | - |
| Незнаењето, непрофесионалноста | 59 | 16.5 |
| Користење на полит. и функц.за л.цели | 210 | 58.8 |
| најгол. Зло во општеството е нешто др | - | - |

Респондентите се на мислење дека, најголеми две зла во нашето општество се: користењето на политиката и функциите во лични цели и сиромаштијата. Веднаш зад овој проблем е митото и корупцијата кои ги има зафатено сите институции на системот, кои ја доведоа во ваква состоја државата во која се наоѓаме. Интересен е податокот, што 58.8% од испитаниците како најголемо зло го потенцираат користењето на политиката и функциите во лични цели, наместо избраните политички функционери, да ги решаваат транзиционите проблеми и да обезбедат подобар стандарад, впрочем и за што го добиле мандатот од граѓаните. Интересно е да се нагласи дека, нема сегмент од системот а да нема навлезено политиката, и каде што треба и каде што не треба. Наместо да нуди развој "социјалната политиката" која се води во Македонија, каде и да се свртеме може да забележиме дека се случуваат само ретроградни процеси на секое поле од нашето живеење и продлабочување на институционализираното осиромашување на населението.

***йреглед 16, йр. 11: Шшо мислише, врз основа на Вашешо искусшво, сеќавање или слушање дали йоранешниош сисшем на социјализмош и самоуйравување беше йодобар или йолош од денешниош сисшем кој го имаме ?***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| Многу подобар | 105 | 29.4 |
| Подобар | 148 | 41.5 |
| Ист | 46 | 12.9 |
| Полош | 30 | 8.4 |
| Многу полош | 2 | 0.6 |
| Не можам да оценам | 26 | 7.3 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

На ова прашање имаме добиено едн податок кој е контрадикторен на логиката на социјалното пазарно стопанство кое егзистира во денешни услови во светот. Врз основа на сопствена проценка и слушање за системот, да се направи споредба со сегашниот и поранешниот систем кој егзистираше во Македонија. 41.5% од граѓаните се изјасниле дека предходниот систем бил подобар, додека 29.4% се изјасниле дека поранешниот систем бил многу подобар. Иако граѓаните во периодот на започнувањето на трансвормацијата на системот од договорна во социјално пазарна економија, беа со големи очекувања, едноставно на голем процент од населението не му се оствари сонот за подобар живот, и не очекуваа дека до таа мера ќе се направи "легитимација на пленот од страна на поранешните кадри на предходниот систем и ново компонираните партиски кадри", кои ги има мал процент но со остварени големи богатства за краток период, кое одеше на штета на поголемиот дел од населението. Причината за ваквиот податок, треба да се бара и во свеста на граѓаните дека, поранешниот систем нудеше колективна одговорност за својата материјална состојба и сигурноста на граѓаните, додека, логиката на пазарната економија, акцентот го става на умешноста на индивидуата и неговите потенцијали кои ги има и ги развива.

***преглед 17, пр. 12 : Какво е Вашето мислење за почитувањето на следните вредности? (Оценете го со оценка 1 за најмалку до 3 за најголемо, а за незнае со 4).***

***12.1 Слободата на личноста***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се почитва | 35 | 9.8 |
| Средно се почитва | 181 | 50.7 |
| Не се почитва | 115 | 32.2 |
| Не знае дали се почитва | 26 | 7.3 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 18, пр. 12.2 : Слободата на трудот.***

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| непознато (НУЛЛ) | 7 | 2.0 |
| многу се почитва | 18 | 5.0 |
| Средно се почитва | 144 | 40.3 |
| Не се почитва | 170 | 47.6 |
| Не знае дали се почитва | 18 | 5.0 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 19, пр. 12 . 3: Слободата на сопственоста*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се почитва | 54 | 15.1 |
| Средно се почитва | 165 | 46.2 |
| не се почитва | 98 | 27.5 |
| не знае дали се почитва | 40 | 11.2 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 20, пр. 12. 4: Слободата на творештвото*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се почитва | 61 | 17.1 |
| Средно се почитва | 170 | 47.6 |
| не се почитва | 74 | 20.7 |
| не знае дали се почитва | 52 | 14.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 21, пр. 12. 5: Слободата на говорот*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се почитва | 80 | 22.4 |
| Средно се почитва | 188 | 52.7 |
| не се почитва | 68 | 19.0 |
| не знае дали се почитва | 21 | 5.9 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 22, пр. 12. 6: Слободата на мислата*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се почитва | 102 | 28.6 |
| Средно се почитва | 154 | 43.1 |
| не се почитва | 66 | 18.5 |
| не знае дали се почитва | 35 | 9.8 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

Овие вредности преставуваат столб на функционирањето на социјалното пазарно стопанство, и се регулирани со меѓународна конвенција, на која е потписничка и Македонија. На прашањето што мислите за горенаведените вредности? За сите пет вредности имаме идентичен одговор дека се почитуваат

средно и се оценети со оцена два освен за втората вредност, слободата на трудот испитаниците се изјасниле дека не се почитува и го oцениле со оцена три.Гледано од овие вредности која вредност најмалку се почитува, според добиените податоци, слободата на трудот се почитува најмалку и за неа се изјасниле 47,6%.

Додека спротивно на неа, најмногу се почитува вредноста на слободата на мислата и за неа се изјасниле 28.6% испитаници. Иако според испитаниците слободата на мислата најмногу се почитува тие потенцираат дека мислењето на народот не влијае многу врз власата при донесувањето на круцијални одлуки.

Искуствата покажуваат, доколку политиката во економијата, го има главниот примат, таквото стопанисување е на кратки патеки и не се води политика за подигање на стандардот на населението туку, се гледа за кратко време да се придобие голем капитал, кој со промената на владејачката структура, не се знае дали воопшто таквото стопанисување ќе може да егзистира и понатаму.

***преглед 23, пр. 13: Кколку од аспект на правата на човекот, и достоинството на личноста се заштитени следните следните категории на лица кај нас?***

***13. 1 Работниците***

| **Модалитети** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 14 | 3.9 |
| Средно се заштитени | 71 | 19.9 |
| малку се заштитени | 272 | 76.2 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 24, пр. 13. 2: Жените***

| **Модалитети** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 25 | 7.0 |
| Средно се заштитени | 193 | 54.1 |
| малку се заштитени | 139 | 38.9 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

***преглед 25, пр. 13. 3: Младината***

| **Модалитети** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 9 | 2.5 |
| Средно се заштитени | 174 | 48.7 |
| малку се заштитени | 174 | 48.7 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 26, пр. 13.4: Припадниците на малцинствата*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 225 | 63.0 |
| Средно се заштитени | 87 | 24.4 |
| малку се заштитени | 45 | 12.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 27, пр. 13. 5: Слепите, глувите и инвалидните лица*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 15 | 4.2 |
| Средно се заштитени | 116 | 32.5 |
| малку се заштитени | 226 | 63.3 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 28, пр. 13. 6: Децата*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 32 | 9.0 |
| Средно се заштитени | 183 | 51.3 |
| малку се заштитени | 142 | 39.8 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 29, пр. 13. 7: Сиромашните*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 17 | 4.8 |
| Средно се заштитени | 52 | 14.6 |
| малку се заштитени | 288 | 80.7 |
| **ВКУПНО** | **357** | **100** |

*преглед 30, пр. 13. 8: Имотните граѓани*

| Модалитети | број | % |
|---|---|---|
| многу се заштитени | 265 | 74.2 |
При вкрстувањето на 14 парашање кое гласи "во што општеството повеќе треба да вложува "модалитет 2 белег "синдикаатот "со четврто прашање "занимањето "групирано во слоевите, корелацијата е 19. 4. Представниците на средниот и нискиот слој се заинтересирани државата да вложува повеќе, средниот слој се изјаснил со 52. 3% а нискиот слој со 41. 5%, додека високиот слој се изјаснил со 6. 2%. Разбирливи се ваквите ставови на фреквенциите кај слоевите, зошто високиот слој претежно ги има менаџерските занимања според тоа синдикатот не им одговара да е толку моќен, зошто на менаџерите-предприемачите нивните интереси ги засатапува стопанската комора (практично комората и синдикатот се секогаш на спротивни страни при преговарањето за остварување на поголеми бенифиции кои би се добиле како резултат на правото од работен однос). Од ова вкрстување може да се согледа дека на преставниците на високиот слој повеќе им одговара конзервативана социјална политика во овој домен, додека на средниот и нискиот слој и одговара поумерена социјална политика.

***таб. 17 (ориг. прашње 15 мод. 1 / пр. 4 груп.) белегот: Преквалификување, одн. доквалификување***

***вкрст. со: статус во однос на занимањето***

| Модалитети | | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | | 213 | 29 | 104 | 80 |
| | **X%** | 100.0 | 13.6 | 48.8 | 37.6 |
| | **B%** | 59.7 | 78.4 | 58.4 | 56.3 |
| **да** | | 144 | 8 | 74 | 62 |
| | **X%** | 100.0 | 5.6 | 51.4 | 43.1 |
| | **B%** | 40.3 | 21.6 | 41.6 | 43.7 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **37** | **178** | **142** |
| | **X%** | 100.0 | 10.4 | 49.9 | 39.8 |
| | **B%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=6.2 Дф=2 П<0.05 Ц=0.1

Од ова вкрстување помеѓу 15 прашање "ве молиме определете се за следните вредности", за кои сметате дека треба да се почитуваат и остваруваат во Македонија модалитет 1 кој гласи "преквалификување, доквалификување на тие што се без работаи школувани граѓани "со четврто прашање "занимање" групирано во слоевите, хиквадратот е 6. 2. Може да се согледа дека на средниот 51.4% и на нискиот слој 43.1% најмногу им оди во прилог да се применува модалитетот еден од 15 прашање, зошто со тоа постојат поголеми шанси да се пронајдат на пазарот на трудот, впрочем средниот слој е посредник од аспект на занимањата кои ги обавува помеѓу високиот и нискиот слој. Нискиот слој претежно има занаимања кои се помалку платени и се помалку атрактивни на пазарот на трудот. И во овој случај може да се согледа дека припадниците на различни слоеви преферираат различна социјална политика која е карактеристична за нивниот статус.

*таб. 18 (ориг. прашње 19 мод. 1 / пр. 4 груп.) белегот: Невработени*

*вкрст. со: статус во однос на занимањето*

| Модалитети | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|
| непознато (НУЛЛ) | 55 | 6 | 35 | 14 |
| Х% | 100.0 | 10.9 | 63.6 | 25.5 |
| В% | 15.4 | 16.2 | 19.7 | 9.9 |
| да | 302 | 31 | 143 | 128 |
| Х% | 100.0 | 10.3 | 47.4 | 42.4 |
| В% | 84.6 | 83.8 | 80.8 | 90.1 |
| **ВКУПНО** | **357** | **37** | **178** | **142** |
| Х% | 100.0 | 10.4 | 49.9 | 39.8 |
| В% | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=5.8 Дф=2 П>0.05 Ц=0.1

При вкрстувањето на 19 прашање кое гласи "ви наведуваме неколку категории на лица во нашата заедница, кои државата треба да ги заштитува материјално социјално", модалитет1 со прашањето четири групирано во слоевите, се добива хиквадратот 5.8. Во овој случај може да се заклучи дека претставниците на средниот 47.4% и нискиот слој 42.4% повеќе се заинтересирани државата материјално-социјално да ги заштитува во споредба со високиот слој 10.3%. Во овој случај доаѓа до израз дека средниот и нискиот слој повеќе се заинтересирани за концепцијата на социјалната држава, за што сме се декларирале и во Уставота на Република Македонија.

*таб. 19 (ориг. прашње 19 мод. 4 / пр. 4 груп.) белегот: Ниско платени работници*

*вкрст. со: статус во однос на занимањето*

| Модалитети | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|
| непознато (НУЛЛ) | 256 | 29 | 137 | 90 |
| Х% | 100.0 | 11.3 | 53.5 | 35.2 |
| В% | 71.7 | 78.4 | 77.0 | 63.4 |
| да | 101 | 8 | 41 | 52 |
| Х% | 100.0 | 7.9 | 40.6 | 51.5 |
| В% | 28.3 | 21.6 | 23.0 | 36.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **37** | **178** | **142** |
| Х% | 100.0 | 10.4 | 49.9 | 39.8 |
| В% | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=8.1 Дф=2 П<0.05 Ц=0.1

Во ова вкрстување на 19 прашање модалитет 4 белегот "ниско платените работници" со четврто прашање, нискиот слој 51.5% и средниот слој 40.6% повеќе

се заинтересирани за концепцијата на социјалната држава во споредба со високиот слој 7.9%.

***таб. 20 (ориг. прашање 19 мод. 9 / пр. 4 груп.) белегот: Деца без соодветна грижа вкрст. со: статус во однос на занимањето***

| Модалитети | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | 74 | 5 | 28 | 41 |
| **X%** | 100.0 | 6.8 | 37.8 | 55.4 |
| **В%** | 20.7 | 13.5 | 15.7 | 28.9 |
| **да** | 283 | 32 | 150 | 101 |
| **X%** | 100.0 | 11.3 | 53.0 | 35.7 |
| **В%** | 79.3 | 86.5 | 84.3 | 71.1 |
| **ВКУПНО** | **357** | **37** | **178** | **142** |
| **X%** | 100.0 | 10.4 | 49.9 | 39.8 |
| **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=9.6 Дф=2 П<0.01 Ц=0.2

При вкрстувањето на прашање 19мод.9 белег "деца без соодветна грижа" со четврто прашање групирано во слоевите, хиквадратот е 9.6. Средниот слој 53.0% и нискиот слој 35.7% повеќе се заинтересирани за материјално-социјална заштита на оваа категорија на деца во споредба со високиот слој 11.3%. Во овој случај доаѓа до израз дека претставниците на средниот и нискиот слој се за поумерена во споредба на високиот слој кој е за рестриктивна /конзервативна социјална политика.

*таб. 21 (ориг. прашње 9 мод. 3 / пр. 5 груп.) белегот: Има големи материјални разлики вкрст. со: материјален статус*

| Модалитети | | Вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | | 154 | 26 | 82 | 46 |
| | **X%** | 100.0 | 16.9 | 53.2 | 29.9 |
| | **B%** | 43.1 | 72.2 | 41.4 | 37.4 |
| **прв ранг по тежина** | | 85 | 3 | 48 | 34 |
| | **X%** | 100.0 | 3.5 | 56.5 | 40.0 |
| | **B%** | 23.8 | 8.3 | 24.2 | 27.6 |
| **втор ранг по тежина** | | 59 | 3 | 34 | 22 |
| | **X%** | 100.0 | 5.1 | 57.6 | 37.3 |
| | **B%** | 16.5 | 8.3 | 17.2 | 17.9 |
| **трет ранг по тежина** | | 59 | 4 | 34 | 21 |
| | **X%** | 100.0 | 6.8 | 57.6 | 35.6 |
| | **B%** | 16.5 | 11.1 | 17.2 | 17.1 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| | **X%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| | **B%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=14.9 Дф=6 П<0.05 Ц=0.2

Од горната табела се гледа дека поради големите материјални разлики најмногу се засегнати средниот и нискиот слој, процентуално најмногу се изјасниле и ги рангирале како прв, втор и трет ранг по тежина испитаниците од средниот слој, додека претставниците од високиот слој најмалку ги чуствуваат разликте. Тие овој проблем го рангирале како најмал и затоа процентуално најмногу се изјасниле во третиот ранг. И овде се забележува дека преставниците на различни слоеви преферираат различна концепција на социјална политика.

*шаб. 22 (ориг. ирашање 9 мод. 4 / ир. 5 груи.) белеиош: Некои рабошаш, а некои не, вкрсш. со: машеријален сшашус*

| Модалитети | | Вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | | 225 | 22 | 126 | 77 |
| | **Х%** | 100.0 | 9.8 | 56.0 | 34.2 |
| | **В%** | 63.0 | 61.1 | 63.6 | 62.6 |
| **Прв ранг по тежина** | | 20 | 2 | 5 | 13 |
| | **Х%** | 100.0 | 10.0 | 25.0 | 65.0 |
| | **В%** | 5.6 | 5.6 | 2.5 | 10.6 |
| **втор ранг по тежина** | | 59 | 6 | 32 | 21 |
| | **Х%** | 100.0 | 10.2 | 54.2 | 35.6 |
| | **В%** | 16.5 | 16.7 | 16.2 | 17.1 |
| **трет ранг по тежина** | | 53 | 6 | 35 | 12 |
| | **Х%** | 100.0 | 11.3 | 66.0 | 22.6 |
| | **В%** | 14.8 | 16.7 | 17.7 | 9.8 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| | **Х%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| | **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=12.1 Дф=6 П>0.05 Ц=0.2

При вкрстувањето на овие две прашања се забележува дека претставниците на нискиот слој најмногу се застапени во првиот ранг со 65.0%, што значи дека тие најмногу го чуствуваат проблемот на невработеноста. Спротивно на предходната констатција преставниците на високиот слој во сите три ранга се изјасниле со најмала процентуална застапеност во споредба со средниот и нискиот слој за тежината на овој проблем. Тоа подразбира дека тие најмалку се засегнати со невработеноста во транзициониот период.

*таб. 23 (ориг. прашење 10 мод. 1 / пр. 5 груп.) белегот: Сиромаштијата вкрст. со: материјален статус*

| **Модалитети** | **Вкупно** | **Висок** | **среден** | **низок** |
|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | 195 | 28 | 111 | 56 |
| **Х%** | 100.0 | 14.4 | 56.9 | 28.7 |
| **В%** | 54.6 | 77.8 | 56.1 | 45.5 |
| **да** | 162 | 8 | 87 | 67 |
| **Х%** | 100.0 | 4.9 | 53.7 | 41.4 |
| **В%** | 45.4 | 22.2 | 43.9 | 54.5 |
| **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| **Х%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=12.1 Дф=2 П<0.01 Ц=0.2

При вкрстувањето на овие две прашања, корелацијата е 12.1. Се добива впечаток дека испитаниците на средниот слој најмногу се засегнати од осиромашувањето. Впрочем голем број на испитаници од средниот слој во измниатите години се придвижи во нискиот слој. И овде е карактеристично дека претставниците на високиот слој најмалку ја чуствуваат сиромаштијата. Ваквата социјална политика која продуцира постојано зголемување на сиромаштијата изгледа дека му оди во прилог на високиот слој.

*таб. 24 (ориг. прашење 19 мод. 4 / пр. 5 груп.) белегот: Ниско платени работници вкрст, со: материјален статус*

| **Модалитети** | **Вкупно** | **Висок** | **среден** | **низок** |
|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | 256 | 31 | 143 | 82 |
| **Х%** | 100.0 | 12.1 | 55.9 | 32.0 |
| **В%** | 71.7 | 86.1 | 72.2 | 66.7 |
| **да** | 101 | 5 | 55 | 41 |
| **Х%** | 100.0 | 5.0 | 54.5 | 40.6 |
| **В%** | 28.3 | 13.9 | 27.8 | 33.3 |
| **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| **Х%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=5.2 Дф=2 П>0.05 Ц=0.1

Испитаниците од средниот слој најмногу се заинтересирани за "заштита на ниско платените работници", потоа следува нискиот слој, додека испитаниците на високиот слој најмалку се заинтересирани за социјална и материјалан заштита на оваа категорија на работници. Овде можеме да воочиме дека претставниците на

високиот слој се за мерки за заштита на оваа категорија од конзервативен тип, додека испитаниците од средниот и нискиот слој се за мерки на поумерена социјална политика.

*шаб.25 (ориг. прашање 3 груп. / пр. 5 груп.) белегош:Образовен сшашус*

*вкрс, со: машеријален сшашус*

| Модалитети | | Вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **висок слој** | | 117 | 23 | 76 | 18 |
| | **X%** | 100.0 | 19.7 | 65.0 | 15.4 |
| | **B%** | 32.8 | 63.9 | 38.4 | 14.6 |
| **среден слој** | | 186 | 11 | 103 | 72 |
| | **X%** | 100.0 | 5.9 | 55.4 | 38.7 |
| | **B%** | 52.1 | 30.6 | 52.0 | 58.5 |
| **низок слој** | | 54 | 2 | 19 | 33 |
| | **X%** | 100.0 | 3.7 | 35.2 | 61.1 |
| | **B%** | 15.1 | 5.6 | 9.6 | 26.8 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| | **X%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| | **B%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=46.4 Дф=4 П<0.01 Ц=0.3

Овде имаме еден податок кој укажува дека припадноста на високиот слој по образовние не мора да значи дека тоа повлекува и припадност на високиот слој и по материјален статус. Во овој случај хиквадратот е 46.4. Овде се потврдува констатацијата дека припадноста на високиот слој не повлекува конзистентност по основ на двата статуса.

*таб. 26 (ориг. прашње 4 груп. / пр.5груп.) белегот: Статус во однос на занимањето вкрст. со: материјален статус*

| Модалитети | | Вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **висок слој** | | 117 | 23 | 76 | 18 |
| | **Х%** | 100.0 | 19.7 | 65.0 | 15.4 |
| | **В%** | 32.8 | 63.9 | 38.4 | 14.6 |
| **среден слој** | | 186 | 11 | 103 | 72 |
| | **Х%** | 100.0 | 5.9 | 55.4 | 38.7 |
| | **В%** | 52.1 | 30.6 | 52.0 | 58.5 |
| **низок слој** | | 54 | 2 | 19 | 33 |
| | **Х%** | 100.0 | 3.7 | 35.2 | 61.1 |
| | **В%** | 15.1 | 5.6 | 9.6 | 26.8 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| | **Х%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| | **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=103.4 (со Јатесова кор. ) Дф=4 П<0.01 Ц=0.5

Во оваа табела се забележува дека имаме неконзистентност помеѓу занимањето и материјалниот стсандарад како статуси кои го покажуваат припадноста на слојот. При ова вкрстување на овие две прашања групирани во слоевите хиквадратот е 103.4.

*таб. 27 (ориг. прашње 6груп./ пр.5 груп.) белегот: Станбен статус вкрст. со: материјален статус*

| Модалитети | | вкупно | висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **висок слој** | | 40 | 12 | 17 | 11 |
| | **Х%** | 100.0 | 30.0 | 42.5 | 27.5 |
| | **В%** | 11.2 | 33.3 | 8.6 | 8.9 |
| **среден слој** | | 163 | 18 | 111 | 34 |
| | **Х%** | 100.0 | 11.0 | 68.1 | 20.9 |
| | **В%** | 45.7 | 50.0 | 56.1 | 27.6 |
| **низок слој** | | 154 | 6 | 70 | 78 |
| | **Х%** | 100.0 | 3.9 | 45.5 | 50.6 |
| | **В%** | 43.1 | 16.7 | 35.4 | 63.4 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **36** | **198** | **123** |
| | **Х%** | 100.0 | 10.1 | 55.5 | 34.5 |
| | **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=47.2 (со Јатесова кор. ) Дф=4 П<0. 01 Ц=0.3

И во оваа ситуација имаме неконзистентност помеѓу стамбениот и материјалниот статус. Може да се заклучи врз основа на предходните три табели, податоците кои се добиени во истражувањето дека не постои неконзистентност по основ статусите.

***таб. 28 (ориг. прашање 9 мод. 3 / пр. 6груп.) белегот: Има големи материјални разлики вкрст. со: станбен статус***

| Модалитети | | вкупно | висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | | 154 | 23 | 65 | 66 |
| | **Х%** | 100.0 | 14.9 | 52.2 | 42.9 |
| | **В%** | 43.1 | 57.5 | 39.9 | 42.9 |
| **Прв ранг по тежина** | | 85 | 6 | 39 | 40 |
| | **Х%** | 100.0 | 7.1 | 45.9 | 47.1 |
| | **В%** | 23.8 | 15.0 | 23.9 | 26.0 |
| **втор ранг по тежина** | | 59 | 7 | 26 | 26 |
| | **Х%** | 100.0 | 11.9 | 44.1 | 44.1 |
| | **В%** | 16.5 | 17.5 | 16.0 | 16.9 |
| **трет ранг по тежина** | | 59 | 4 | 33 | 22 |
| | **Х%** | 100.0 | 6.8 | 55.9 | 37.3 |
| | **В%** | 16.5 | 10.0 | 20.2 | 14.3 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **40** | **163** | **154** |
| | **Х%** | 100.0 | 11.2 | 45.7 | 43.1 |
| | **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=6.9 Дф=6 П>0. 05 Ц=0.1

При вкрстувањето на прашње 9мод. 3 белег има "големеи материјални разлики" со парашање 6 групирано во слоеви, хиквадратот е 6.9. Големите материјални разлики најмногу ги чуствуваат повторно припадниците на средниот и нискиот слој при што имаат приближно слични процентуални одговори, додека преставниците на високиот слој најмалку се засегнати поради големите материјални разлики.

*таб. 29 (ориг. прашње 10 мод. 1/ пр. 6груп.) белегот: Сиромаштијата вкрст. со: станбен статус*

| Модалитети | вкупно | висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | 195 | 29 | 93 | 73 |
| **Х%** | 100.0 | 14.9 | 47.7 | 37.4 |
| **В%** | 54.6 | 72.5 | 57.1 | 47.4 |
| **да** | 162 | 11 | 70 | 81 |
| **Х%** | 100.0 | 6.8 | 43.2 | 50.0 |
| **В%** | 45.4 | 27.5 | 42.9 | 52.6 |
| **ВКУПНО** | **357** | **40** | **163** | **154** |
| **Х%** | 100.0 | 11.2 | 45.7 | 43.1 |
| **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=8.8 Дф=2 П<0.05 Ц=0.2

При вкрстувањето на прашње 10мод.1 белег сиромаштија со шесто прашање групирано во слоеви, хикавадратот е 8.8. Најмногу сиромаштијата се чуствува кај нискиот слој, потоа средниот и на крајот најмалку е засегнат високиот слој.

*таб. 30 (ориг. прашње 19 мод. 4 / пр. 6груп.) белегот: Ниско платени работници вкрст. со: станбен статус*

| Модалитети | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|
| **непознато (НУЛЛ)** | 256 | 31 | 124 | 101 |
| **Х%** | 100.0 | 12.1 | 48.4 | 39.5 |
| **В%** | 71.7 | 77.5 | 56.1 | 65.6 |
| **да** | 101 | 9 | 39 | 53 |
| **Х%** | 100.0 | 8.9 | 38.6 | 52.5 |
| **В%** | 28.3 | 22.5 | 23.9 | 34.4 |
| **ВКУПНО** | **357** | **40** | **163** | **154** |
| **Х%** | 100.0 | 11.2 | 45.7 | 43.1 |
| **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=5.0 Дф=2 П>0.05 Ц=0.1

Кај ова вкрстување на овие две прашања, хиквадратот е 5.0. Нискиот слој е на мислење дека најмногу треба материјално и социјално да се заштитуваат "ниско платените работници", додека споредено со испитаниците од високиот слој тие се на мислење дека најмалку треба да се заштитува оваа категорија на работници. Во овој случај доаѓа до израз припадноста на слојот да влијае при избирањето на мерките на заштита кои треба да се превземат од страна на социјалната политика. Испитаниците на високиот слој се за конзервативна, додека од нискиот слој се за колективистичка социјална политика.

*таб.31 (ориг.прашање 5груп./ пр.6 груп.)*

***белегот: Материјален статус вкрст.со:станбен статус***

| Модалитети | | вкупно | Висок | среден | низок |
|---|---|---|---|---|---|
| **висок слој** | | 36 | 12 | 18 | 6 |
| | **Х%** | 100.0 | 33.3 | 50.0 | 16.7 |
| | **В%** | 10.1 | 30.0 | 11.0 | 3.9 |
| **среден слој** | | 198 | 17 | 111 | 70 |
| | **Х%** | 100.0 | 8.6 | 56.1 | 35.4 |
| | **В%** | 55.5 | 42.5 | 68.1 | 45.5 |
| **низок слој** | | 123 | 11 | 34 | 78 |
| | **Х%** | 100.0 | 8.9 | 27.6 | 63.4 |
| | **В%** | 34.5 | 27.5 | 20.9 | 50.6 |
| | **ВКУПНО** | **357** | **40** | **163** | **154** |
| | **Х%** | 100.0 | 11.2 | 45.7 | 43.1 |
| | **В%** | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

хиквадрат=47.2 (со Јатесова кор. ) Дф=4 П<0.01 Ц=0.3

Во последното избрано вкрстување се забележува дека постои неконзистентност помеѓу материјалниот и стамбениот статус, гледано од аспект на припадноста на слојот.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Општата хипотеза, која ја поставивме во истражувањето каде што очекувавме дека одредени места што ги завзема поединецот во општествените слоеви, влијаат врз прифаќањето на одреден тип на ставови и вредности на социјална политика, се потврди.

а) колку слојот завзема повисок статус во општествената хиерархија по прифатливи се конзервативните вредности на социјалната политика;

б) доколку слојот се групира во средината на социјалната пирамида поприфатливи се либералните вредности на социјалната политика;

б) колку општественуте слоеви се повеќе осиромашени, толку повеќе се склони кон преферирање на колективистичката концепција на социјалната политика.

Горенаведеното може илустративно да се согледа од добиените податоци во табелите во кои е тестиран хиквадратот при вкрстувањето на селектирани табели. Како пример ќе наведеме неколку вкрстувања по реден број на табелите и вкрстените прашања, нивните модалитети со поодделни прашања групирани во слоевите или не групирани: таб. 7. пр.9мод.4/пр.3груп. (Некои работат некои не со образовниот стстус); таб. 9.пр.16/пр3груп. (Каков вид на демократија е потребен на РМ со Образовниот статус); таб. 13.пр. 9мод3/пр.4груп. (Има големи материјални разлики со статус во однос на занимањето); таб. 16.пр.14мод.2/пр.4груп. (Синдикатот со статус во однос на занимањето); таб. 17 пр. 15мод.1/пр.4груп. (Преквалификување односно доквалификување со статус во однос на занимање); таб. 19.пр. 19мод.4/пр. 4груп. (Ниско платени работници со статус во однос на занимање); таб. 20. пр. 19мод.9/пр. 4груп. (Деца без соодветна грижа со статус во однос на занимање); таб. 23.пр. 10мод.1/пр.5груп. (сиромаштијата со материјален статус); таб. 24.пр.19мод.4/пр.5груп. (Ниско платени работници со материјален статус).

Претпоставката во хипотезата на истражувањето дека припадноста на средниот или средните слоеви најмногу влиае на генерирањето, прифаќањето и усвојувањето како и акциското изразување на **либералната свест и вредности на социјална политика се потврди,** што може да се забележи при вкрстувањата во табелите 7, 8, 9, 10, 13, 16, 17, 20, 21, 24 и др.

Нашата претпоставка во хипотезата на истражувањето дека **високиот општествен статус и слој**, повеќе се наклонува и инклинира кон **конзервативни вредности на социјална политика**, кон институционализирање на нееднаквоста меѓу луѓето се потврди. Тоа е пред се заради задржување и зачувување на материјалниот и социјалниот статус и привилегии што произлегуваат од статусот, може да се воочи при вкрстувањето кое е направено во табелите 8, 9, 13, 16, 17, 19, 20 и др.

На крај, претпоставката во хипотезата на истражувањето дека **колективистичките вредности** најчесто произлегуваат, се создаваат и изразуваат во нискиот општествен слој, т е. меѓу невработените и кај ниско доходните

занимања, кај оние без образование и квалификации, со низок животен стандард и услови, барања за социјална и материјална еднаквост и правда, за промени на системот се потврди, што може да се забележи при вкрстувањата во табелите 9, 12, 14, 15, 16, 18, 19.

Повеќедимензионалната карактеристика на општествената слоевитост доведува до тоа да е возможно да се има неконзистентен, индивидуален статус во стратификацискиот систем. Неконзистентниот статус е наспроти конзистентниот кај кој трите димензии-имот (богатство), престижот и моќта кај иста индивидуа, речиси се еднакви и рангирањето е попрецизно. Неконзистентниот статус се јавува кога индивидуата се рангира високо на една или две од трите димензии, а пониско се рангира според третата димензија.

Неконзистентноста на статусите е карактеристика за трите слоја во ова истражување. Карактеристично е тоа што неконзистентноста кај високиот слој е најмалку изразено во споредба со останатите два слоја, додека кај нискиот слој оваа карактеристика е најмногу изразена.

Врз основа на предходно обработените индикатори кои се значајни за разграничување на слоевите, се добиените следниве податоци:

*Социјално-групните белези на* ***високиот слој*** : високи материјални примања и семеен стандард (се однесува на семејства кои имаат примања над 40.001,00 ден и стамбен стандард од100-200 м$^2$), повисоки образовни степени (се однесува на лица кои имаат завршено високо образование, магистер и доктор на науки), бизнис или менаџерски односно раководни функции (се однесува на лица кои се работоводители, работодатели, директори-менаџери) како и попрестижни професии. **Од анализата на добиените податоци во ова истражување, според горе наведените индикатори, во овој слој спаѓаат 40 (11.2%) испитаници.**

*Социјално групните белези на* ***средниот слој*** *би биле*: просечен материјален стандард и примања (се однесува на семејства со примања од15.001,00 до 40.000,00 ден., а стамбен стандард од 80-100 м$^2$), (се однесува за лица кои имаат-више, високо образование, специјалисти во одредени области), производни и службенички функции (се однесува за лица кои се службеници кои ги надгледуваат или не ги надгледуваат другите, предреботник и контролор и други). **Во овој слој припаѓаат 163 (45.7%) испитаници.**

*Социјално групните белези на* ***нискиот слој*** *би биле* невработеност или ниско доходна вработеност, низок материјален стандард (се однесува на семејства со примања до 15.000,00 ден. и стамбен стандард до 80 м$^2$), непрестижни производни или услужни занимања (се однесува на лица ПКВ и НКВ работник, индивидуален самостоен земјоделец, земјоделски наемен работник, стечаен работник, пензионер, член на вооружените армиски сили и припадник на полицијата-во овој слој се мисли на лица со ниски чиниви во армијата и полицијата), ниски степени на образование (се однесува на лица со КВ и ВКВ занимања, недозавршена, завршено гимназија и училишта за занимања, лица со недозавршено високо и више образование). **Во овој слој припаѓаат 154 (43.1%) испитаници.**

Од горе добиените податоци, може да се заклучи дека припадниците во оддреден слој не може да се класираат според наведените индикатори во слоевите.

При анализата на податоците се дојде до сознание дека има отстапувања. Тоа значи дека, иако некој испитаник има висок образовен степен, тоа не значи дека тој мора да има и високи материјални примања или висок стамбен стандарад, или да се поклопуваат стандардот, моќта и престижот. Поради тоа можеме да заклучиме дека во ова истражување кај сите слоеви е карактеристичен неконзистентен статус. За ова се водеше посебно грижа при обработка на податоците, бидејќи одредени индикатори се преплетуваат од различни слоеви за да може точно да се определи на кој слој припаѓа испитаникот. Оова може да се согледа при вкрстувањата посебно во табелите 25, 26, 27 и 31.

Поаѓајќи од напред изнесеното ќе се обидеме да понудиме модел на социјална политика кој би одговарал на сегашните услови во Република Македонија.

Општественото уредување, прво, го опфаќа стопанското уредување а, второ социјалното уредување. Стопанското и социјалното уредување служат со подеднаков ранг на целта да ја подобрат животната положаба на граѓаните. Бидејќи човекот има како стопански, исто така и социјални потреби, задачата за креирање на едно општествено уредување се состои во тоа, да ги применува рамноправно стопанските и социјалните цели. Додека стопанското уредување служи за снабдување со стопански стоки и треба да обезбеди што поуспешна функција на конкуренцијата, задачите на социјалното уредување, се сотојат во тоа да обезбедат социјален мир, да се реализира социјалната справедливост и социјална сигурност, како и да се гарантира во стопанскиот живот придржување кон минималните социјални услови во смисла на хуманоста на стопанскиот и работниот живот, односно да се зголеми степенот на хуманоста.

Токму заради напред кажаното, можеби во актуелните услови на транзиционите посткомунистички опшества би можеле, наместо за социјална држава, повеќе да зборуваме за одредена "социјална политика".

Притоа, ветувачката, но несигурна транзиција се оддолжи додека преодот од социјалистичкото во демократското општество се покажа многу тежок и аномаличен. Зачестија економско–политичките, но и социјалните проблеми, пазарните законитости ја покажаа својата нечувствителност, синдикатот својата ограниченост, работниците немоќта а државата својата недозреаност. Невработеноста и осиромашувањето се мултиплицираа, животниот стандард опадна, додека социјалната несигурност постојано се зголемува.

Денес во Република Македонија е јасно дека е неопходно да се изгради едно "социјално пазарно стопанство", со цел да се задоволат интересит и барањата на популацијата. На државата и е јасно дека би била голема социо-политичка грешка доколку се следат "чистите" и "јасните" принципи на класичниот капитализам, чии консеквенци би имале многу неповолни социјални последици. Ефектуирањето на пазарната и економската ефикасност мора да биде придружувано со напорот за промоција како на политичкта демократија, така и на социјалната правда.

Сепак, иднината на социјалната држава не е трасирана однапред и таа често се меша со содржините на демократскиот живот. Воедно, јасно е дека не постои модел или "истрасиран пат на социјален прогрес". Меѓутоа, моралната

апликација на современата социјална политика, а ако е можно и на државата– заштитник, не само што е комплементарна со демократизацијата на системот (доменот на човекови социалнаи права), туку води и кон една порадикалана проценка на вредностите и методите на социјалниот прогрес. Притоа, две многу значајни димензии се наметнуваат сами по себе. Пред се, социјалниот прогрес долго време беше идентификуван на еден мошне едноставен начин, а во функција на смалување на економската нерамноправност.

Во меѓувреме, еднаквоста стана една многу сложена категорија, а на хоризонтот на социјални програми се наметнаа и други цели, и второ, ќе биде неопходно да се усвои една сеопфатна визија за еднаквост што ќе земе предвид и други фактори и детерминати на диференцирање меѓу луѓето. Инаку, социјалната држава во европска конотација, историски се развива врз база на ситемот на осигурување, во чии рамки социјалните граници беа сврзани со воспоставувањето задолжително осигурување, кое ги покрива основните ризици на егзистенција (болест, невработеност, пензии, инвалидитет). Во контекс на тоа модерното општество се осмислува во сосем поинакви димензии, барајќи патишта кон едн нов тип на односи меѓу луѓето. Новата социјална врска резултира од "доброволната вештачка институција" наречена пазар. Во таа перспектива, пазарот има за цел да создаде нова социјална врска меѓу луѓето. Тоа е првта претпоставка за промоција на социјалната држава во Македонија. Меѓутаоа, како и на секаде, така и во Македонија пазарот поседува една бесчуствителна хемија- која не го заштитува социјално загрозениот". Според тоа, напоредно со заживувањето на основните компонети на пазарот, неопходна е и афирмација на идејата за осигурување, односно елаборација на инструментите и институциите наменети за ослободување на човекот од стегите на природата и негативните ефекти на пазарот. Затоа и втората група неопходни елементи за концепцијата на социјалната држава е подготвеноста и оспособеноста на современта држава, која не е бирократски оптоварена и строго хиерархиски конструирана, туку силна и современа држава со флексибилен, но ефикасен државен апарат. Третата група неопходни елементи произлегува од предходните две. За успешно заживување и промоција на моделот на социјална држава неопходен е развиен даночен систем што го спроведува државата врз стопанските субјекти. Инаку, во оваа група на елементи може да ги сместиме и другите инфраструктурни механизми кои обезбедуваат реализација на социјалната држава, како што се: забава, одмор, култура, рекреација, но пред се, образование.

Дотолку повеќе што сицијалната држава, со своите ситеми во конкретното општество, се формира со меѓусебно дејство на економските, социјалните и политичките односи, доминатната идеологија и нејзиниот политички ситем, не апстрахирајќи ги притоа културното наследство и трарадицијата. Особено таквиот пристап не може да се занемари за опшествата во транзиција, бидејќи општествено – економската формација што се обликува ќе биде способна за живот ако може да обезбеди свој раст и рамнотежа, а хумана ќе може да се смета единствено ако на поголем број на членови од тоа општество им се обезбеди подобрување на животните и работните услови.

Денес пред науата за социјална политика и непосредно пред социјалната држава, стојат отворени прашања поврзани со содржината, доминацијата на пооделните доктрини што ги условуваат, како и вреднувањето на социјално–политичките мерки. Доктрината на "државата на благосостојба" со различни концепции, која е карактеристична за Западна Европа, се наоѓа во преиспитување во овие земји. Меѓу современите теоретичари повеќе е застапено мислењето дека се јавуваат неколку значајни причини што прокламираат трансформација на оваа општествена институција. **Првите** се однесуваат до потрошувачката на "државата на благосостојба" и во врска со тоа до нејзините позитивни или негативни ефекти. **Вторите** се однесуваат на интервенистичката политика, која се заканува да ја загрози приватната сопственост–капиталот. **Третите** од аспект на политичката филозофија се и најважни, дека "државата на благосостојба" ги враќа во игра основните принципи на граѓанското општество, слободата во одлучување за самите себе, демократијата и еднаквоста.

Современата социјална држава може да се оствари со гарантирање на фундаменталните социјални права, што овозможува да се спречи "социјалното пропаѓање" и да се обезбеди потребен социјален баланс и хармонија. Тоа значи дека социјалната политика не може да се гради врз филозофијата на преживување, туку врз општо прифатените норми и стандарди за сотварување на фундаменталните социјални права, што не е значајно само од социјален-хуман аспект, туку и од аспект на економскиот просперитет.

Промената на моделот на социјална политика треба да предупреди и на следново: условот за добра социјална положба пред се е ефикасна економија, што секако не значи афтоматизам на меѓусебното влијание на економската и социјалната политика. Но, исто така, социјалната политика не смее да се третира како резидиум на економската политика, бидејќи добрата социјална политика создава социјални услови што во пследно време се значаен инпут за ефикасно и модерно стопанство, но и модерна и ефикасна социјална држава.

Во концептот на социјалната држава елементарните претпоставки за репродукција на животот мора да обезбедуваат еднакви шанси за сите поединци. **Значи, во правните примери на социјалната политика – заштитата на правото на достоен живот, образование, правото на работа, изборот на занимање, местото на живеење и социјална сигурност, како и заштита на сите околности. Декларативно право на социјална политика, без претпоставки за нејзино реализирање, ги доведува во прашање правната држава и граѓанскиот статус, односно сигурноста на граѓаните**.

За подмирување на финансиските потребите на одредени групи на граѓани, средствата се обезбедуваат од даноци, а носител на тие активности е државата и нејзините органи. Но, и во овие активности од државата треба да се бараат, нерационални облици на економско трошење на средствата за оваа намена и треба да се оди на партнерство со приватниот сектор, локалната заедница и сл. Сепак, не значи дека државата е единствениот одговорен субјект за социјалната свера на општеството. Значењето на другите невладини субјекти во оваа област ќе се зголемува паралелно со појавата на структурата на граѓанското општество. Промената на положбата на поединецот за создавање услови за подобро живеење

и поголема социјална сигурност ќе значи и реафирмирање, првенствено на одговорноста на поединецот и на семејството за создавање услови преку работа и други економски активности, рационално трошење, чување на здравјето, одговорност за образованието и сл., што бара и едукација на населението за овие нови односи. По надминувањето на актуелната транзиција на земјава, односно со создавањето на повисок степен на економски и социјален развој, социјалниот систем според европскиот модел на "социјална држава" ќе треба да се надградува по пат на социјален статус на државата, солидарност и супсидијарност, и ќе се стреми кон урамнотежување на социјалните спротиставености и еднакви шанси на сите поединци, со што ќе се гарантира минималната социјална сигурност на граѓаните.

Да истакнеме дека уставот на Република Македонија втемелува определен број на вредности на уставниот поредок (конкретно со чл. 8 став 1), меѓу кои спаѓаат и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста " (алинеја 8). Тие се, всушност, општи принципи врз кои се темели Република Македонија како "Социјална држава".

Од таквите темелни вредности произлегуваат низа уставни права на граѓаните кои, пред се, се следниве: право на социјална заштита, право на образование, право на образование во приватни училишта (освен во основното образование), право на здравствена заштита, право на слобода на научно, уметничко и други видови на творештва, право на управување и учество во одлучувањето во јавните установи и право на Универзитетот да биде афтономен. Анализата на важечкиот Устав на Република Македонија (одделните устави одредби), како што се членовите 39 и 44, укажува дека граѓаните, како поединци и семејство, се задолжени со Уставот и со позитивното право да се грижат за следниве нешта: за сопственото образование (поединечно и за членовите на семејството), потоа за одржувањето на здравјето, и редица права и должности што се однесуваат на психофизичкиот развој и одржување на стекнатите позиции во поглед на вработеноста, на животниот стандард (кој е во секојдневно опаѓање), во поглед на начинот на домување, како и во поглед на спортот и рекреацијата.

Подолу ќе наведеме неколку согледувања за секое од погоре наведените права, бенефициите и обрвските кои произлегуваат од нив:

Лицата – корисници на бенифициите се раководени од сопствените мотиви во своето однесување од кое зависи времетраењето на користењето на бенифициите. Општо земено, врз ова најголемо влијание има висината на бенифициите, односно нејзиниот сразмер со претходните заработувачки (во споредба со социјалните материјална давања). Исто така, од особено значење е и должината на исплатата на надоместокот, која најчесто е утврдена со закон. Во стапицата на невработеноста можат да се најдат лица кај кои висината и времетраењето на исплатата на надоместокот влијаат за смалување на мотивот да се трага по ново вработување, со цел да се излезе од состојбата на невработеност. Од теоријата и практиката призлегува доколку се сака да се обезбеди парична подршка за лица што се без работа, осигурувањето треба да биде јавно. Ваквото осигурување, во најголема мера, нема да почива врз актуарски основи и оттаму, повеќе или помалку ќе вклучува редистрибуција.

Актуелните социјални проблеми на невработените имаат суштински последици врз човековата сигурност. Невработеноста е често придружена со ограничен пристап до приходот, средствата за работа, социјалните, здравствените, образовните и културните услуги.

Невработеноста, исто така, тесно е поврзна со: нарушувањето на демографската рамнотежа, несоодветната просторна дистрибуција на популацијата и неодржливо користење на природните ресурси.

Имено, од една страна, паралелно со подолгото чекање за вработување, се поместува старосната граница за стапување во брак, а кај воспоставените брачни заедници се појавува нарушување во функциите на семејството.

Раслојувањето најчесто е поврзано со невработеноста.

Ако тргнеме од трите основни критериуми–имотот, општествената моќ и општествениот углед, кај социјалната категорија невработени секојпат овие елементи се наоѓаат во корелација. Имено, невработените често и маат мал имот, мала општествена моќ и не поседуваат соодветен општествен углед.

*Насоки на политиката во врска со намалување на невработеноста:*

- промовирање на работно–интензивни инвестиции во економијата и социјалната инфраструктура;
- обезбедување услови за реализација на програми за преквалификација и за лично оспособување на самите работни места;
- активирање на шеми на социјална сигурност што ќе ги намалат бариерите и препреките за вработување, со цел да се оспособат невработените за активно партиципирање во опшествеото и да се создададт можности за нивно вработување.
- Зајакнување на службите за вработување и обезбедување помош при вработувањето–совети при барање работа, обука размена на информации, обезбедување социјална сигурност и други права пропишани со закон.

Значаен индикатор за социјалната група невработени кои својата егзистенција ја обезбедуваат од социјална помош е показателот дека најголемиот дел се во најпродуктивниот работен период од животот, кога можат да придонесат за својот личен просперитет, благосотојба на своето семејство и на општествената заедница. Секако дека проблемот за вработување на оваа популација граѓани ќе биде присутен и во пазарното стопанство, што го актуелизира прашањето за нивна преквалификација, доквалификација и професионална обука. Ова и поради фактот дека невработеноста, непродуктивното вработување, загрозениот животен стандард и социјалната несигурност го девалвираат човековиот дигнитет и не нудат еднакви шанси за развој на сите граѓани. Напротив, реални треба да станат очекувањата на секој наш граѓанин во новите општествени услови да може да остварува квалитетна егзистенција и духовни потреби врз основа на својот труд и резултатите од него. Високата стапка на невработеност, преставува енормна загуба на човечките ресурси и е знак на голема неефикасност на економскиот ситем и предизвикува длабока криза во социјална свера.

На страната на понудата на работната сила тоа ќе се манифестира во понатамошно смалување на стапката на растеж на вкупното население, аналогно на тоа и стеснување на репродуктивната основа, смалување на обемот на работоспособниот контингент од кој се регрутира работната сила, опаѓање на учеството на помладите, кои се главните носители на прогресот, примената на техничко–технолошките достигања и интезивирањето на општествено–економските трансформации.

Од досегашната социјална политика која се води во Македонија, резултатите се видливи: нагло отпуштање од работа, зголемување на бројот на пензионерите според најразлични основи, пред се, нивно предвремено исклучување од работниот контингент, ширење на сива економија, како "сигурносен вентил" за смирување на социјалните тензии, зголемување на бројот на лицата кои заминуваат во странство, особено високообразовани кадри, постоење на интензивно чуство на социјална несигурност и бесперспективност. Оттаму, загубата за државата е огромна не само како одлив на човечки капитал, туку и како загуба на највиталниот дел од населението, врз чии сили би требало да се потпира развојот на земјата, денес и во иднина.

Во структурата на социјални групи во категоријата на лица кои бараат работа во 1996 година, а во однос на 1991 година, поинтензивен пораст бележат социјалните групи "полуквалификувани, неквалификувани работници и со ниже образование", потоа доаѓа групата "високо квалификувани и квалификувани работници". Интересно е да се напомене дека лицата кои бараат работа со високо више образование во структурата во 1996 година бележат помалку учество во однос на 1991 година.

Во поглед на образованието на испитаниците и оценката на сопствената положба, може да се претпостави дека степенот на образованието и во постојниот општествено-економски ситем преставува значаен елемент во висината на примањата и врз пореална и поцелосна основа на својот стандарад.

Во рамките на стручните кадри особено е пролонгирано времето на чекање кај невработените со вишо образование, од кои дури 56,8% чекаат над 5 години, а од невработените со високо образование 40,4% чекаат над 5 години. Сите овие анализи водат до заклучок дека треба да се направи реформа во образовниот ситем во согласност со приоритетните долгорочни потреби за формирање кадри во функција на очекуваниот економски и општествен развој и модернизација. Според проценките, се очекува зголемување на побарувачката на човечки капитал, но со значителни промени во структурата во корист на лицата со средно, више и високо образование.

Меѓутоа, промена на структурите во образовниот ситем се постигнува многу потешко одколку промени во структурата на стопанството и на јавните служби и дејности. Не постојат директни контакти меѓу училиштата и факултетите, од една страна и претпријатијата и установите од друга. Сегашната мрежа на образовните институции во Македонија е наследство од предходниот ситем иако се прават "пионерски чекори" во поглед на негова трансвормација.

Пренасочувањето на образованието треба да се ориентира кон следните основни насоки:

- средно-стручните училишта да стекнат во стварноста еднаков рејтинг со општообразовните гимназии;
- стручните предмети да добијаат поголема важност и да не се потиснуваат за сметка на општообразовните. Овде треба да се истакне, дека во некои средни училишта треба да има поголем број на часови за обука на учениците во однос на теоријата. Ова значи усогласување со потребите на малите и средните претпријатија и за самовработените;
- наставните планови да се пофлексибилни;
- да се обезбеди перманентно усовршување, што налага потреба од преквалификување на наставниот кадар во образовните институции;
- исто така, се нагласува значење на перманентно образование. Еднаш стекнатите знаења не се доволни (преку редовните институции), заради тоа има потреба од постојано нивно надоградување, како самостојно така и организирано. Со ваквиот систем неопходно се остварува систематско и континуирано изградување и унапредување на знаењата и умеењата на сите вработени. На тој начин се решава проблемот на функционалната неписменост, што е една од причините за зголемување на квотата на невработениет;
- потребна е промена во менаџерската управа, односно децентрализација на системот на раководење и управување со воспитно образовната дејност, вклучување на родителите, наставниците, учениците, студентите во раководните органи на институциите;
- не треба да се заобиколи и состојбата на научно-истражувачките дејности. за развојот на научно истражувачклата-дејност, нагласено значење добиваат истражувањата што ќе се реализираат во истражувачко-развојните единици во составот на претпријатијата и другите правни субјекти, поради можност за примена на научните сознанија за решавање на конкретните тековни и развојни проблеми.
- сето ова упатува на еден условен заклучок за неминовно и темелно менување на системот за образованието во Македонија. Кадрите кои доаѓаат со новите генерации треба да го најдат своето место и како индивидуи и во општеството како целина.

Со оглед на предностите на малите и средните претпријатија, како и нивната можност за апсорпција на работна сила, инвестиционите вложувања во нив треба да бидат насочени кон производство, посебно извозно ориентирано. Во услови на ограничени средства за инвестиција (домашни и странски), споменативе претпријатија треба да добијаат приоритет и подршка од државата, бидејќи со релативно мал капитал може да се обезбеди заживување на стопанските активности во Републиката, или од нив треба да се очекуваат првите инпулси во димензионирањето на стопанскиот растеж.

- Квалитативните карактеристики на работната сила се повеќе станувaат битен предуслов за современо организирано производство. Порастот на продукивноиста на трудот и економскиот развој во земјите кои што постигнаа мошне брз развој, во голема мера се должи на вложувањето во образованието на работната сила и нејзиното рационално и соодветно искористување.
- Ваквите искуства, иако не можат да се применат кај сите земји во развој, сепак останува сознанието дека вниманието не смее да биде само насочено кон капиталот и техничко–технолошките процеси во производството, туку треба да се респектира поновиот приод според којшто инвестирањето во образованието и квалификациите на работна сила е се поголемо, бидејќи таа станува главен креатор на развојот.
- Мошне битно е да се знае во која насока и вид образование треба да се инвестира, за да може тоа да биде во функција на идниот стопански развој. Затоа и промените во образовниот ситем во голема мера би требало да бидат усогласени со развојната ориентација на земјата.

За реализација на ваквиот приод, во услови на функционирање на социјално пазарно стопанство, поддршката на државата станува неопходна, како и заинтересираноста на приватните претпријатија за обезбедување соодветна квалификувана работна сила, која ќе биде ангажирана на подолг рок. Квалитетот на расположивата работна сила, освен за потикнување на развојот на Републиката, може да преставува појдовна основа и за вклучување во глобалната понуда на работна сила во современиот свет.

Што се однесува до неквалификуваните невработени лица, со оглед на нивниот социјален статус, тие треба да добијаат соодветен третман. Дел од нив, особено помладите лица, треба да бидат вклучени во процесот на обука, како можност за стекнување минимум образование неопходно за нивно економско активирање

Во досегашниот развој, очигледно не му се посветуваше доволно внимание на значењето на човечките ресурси, што е недопустливо тоа да случи и во иднина.

Актуелните состојби во економската сфера придонесоа за разградувањето на стратификуваната структура на општеството во правец на осиромашување на многу слоеви од популацијата и за брзо збогатување на сосем мал број од населението.

Социјалната положба на голем дел од населението е влошена и поради ниското општо ниво на стопанска развиеност, поради преголемиот број на пензионирани лица, поради малите приходи на голем број на домаќинства и слично. Транзицијата и неповолните движења во стопанството придонесоа за намалување на бројот на активни осигуреници од една страна и зголемување на бројот на пензионерите од друга страна. Овие состојби предизвикаа намалување на приходите и зголемување на расходите во буџетот и фондовите (пензиски и здравствен фонд) на државата.

Изборот помеѓу овие две стратегии за старосните пензии делумно зависи од тоа која од нив обезбедува подобра заштита од инфлација, но исто така, и од ред други прашања, како што се соодветната улога на државата во контекстот на демографските промени (прашање од доменот на ефикасноста) и определбата дали редистрибуцијата е цел. Последниве прашања ја наметнуваат дискусијата околу дилемата дали пензиските системи треба да бидат организирани врз фондофска основа. или според системот "собери па веднаш исплати". Одликата за избор помеѓу овие два система (фондофскиот и собери веднаш исплати) зависи од релативната важност што им се припишува на прашањата на еднаквоста и ефикасноста.

Јавната политика во областа на здравствената заштита ќе биде успешна доколку води кон зголемена благосостојба преку подобри здравствени резултати, поголема еднаквост, повисоко здравство кај потрошувачите, или пониски вкупни трошоци од оние што би настанале во отсуство на јавна акција. Обезбедувањето на минимум здравствена заштита за сиромашните е пожелно од социјални, политички и економски причини. Пристапот кон основната здравствена заштита, како едно од основните човекови права, на сиромашните им овозможува одржување и унапредување на највbooжното средство со кое тие располагаат–нивниот труд.

Инвестирањето во здравието на сиромашните го зголемува нивниот капацитет за образование и продуктивност на нивниот труд, што преставуав сигурен пат за излез од сиромаштијата. Од ова може да се заклучи дека:

- државата треба да ги обезбеди услугите за унапредување на јавното здравје, кои најчесто имаат карактеристики на јавни блага, или блга со значителни екстерни ефекти;
- вклучување на здравствената заштита како дел од стратегијата за борба против сиромаштијата го оправдува финансирањето од страна на државата на пакетот минимална здравствена заштита за сиромашните лица;
- пазарните неуспеси се подлога за регулацијата од страна на државата на здравствената дејност и на пазарот на осигурување.

Во Македонија моделот на здравствениот систем би требало да се базира врз социјално осигурување со придонеси чија висина зависи од заработувачката. Осигурувањето е задолжително, се финансира од придонесите на осигурениците и/ или од данокот што го плаќаат работодавците за секој работник. Покрај ова, државата учествува со средтства од буџетот во покривањето во евентуалните дефицити. Варијации на овој модел се среќаваат во Јапонија (со помал степен на регулација), Канада и Германија (поголема регулација), при што во некои од нив во Канада е поголема улогата на приватниот сектор, а во Германија улогата на приватниот сектор е прилично ограничена.

Режимите на здравствената заштита се соочуваат со проблеми кои се различни во поедини земји, притоа секоја од нив настојува да ги решава здравствените проблеми на граѓаните на различен начин.

Од она што е досега презентирано, јасно произлегува дека потребата од интервенција на државата во социјалната свера може да се оправда првенствено со

економски аргументи, покрај идеолошки (социјална правда, еднаквост) и политички. Системот на социјалното осигурување, со право може да се каже, преставува институционална придобивка на општествено–економскиот развој, која, како што видовме, ги решава аномалиите кои настануваат како резултат на слободното функционирање на пазарните механизми во оваа свера.

Од друга страна, сопствениците на приватни фирми, стручните лица и службениците, со самиот факт што имаат можност повеќе да заработат ја намалуваат можноста за придвижување во долниот слој. Секако и нивната економско – социјална положба е поповолна. По се изгледа тоа е и основниот фактор што во најголема мера придонесува за подобрување на материјалната и социјална сигурност, на овие три категории на испитаници.

Субјективните ставови на населението за промените во нивниот живтен стандард го потврдува трендот на раслојувањето на населението воочен од дистрибуцијата на месечните приходи во домаќинството.

Во периодот по 1991 година настана процес на засилено социјално поместување помеѓу одделениет групи на население. најголемо поместување се јавува од средните слоеви кон долните, односно кон такаа наречениот низок слој.

Обемот на сиромаштијата и социјалното раслојување на населението на посрден начин може да се види од висината на социјалните фондови и нивното учество во буџетот на државата. така, во 1996 година, учеството на социјалните фондови (пензиски, здравствен и за вработување), во буџетот на државата изнесува 37, 6%, а во 1997 тоа учество е зголемено на 40, 9%. Во 1997 година, социојалните трасвери зафаќаат 28. 9%.

Најголемо социјално раслојување на населението во Македонија настана со намалувањето со вработеноста и порастот на лицата кои не се вработени. Екстензивното вработување во предходниот систем не овозможи рационално и ефикасно користење на човечките потенцијали. Воведувањето на пазарното стопанство наметна ефикасно користење на сите призводствени фактори, вклучувајќи ја и работната сила.

Структурата на невработените според староста покажува дека во социјалното раслојување најповеќе се опфатени лицата до 30 години кои формираат околу половина од фкупниот број невработени, како и лицата со над 30-40 години кои формираат помалку од една третина од невработените. Тоа значи еден добар дел од највиталното население (76.3%) спаѓа во групата на социјално загрозени лица.

Социјално активните граѓани често не се подготвени да се ограничат само на остварување на своето изборно право, туку себеси се сметаат за против сила. Тие се обидуваат преку разновидни активности да влијаат врз свеста и ставовите барем кај делови од населението, со цел на тој начин да извршат притисок врз носителите на одлуките. Нивните работни стилови се кооперативни облици, што се насочени кон соработка со партиите и со управата, или конфликтни стратегии што не можат да се вклопат во еден официјален процес на одлучување.

Граѓанските иницијативи, во прв ред, мобилизираат лица со квалификувано образование и на активните граѓани им нудат зголемување на нивните политички способности. Одговорноста на државните влади во кризни ситуации и принудата да се преземат акции постојано ја потикнуваа наклоноста на законодавецот да си обезбеди слободен простор за дејствување на товар на други, како на пример, пренасочување на социјалната помош за континуирано невработените лица во локалната свера.

Државната одговорност за "социјалната држава" и за еднаквоста на животните услови не смејат да доведат до замирање на активностите на општинско ниво, до ослабнување на нивните иницијативи и животна сила и до нивно оддалечување од граѓаните. Имајќи ги предвид економските, општествените и политичките промени, станува се појасно колку е важно функционирањето на комуналната политика и управа, кои се близу до граѓаните.

- за реализација на комуналните цели може да послужи и потикнувањето на приватните инвеститори за изградба, односно, модернизација на станови и индустриски населби;
- новите форми на кооперација меѓу градот и приватните инвеститори, нудат поголеми дејства отколку што би можел да сотвари само еден од партнерите (целисходна политика за населбите, културните установи за разонода итн.).

Демократијата со брзорастечкиот број различни интереси може да се справи само во услови на нов технолошки тренд, кога врз основа на ширење на образованието, што е услов за економски растеж, но и за растење на средната класа – да стане носител на демократските процеси.

Во неолибералната концепција, наместо вработување за сите, се предлагаат пазарни механизми, наместо универзалните социјални служби–селективни служби што функционират според критериумите на потребите, и наместо целосна грижа за сите социјални случаеви воведување во продуктивна работа. Во оваа концепција, големо значење им се придава на самите луѓе во ревитализацијата на општествениот живот, потоа–на значењето на заедничкиот живот во локалната заедница, во семејството, на приватните и доброволните активности. Државата, според неолибералите има резидуален карактер во социјалната свера. Во многу држави најчесто се применуваат мешовити модели, што можат да се забележат и во нашата држава.

Применувајќи ги најчесто мешовитите модели во социјалната политика, државата со својата правна регулатива им налага на социјалните установи стриктно почитување на прописите и реализација на акциите. Согласно со тоа, се јавува дилема и се поставува прашање дали социјалната работа, се фокусира врз клиентот со сите негови објективни и субјективни потреби и проблеми, или пак ги реализира интересите на државата? Реализацијата се однесува на глобално донесени одлуки кои, посебно во земјите со нефункционален правен систем, се претвораат во постојани дилеми.

Според активностите кои се превземаат во овој домен досега во Македонија сме на мислење дека преовладува мешовите модел и тоа помеѓу: скандинавски, резидуален и корпорационен модел. Зошто? Државата обезбедува и потикнува

вработување, потребите на граѓаните се задоволени на пазарот на трудот. Иако досега најголемо дегажирање на ртаботни места во Македонија се оствврени во јавниот сектор, сепак во иднина треба да се сконцентрираме на приватната иницијатива и тоа во трудоинтензивните дејности.

Додека елементите од резидуалниот модел ги препознаваме преку задоволувањето на потребите на граѓаниет преку пазарни механизми, државата помага при крајно необезбедени случаи преки социјалните установи (најчесто за сиромашниот слој од населението). Другите активности со социјална компоненета ги вршат невладините институции.

Кај корпорациониот модел е карактеристично што граѓаните се осигуруваат за пензионерскиот живот. Ваков закон е донесен и во Македонија. Државата ги штити основните права на граѓаните, а другите активности ги преземаат невладините, професионалните и другите доброволни групи.

## БИБЛИОГРАФИЈА

1. Annikki, S., (1995). Soft Methods in the European Union Social Policy, Target-oriented guidance as a welfare strategy, STAKES National Research and Development Centre for Welfare and Helth. Finland: ISBN 951-33-0025-0, 3.

2. Alber, O. Hirshman. (april-1990). Pobijanje kriticara socijalnog staranja. Pregled, Belgrad:Ambasada na SAD, str. 48-53.

3. Adler, F., Mueller, O. W., Laufer, S. William, (1995). Criminology, sekond edition, the shorter version.

4. Агенда за развој (усвоена од генералното собрание на Обединетите Нации на 20 јуни, резолуција 51/240).

5. Атанасов, Л., (2000). ордолиберализам. . . Социјално пазарно стопанство. . . трансвормација. Софија: ЛИК-2000, ИСБН 954-607-309-1.

6. Ацевски, И., (2000). Социологија. Скопје:Филозофски факултет.

7. Butler, M.Stuart, (mart-juni1988).Sto jedan konzervativac misli o državi socijalnog staranja. Belgrd: Pregled, Ambasada na SAD, str. 58-63.

8. Bobio, N. (2000). Liberalizam i Demokracija. Zagreb: Novi Liber.

9. Берет, Д. и Кол, Т. (2000). Социолошки проекти, Водич за студенти, Скопје.

10.Бек, Е., Сланинка, М. Динева и Доневска, М., Научен собир, (јули 1998), реферати и дискусии, Социјална држава помеѓу концептот и практиката, Скопје: Институт за социолошки-политички и правни истражувања, 30 септември 1997 год., Фондација "Фридрих Еберт "канцеларија Скопје.

11.Batič ,Ismet. i Koja, V. Одбрани теми од Семејно право, Научно-стручен Семинар, (Охрид, 24-26 април 1998). E DREJETA E FAMILJES-СЕМЕЈНО ПРАВО, Tema të zgjedhura mbi "Të drejeten e familijes" Seminar shkencor -profesional Ohër, 24-26 april 1998.Tiranë: Shtëpia botuese Toena. Печатница Тоена, Тирана.

12.Brajša, P., ( 1979). Socijalna zaštita . Zagreb: USIZ.

13. Беличанец, Т. и Старова, Г., (1996). Трудово право.

14. Билтен на Министерството за финансии на Р М, (април 2001), Скопје.

15. Билтен на Министерството за финасии на РМ, септември-2001.

16.Villa, F. (1997). Polityka Spoleczna Demokracija i Praca Socijalna, Krakow: Uniwezsytet Jagiellonski Instytut Socijologii, Zeszyty Pracy Socjalnej (zeszy drugi).

17.Vreg, F., (1975). Društveno komuniciranje. Zagreb Centar za informacie i publicitete, izdavačko novinsko i grafičko preduzeče.

18.Volin, Dž. Stiven, Volin, Sibil, (1993). Rezilijantna ličnost, Kako preživeti iz problematičnih porodica prevazilaze teškoče.Prosveta Nispred, od angliski go prevela Nadežda D. "BRDAR".

19. Giddens, A. (1998). THE THIRD WAY, The renevalof social Demokraci, prevod na bugarski od Maija Grekova, Politi Press, ISBN 954-733-090-X, Ik "Prozorec " OOD.

20. Gelbrejt, K. Džon i Gilder, D., (juni-septemvri 1982). O ekonomiji. Belgrad. :Pregled, Ambasada na SAD, broj 219, str. 25-31.

21.Х. Волфганг, главен уредник (December 1994). Elektoral monitoring and elektoral systems. Brussels:Friedrich Naumann Fondation Brusseles ambiorix, B-1040. Изборен мониторинг и изборни системи: краток водич, Фондација за развој на цивилното општество и либерална демократија, ИСБН 99899961-0-5.

22.Гизевиус, В., (јануари 1998), Leitfaden durch die Kommunal politik, Werlag J.H.W.Dietz Nachf .Bonn1991.Водич низ комуналната политика. Скопје: Фондација " ФРИДРИХ ЕБЕРТ " Канцеларија Скопје.

23. Георгиевски, П. (1998-а). Методологија на истражување на општествени појави (воведен текст и избор на текстови), за интерна употреба, Скопје.

24. Група автори, извадок од статијата на (Трајковски, И. и Поповски, М.), (1997), Диспозициска димензија на демократска транзиција, ФОРУМ АНАЛИТИКА, (декември 97/јануари 98, година, број 1, издадено декември).

25. Grassman, U., Len, K., (1990). Grup Work, A humanistic APROACH, INC: Sage Publications.

26. Група автори, (Георгиевски, П. 1998-б). Социологија. Скопје:НИП "Студентски збор ".

27. Група автори, Бубевски, Д., Јакимовски, Ј., Новковска, Б., Серафимовска, Е., Чонева, Љ., Тодоровски, И., (2001). Социо- економската структура и проблемите на населението во Р Македонија. Скопје: Институт за социолошки и политичко правни истражувања.

28. Група автори, Јакимовски, Ј.,Наневски, Б., (1998).Социјално раслојување во Бугарија и Република Македонија. Фондација "Фридрих Еберт "Институт по социологија при БАН, Институт за социолошки и политичко-правни ситражувања-Скопје: Издателство "ЛИК ", Софија.

29. Група автори, (1997). Скопје: Форум, Аналаитика.

30.Годишник, (2000), Институтот за социолошко политичкиправни истражувања "Св. Кирил и Методиј "-Скопје. Скопје: година 21, број1, 1998-1999, ИССН 0350-1825.

31.Детлев, Р. (1995). Пазарно стопански модели: Социјално пазарно стопанство во Р Германија. Берлин: Фондација "Фридрих Еберт ", канцеларија германски институт за развојна политика ДИЕ.

32. Документ на Светската банка, (11јуни1999). Единица од секторот за развој на човечки ресурси. Поранешна Југословенска Република Македонија (во два тома), том 1: Главен извештај, Оддел 4, Регион на Европа и Централна Азија, Извештај бр. 19411-МК.

33. Закон за локална самоуправа, (1995). Скопје: Академик.

34. Закон за брак и семејство на Р Македонија, (15 декември 1992). Службен весник на РМ, бр. 08-4828,

35. Зборник социјалната политика во периодот на транзиција, (1995). Трудови од научниот собир. Социјалната политика во периодот на трансформација од договорна во сопственичка и пазарна економија, (одржан од 26-28 мај 1994 година во Скопје) Скопје: Републички завод за унапредување на социјалните дејности-Скопје.

36. Зборник на Институтот за социолошки и политички-правни истражувања, (трудови подготвени на Научниот собир одржан на 18-19 декември, 2000 година, (јули 2001). Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзиното намалување: Фондација "Фридрих Еберт "-Канцеларија Скопје.

37.Zvonarevič, M., (1978 ). Školska kniga . Zagreb: IRO.

38. Извештај на UNDP за 1998 (june 1998). Human Development Report, str. 7.

39. Извештај на UNDP, (1999). Национален извештај за човековиот развој на Македонија за 1999. "Data-Pons Internacional "-Skopje, str. 89.

40. Извештај од експертската работилница организирана од секретаријатот на Обединетите нации, (29. 09-03, 10 1997). Партиципација и социјална првда. Лондон: Оддел за меѓународен развој на Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

41. Journal of the National Association of Social Workers, (May 1996). Socijal Work, volume 41, Number 3.

42. Јакимовски, Ј., трудови подготвени на научен собир одржан на 18 -19 декември 2000 година, (јули 2001 ). Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување. Friedrich Ebert Stiftung-Институт за социолошки и политичко-правни истражувања: Скопје,Фондација "Фридрих Еберт " Канцеларија Скопје.

43. Јакимовски , Ј. и Петроски, А., Меѓународен научен собир Охрид , 17-18 јуни 1999 год, (април 2000). ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА И ПРЕДПОСТАВКИ ЗА НЕЈЗИНО НАМАЛУВАЊЕ. Friedrich Ebert Stiftung & Институт за Социолошки и политичко-Правни Истражувања-Скопје & Економски Институт Скопје. Скопје: Фондација " Фридрих Еберт ", Канцеларија Скопје.

44.Kirschner, J., (1976). Die Kunst ein Egoist zu sein. Locarno: Droemer Knaur Verlag,Schoeller Co.

45.Kempler, W., (1994).Načela obiteljske geštalt -terapija.Zagreb: NIP "Alineja".

46.Krstančič, A., (1982). Metoda i tehnika sovetodavnog rada . Zagreb: Zavod za socijalni rad i USIZ, Socijalna za{tita.

47.Lowell, S. Levin, McMahan, L. i Ziglio, E., (1994). "Economic change, social welfare and health in Europe, World Health Organizatio Regional office for Europe Copenhagen, ISBN 9289013184.

48.Leiht, R., Kelyjan, M, Koleva, S. i Valas, K. i Haerfer, K. Papers from a sociological conference in Bulgarija (3-7 June 1998). the Middle Class, As a Precondition of a Sustainable Society. Bistritsa – Sofia: AMCD.

49. Munday, B. (1998). The Old And The New changes in social care in central and eastern Europe, European Institute of Socijal Services Universiy of Kentat Canterbury and George Lane Essex Counrty Council and European Institute of Social Services University of Kent at Canterbury.

50.Matsushita, K. (1994). Мојата менаџерска филозофија. Open Society Instytute Macedonia, Македонска Организација за Квалитет и Стандардизација.

51.Milovanovič, J. Milorad, Paunovič, J. Milan, (1981).Uvod u metodiku socijalnog rada. Beograd: Viša škola socijalne radnike .

52.Milovanovič, M., Stakič, X., (1984). Metodika individualnog i grupnog socijalnog rada. Beograd.

53.МЕЃУНАРОДНА ГОДИНА НА СЕМЕЈСТВОТО , (1994). Семејството и инвалидитетот. Обединети Нации.

54. Научен Собир на Економски Институт-Скопје, Прилеп, 9 јуни 1998 г., (февруари 1999 год). Социјално-Пазарно или Пазарно Стопанство - Искуства на Германија и на Македонија, Реферати и дискусии. Фондација "Фридрих Еберт "- Канцеларија Скопје.

55.Нирберг, Џ,. (1995).Вештина на преговарањето. Скопје: Култура.

56.Nathan, G., (april 1990).Granice socijalne politike. Belgrad: Pregled, Ambasada na SAD, str. 33-40.

57.Нончев, И. (2000). Средна класа и социјалните трансформации во Бугарија, Софија: прво издание, подготовка и печат ИК Вањо Недков,

58. Noel, M. Tajči, (1994). Managing Strategic Change. Скопје: АГЕНЦИЈА СКАЈ.

59. Наневски, Б., Стојанова, В., Научен собир, 27 ноември 1997, (ноемвсри 1998). Социјалната сигурност на населението во Република Македонија во услови на транзиција - Реферати и дискусии, FRIEDRICH EBERT STIFTUNG & Економски институт -Скопје. Фондација "Фридрих Еберт" Канцеларија Скопје.

60.Orford, J. (1997). Communiti Psyhologi. England: Wiley.

61. Puljiz, V. (svibanj 1998). Kriza i reforme mirovinskih sustava (teza za raspravu), Saopštenje na stručnom skupu. Zagreb: Studiski centar socijalnog rada Pravnog fakulteta Sveučilište u Zagrebu, UDK 368, 914, godina 5, broj 2-3, ISSN 13302965.

62.Petrovič, M. Slobodan, (1992). Popularna psihologija. Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sredstava.

63.Pirson, B., наслов на оргиналот, Copyright, 1988 by Barrie Pearson, First published in 1988 by Mercury Books ISBN 1-85252-094-9, (1995). ВРЕМЕ НА УСПЕХОТ-со здрав разум.Скопје:Медијана.

64.Plut, D., Markovič, Lj., (1994). Konflikti i šta sa njima. Beograd: Kreativen centar.

65.Rot, N., (1972).Osnovi socijalne psihologije. Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sredstava.

66.Rot, N., (1978). Socijalna interakcija. Beograd.

67.Ружин, Н. (1994). Социјална политика. Скопје:Македонско радио Радио култура.

68.Ружин, Н. (1996), Европска идеја од утопија до реалност. Скопје Студентски збор.

69.Ружин, Н. (1999-а), Социјална држава во криза? Оделен отпечаток. Скопје: Годишен зборник на Филозофски Факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј " Скопје, Книга 26 (52).

70. Ружин, Н. (1999-б). Современа социјалдемократија. Скопје:Демократија.

71. Ружин, Н. (1999-ц), годишен Зборник - Скопје: Филозофски Факултет на Универзитет "Св. Кирил и Методиј "-Скопје, 26 (25), Волуме, ИССН 0350-1892.

72.Ружин , Н. (2001). ЕВРОПСКО СОЦИЈАЛНО ПРАВО. Скопје: Фондација "Фридрих Еберт ", Канцеларија Скопје.

73.Skot, Dr. Dil Volter, Hauard Dr.T. Delton, ( 1991). Kako uticati i na druge.Beograd: Grafičko atelje Dereta.

74. Службен весник на РМ, (52/1991). Устав на Р Македонија.

75.Смилевски, проф., д-р, Ц., главен уредник, наслов на оргиналотMastering Change :The Power of Mutual Trust and Respect in Personal Life, Family Life, Business and Society, Adiz es Institute Publications, Santa Monica,1991, (1994). Овладување со промените : Моќта на взаемната почит и доверба во личниот живот, семејниот живот , бизнисот и општеството.Превод од англиски јазик Георгиевска Фросина, Смилевски Здравко, Скопје : Центар за кадровски и информатички услуги ДЕТРА.

76. Steinfels, P. (mart - juni 1989). Između liberala I konzervativaca . Belgrad:Pregled, Ambasada SAD, str. 59-63.

77. Starr, P. (noemvri 1992). Za liberalizam . Belgrad:Pregled, Ambasada na SAD, broj 260, str. 37-43.

78. Scammon, M. Richard i Watenberg, J.Ben, (april-juni 1981). Da li je ovo kraj jedne ere?. Belgrad: Pregled, statijata e prevzemena od spisanieto "Publik Opinion ", Ambasada na SAD, str. 2-4.

79. Sutton C. (1994). Social Work, Communiti Work and Psyhology The British Psyhologikal Society .

80. Stuart, J. Mill, главен уредник Темков, К., Едиција EX LIBRIS, прво издание на една книга од Стјуарт, Ј. Милл на македонски јазик, под покровителство на Фондацијата за развој на цивилното општество и либералната демократија, (1996). Оргиналниот наслов и издавач на англиски гласи: Essay by Start, M., (1971). ON LIBERTY. London: Oxford University Press. Преводот на македонски гласи: За слободата.Скопје: ЕПОХА А.Д. Културно -издавачка агенција.

81. Силјановска, Г. Давкова, научен собир, (2000). За неусогласеноста на македонската локална самоуправа со Европската повелба за локална самоупрва.

82. Стојков, М. (1994). Економска мисла, Скопје: Економски факултет – Скопје, Агенција "Скај ".

83.Славевески, Т., (1995). Македонската економија во транзиција. Скопје: Издавач НИП "Експрес".

84.Brajša, P., Stakič, B., (1991). Interpersonalni aspekti timskog rada. Zagreb.

85.Трајковски, И., (1997). Граѓанско содружништво. Скопје: ГОЦМАР.

86.Трајкова, С., Верица, (1995).Психологија . Скопје: Универзитетска печатница " Св. Кирил и Методиј".

87. Charls, M., (april 1990). U potrazi za srecom. Pregled, Belgrad: Ambasada na SAD, str. 41-47.

88.Доневска, М. и Геровска, М., избор на текстови, (1999). Социјална политика и социјална работа, Скопје: Филозофски Факултет-Скопје.

89.Френсис, Ф., (1994). Крај на историјата и последниот човек? Скопје: КУЛТУРА.

90. Фалмер, М. Роберт, (1995), Новиот менаџмент, (прв и втор дел), Скопје: Агенција-Скај.

91.Филипов, Ѓ., (1995). ЗА МЕНАЏМЕНТОТ ДИРЕКТНО. Скопје: "БЕРИН"-Д.О.О., Јани Лукаровски, 5/1/32, тел/факс: (091) 225 574, 208 689.

92.Hepworth, H. Dean i Larsen, A. Jo, (1982). Direct Social Work Practice (The and Skills), both of the Graduate School of Social Work the University of Utah. Illinois: The Dorsey Press, Homewood.

93. Христова, Л., 30 септември 1997, Реферати и дискусии (јули 1998 ). Социјалната држава помеѓу концептот и практиката. FRIEDRICH EBERT STIFTUNG & ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО -ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА. Скопје: Фондација "ФРИДРИХ ЕБЕРТ" Канцеларија Скопје.

94. Чонева, Љ., Димитриевска, В., Петроски, А. и Новкоска, Б. Научен собир, (18-19 декември 2000 год), реферати и дискусии. Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје.

Филозофски факултет-Скопје, Институт за социјална политика и социјална работа-истражување за општествените вредности на граѓаните

**Анкетен прашалник за граѓаните**

## Преставување

Би сакале да Ве замолиме да ни одговорите на неколку прашања во рамки на анкетното истражување за општествените вредности на граѓаните. Во оваа истражување учествуваат повеќе граѓани од општината Кисела Вода, тоа е анонимно, а резултатите ќе се користат само во научни цели. До Вашето име дојдовме по случаен пат, учеството е сосема доброволно.

Од напред многу Ви благодариме за Вашето време и внимание.

**I. Прво, би ви поставиле неколку лични прашања**

1* **Пол** М. . . . . . . . . . 1

Ж. . . . . . . . . . 2

***Возраст** од 18- 27 г--------1

од 28-35 г--------2

од 36-45-г-----3

од 46-55 г --4--

од 56-65 г--------5

над 66 год-----6

***Образование (заокружете го редниот број)**

01. недозавршено основно образование
02. завршено основно образование
03. недозавршено средно училиште за занимања
04. завршено средно училиште за занимања
05. незавршено средно стручно (четиригодишно) училиште
06. завршено средно стручно (четиригодишно) училиште
07. незавршена гимназија
08. завршена гимназија
09. недозавршено факултетско (високо) или завршено вишо образование
10. универзитетско (факултетско) образование со диплома
11. специјалист во некоја област
12. магистер на науки
13. доктор на науки

*** Занимање (заокружете го редниот број)**

01. работоводител, директор (менаџер) во претпријатие со повеќе од 10 вработени

02. работодавател, директор (менаџер) во претпријатие со помалку од 10 вработени

03. стручњак, професионалец, службеник од висок степен (со високо образование)

04. службеник кој ги надгледува другите

05. службеник кој не ги надгледува другите

06. предработник и контролор

07. висококвалификуван работник (ВКВ)

08. квалификуван работник (КВ)

09. полуквалификуван и неквалификуван работник (ПКВ И НКВ)

10. индивидуален (самостоен) земјоделец

11. земјоделски (наемен) работник

12. член на вооружените (армиските) сили, припадник на полицијата

13. стечаен работник

14. досега не бил вработен

*** Материјален стандард (заокружете го редниот број)**

01. ниски материјални примања или без примања (социјална помош)

02. до 5000, 00ден. по семејство

03. 5001-10000, 00 по семејство

04. 10001-15000, 00 по семејство

05. 15001-20000, 00 по семејство

06. 20001-30000, 00 по семејство

07. 30001-40000, 00 по семејство

08. 40001-50000, 00 по семејство

09. 50001-60000, 00 по семејство

10. 60001-70000, 00 по семејство

11. 70001 и повеќе по семејство

***станбен стандард (заокружете го редниот број)**

01. до 25 м. кв. по семејство
02. 26-35 м. кв. по семејство
03. 36-45 м. кв. по семејство
04. 46-55 м. кв. по семејство
05. 56-65 м. кв. по семејство
06. 66-80 м. кв. по семејство
07. 81-100 м. кв. по семејство
08. 101-120 м. кв. по семејство
09. 121-160 м. кв. по семејство
10. 161-200 м. кв. по семејство
11. над 200 м. кв. по семејство

*** културен стандард- посетува концерт, кино, театар и библиотеки, (заокружете го редниот број)**

01. често посетува
02. повремено
03. никогашш
04. без одговор

**<u>2. Живејалиште</u>**

-урбано.......................................................... 1

-рурално.......................................................... 2

-периферија (мешана населба) ..................................3

**I I. Сега би проследиле неколку содржински прашања**

**3. Што мислите што е најголем проблем во нашето општество денес? Ќе Ви посочиме шест/такви а Вие изберете три и рангирајте ги по тежина (1-2-3):**

- тоа што нема ред, дисциплина и поредок ______
- тоа што сите не се еднакви пред законот ______
- тоа што има големи материјални разлики (богатство и сиромаштво, вработеност и невработеност, луксуз и беда) ______
- тоа што некои работат а некои се

невработени и живејат на туѓа сметка ______

- тоа што државата не дејствува како што треба ______
- тоа што народот и луѓето ни се завидливи,

злобни, егоисти, слаби работници ______

**(анкетарот прво ги чита сите, а пото ги запишува одговорите по значење).**

**4. Што мислите кои се најголемите зла во нашето општество од следните ? (изберете и заокружете две такви најголеми зла).**

- сиромашштијата.................................... 1
- митото, корупцијата и привилегиите..................................... 2
- нееднаквоста пред законот.............................................. 3
- себичноста на луѓето.................................................... 4
- неодговорноста............................................................ 5
- приватните и лични интереси.......................................... 6
- незнаењето, непрофесионалноста........................................ 7
- користењето на политиката и

  функциите во лични цели.................................................. 8

-друго нешто, што?____________________

**5. Што мислите, врз основа на Вашето искуство, сеќавање или слушање дали поранешниот систем на социјализмот и самоуправување беше подобар или полош од денешниот систем кој го имаме?**

- многу подобар.............................................. 1
- подобар........................................................ 2
- ист..............................................................3
- полош.......................................................... 4
- многу полошо................................................ 5
- не можам да оценам........................................ 6

6. **Каво е Вашето мислење за почитување на следните вредности во нашето општество? (оценете го со оценки од 1 за многу се почитува, со 2 средно се почитува, со 3 не се почитува и со4 не знае – без мислење)**

| | **Многу се почитува** | **Средно** | **Не се почитува** | **Не знае, без одговор** |
|---|---|---|---|---|
| **1. слобода на личноста** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **2. слобода на трудот** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **3. слобода на сопственоста** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **4. слобода на творештвото** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **5. слобода на говорот** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **6. слобода на мислата** | 1 | 2 | 3 | 4 |

**7. Колку од аспект на правата на човекот, и достоинството на личноста се заштитени следните категории лица кај нас:**

| | многу | средно | малку |
|---|---|---|---|
| -работниците | 1 | 2 | 3 |
| - жените | 1 | 2 | 3 |
| - младината | 1 | 2 | 3 |
| -припадниците на малцинствата | 1 | 2 | 3 |
| -слепите, глувите и инвалидните лица | 1 | 2 | 3 |
| -децата | 1 | 2 | 3 |
| -сиромашните | 1 | 2 | 3 |
| -имотните граѓани | 1 | 2 | 3 |
| -државните и политичките функционери | 1 | 2 | 3 |

**8. Во што општеството повеќе треба да вложува одошто досега:**

| | повеќе - | исто - | помалку |
|---|---|---|---|
| - судство | 1 | 2 | 3 |
| - синдикат | 1 | 2 | 3 |
| - здарвствена заштита | 1 | 2 | 3 |
| - социјална заштита | 1 | 2 | 3 |
| - знаење и образование | 1 | 2 | 3 |
| - војска | 1 | 2 | 3 |
| - стопанство | 1 | 2 | 3 |
| - партија | 1 | 2 | 3 |
| - вработување | 1 | 2 | 3 |

**9. Ве молиме определете се за следните вредности, за кои сметате дека треба да се почитуваат и остваруваат во РМ (заокружи три најзначајни)**

- преквалификување, доквалификување на тие
што се без работа и школувани граѓани....... ........................1
- добри закони ................................... ........................ . 2
- слобода на поединецот .......................... .................. 3
- производство и пазар .................................. ...........4
- ефикасно државно раководство ....................... . ...........5
- секој да си ја гледа и извршув
својата работа ................................................ ....... ...6
- почит за Господ и верата .... .................... ....... . . ....... . . 7
- еднакви можности (за сите)......... . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**10. Што мислите каков вид на демократија и е потребен на Р. Македонија:**

-демократија за оние што знаат што е тоа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
-социјална демократија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ... . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
-демократија за обичниот човекот.... . . . . . . . . . . . . . . . . .... . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

**11. Што мислите, кој треба да води грижа за уредувањето, заштитата, унапредувањето на животната средина и на природата :**

01. Самите граѓани
02. Претставниците кои се избрани на локално ниво
03. Државата
04. Фабриките-компаниите да имаат поголема еколошка свест
05. Сите заедно
06. Други кои _______________

**12. Што мислите, кој најмногу има влијание во донесувањето на законите за здравствена и социјална заштита, за вработување и правата за пензиско - инвалидско осигурување во Р Македонија ?**

- Владата........................................................1
- Партиите...................................................... 2
- Пратениците................................................. 3
- Преставниците во општинските совети................ 4
- Сите заедно........................................... 5
- И други кои ?________________________________

**13. Ви наведувме неколку категории на лица во нашата заедница, кои државата треба да ги заштитува материјално-социјално, заокружете три за кои мислите дека се во најголема нужда:**

01. Невработени
02. Пензионери
03. Земјоделци
04. Ниско платени работници
05. Ниско платени службеници
06. Самохрани родители
07. Повеќечлени семејства
08. Зависници од дрога, алхохол и др.
09. Деца без соодветна грижа

**14. Кое е за Вас најисправно решение-за згрижување на социјалните случаи (заокружете три такви):**

01. Повисоки износи на социјални давачки
02. Изградба на народни кујни
03. Ослободување од плаќање на комуналии на социјално загрозените
04. Отварање на работни места за социјалните случаи
05. Изградба на социјални станови
06. И друго што?____________________